РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

# УЛОГАТА НА ДИПЛОМАТИЈАТА ВО СПРАВУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

-Магистерски труд-

Ментор:

Доц. д-р Тања Милошевска

Кандидат:

Стојановски Слободан

Скопје, 2017 година

**На моето семејство...**

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД.....5
- 1.1. Формулирање на проблемот на истражувањето.....9
- 1.2. Предмет на истражување.....12
- 1.3. Цели и задачи на истражувањето.....15
- 1.4. Основна хипотетичка рамка.....17

2. ДИПЛОМАТИЈА.....19
- 2.1. Дипломатски односи.....21
  - 2.1.1. Поим за дипломатско право.....21
- 2.2. Виенска конвенција за дипломатски односи.....21
  - 2.2.1.Воспоставување на дипломатски односи и состав на дипломатски мисии.....22
  - 2.2.2.Функции на дипломатски мисии.....24
- 2.3. Привилегии и имунитети.....28
- 2.4. Развој на дипломатска пракса.....30
- 2.5. Поим и значење на јавната дипломатија.....33
- 2.6. Дипломатијата и безбедноста.....41
- 2.7. Улога на информатичкиот и технолошкиот напредок во дејствувањето на дипломатиите во малите држави.....47

3. РАЗУЗНАВАЊЕТО КАКО АЛАТКА НА ДИПЛОМАТИЈАТА.....52
- 3.1. Процес на разузнавање.....53
- 3.2. Разузнавачки циклус.....54
- 3.3. Улогата на разузнавањето во спречувањето на тероризмот.....56
- 3.4. Значењето на разузнавањето за меѓународната безбедност.....60

4. СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ДИПЛОМАТИЈАТА.....63
- 4.1. Поим за тероризам и негово дефинирање.....63
- 4.2. Карактеристики на современиот тероризам.....65

4.3. Меѓународен тероризам....................68
4.4. Видови на преговори....................72
4.5. Преговарањето и тероризмот....................75
4.6. Употреба на вештините на преговарање во справување на современиот тероризам....................81

5. УЛОГАТА НА ДИПЛОМАТИЈАТА ВО СПРАВУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ....................88
5.1. Дипломатијата како мерка за справување на современиот тероризам....................91
5.2. Дипломатијата и преговарањето....................92
5.3. Цели и техники на дипломатско преговарање....................97
5.3.1. Фактори кои влијаат на дипломатските преговори....................101
5.4. Дипломатски пристап за решавање на проблемите кои произлегуваат од тероризмот....................104
5.5 Јавната дипломатија на САД во борбата против тероризмот....................107

6. ЗАКЛУЧОК....................116

7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....................124

# 1. ВОВЕД

По нападите на Светскиот Трговски Центар и Пентагон во Септември 2001-та, многу работи се сменија во светот. Тие напади најмногу влијаеа на промена на начинот на организирање на безбедносните структури во државите насекаде низ светот. Тој настан, кој го потресе целиот свет и остро беше критикуван скоро од сите држави низ светот, докажа дека САД дека не беа подготвени за справување со ваков тип на закани, односно, дека тоа е нешто ново за нив. Слабостите кои тогаш беа откриени во безбедносниот систем на САД, требаа итно да бидат отстранети за да не се случат повторно такви немили настани.

Бројот на жртвите од тој немил настан иницираше енормни промени во безбедносниот систем на САД, а и во останатите земји низ светот, затоа што беа изненадени бројни државни системи од тоа како една моќна светска сила како САД да добие таков низок удар од една терористичка организација.

Иако пред тоа, според подоцнежните испитувања, безбедносните системи на моќните држави почнале да ја согледуваат моќта на ваквите терористички организации и да прогнозираат дека ќе дојде време кога треба да се соочат со ваквиот тип на непријател многу брзо, сепак, истото се случи прекасно во САД. Големиот број на жртви иницираше државниот врв на САД и на нејзините коалициони партнери да реагираат веднаш и да започнат воени акции во Блискиот Исток, се со цел да го елиминираат непријателот на туѓо тло, за да не случат никогаш повеќе вакви настани на домашно, а и на тлото на останатите земји низ светот.

Современиот тероризам како појава почнал да се развива по завршувањето на Студената војна. Со самото негово развивање дошло и до развој на технологијата во општеството, што овозможило да се унапредат тактиките и можностите на терористите, со што се повеќе им се олеснил начинот на остварување на својата крајна цел, предизвикување на максимално непријатно чуство кај противничкото население, всадување на страв за нивната безбедност и постојано демнеење на опасност во нивните дворови. По завршување на Студената војна, државите низ светот зачекориле во нова сфера на живеење, каде доминантна сила претставувала САД, заедно со останатите нејзини земји партнери. Светот претставувал место каде немало повеќе ризик од големи светски војни со енормни загуби. Сепак, тогаш се појавиле неконвенционалните закани од типот на современиот тероризам.

Нападите од 2001-та поттикнале детални промени во безбедносните системи низ светот. Дошло до трансформација на безбедносните системи од самата срж на нивните примарни задачи и примарни структурни цели на функционирање. Со напредокот на технологијата се овозможило напредок на нивните системи за предвремно откривање на заканите кои демнеат кон државите насекаде низ светот, со што значително се олеснила работата на нивните лидери во изнаоѓање на најдоброто решение за неутрализирање на одредени цели и за донесување на правилни одлуки за своите држави.

Освен тоа, напредокот овозможил понапредно и понавремено реагирање на безбедносните служби во склоп на државите од каде се, за откривање на потенцијалните закани најчесто на туѓо тло, се со цел да нема нарушување на безбедноста на своите граѓани на домашно тло. Гледано од овој аспект, првобитната причина со која САД посегнаа по непријателот на туѓо тло претставуваше точно оваа причина, за да не се нарушува мирот на своите граѓани и за да се неутрализира непријателот далеку од домашната територија.

Најголеми промени се почуствувале во разузнавачките служби кои се наоѓаат во склоп на безбедносните системи на државите насекаде низ светот. Самото тоа дека истите не ги откриле заканите кои демнееле пред 9/11 во 2001-та година, посочува дека не биле доволно подготвени и спремни за реагирање. Со оглед на развојот на информатичката технологија по завршување на Студената војна, се овозможило унапредување на начините на функционирање на разузнавачките служби, без разлика дали се воени или цивилни. Се овозможило понапредно функционирање на истите и унапредување на начините на доаѓање до информациите.

Така, аналогно на тоа, не се сведувало се на теренските агенти кои морале да дојдат до одредена информација лично и со одредени методи да ја извлечат информацијата од нивните цели и таргети, туку сега со одредени уреди се доаѓа до информацијата на побрз и побезбеден начин. Освен тоа, се посветило внимание и на ширење на разузнавачките мрежи и во земјите во кои до тогаш не биле застапени. Тоа се случило најмногу поради немањето на информации од тие реони, од кои делумно и потекнувале современите закани.

Битно е да се истакне и иницираната соработка помеѓу безбедносните и разузнавачките служби низ светот, со што се олеснила значително работата на нивните оперативци, при размената на информации од битен аспект за една страна, се овозможува полесно решавање со одреден проблем на одредена држава. Како и да е,

многу е значаен фактот што поради напредокот на технологијата и информатичкото општество не профитирале само терористите, туку и државите и нивните служби, па терористичките закани се повеќе се решаваат предвремено и на начин на кој истите нема да предизвикаат страв кај локалното население.

Разузнавањето како алатка на решавање на терористичките закани, користена од страна на државните системи претставува примарен елемент во зачувувањето на безбедноста во државата. Со развиена и напредна разузнавачка служба, нема закана која нема навремено да биде откриена и решена. Навременото и правилното искористување на информациите кои им ги овозможуваат разузнавачките агенции на државите врвови, помагаат во брзо изнаоѓање на најправилното решение и експресно решавање на потенцијалната закана кон безбедноста на својата држава. Затоа, треба да се истакне дека многу е битно да се вложува во разузнавачките агенции на државите, затоа што тие се приматот на безбедноста во државата и тие најмногу се значајни во предвременото откривање на потенцијалните закани.

Современиот тероризам со својата појава поттикна и развој на меѓубројни билатерални и мултилатерални договори помеѓу државите низ светот. Примарната причина за овој потег претставувало тоа што сите закани со заедничка реакција може да се неутрализираат без никаков проблем. Како алатка која ќе овозможи ваква комуникација помеѓу државите претставува дипломатијата. Дипломатијата својата основна цел ја исполнува преку одржување на постојаната комуникација помеѓу државите, со што ги одржува релациите на потребно ниво и ги решава дадените задачи од земјата од каде потекнува. Дипломатските активности се неопходни во функционирањето на активностите на државата надвор од своите граници.

Освен за развивање на добрососедски односи, на склучување на билатерални или мултилатерални договори, овие активности служат и како продолжена рака на безбедносните системи во добивањето на одредени информации од значајна природа за една држава. Дипломатијата во координација со разузнавачките активности, може да придонесе до решавање на закани, проблеми и случаи од најразлични природи, со што најбитното односно безбедноста на своите граѓани ќе биде зачувана и одржана. Со употреба на дипломатските активности во современото општество, се решаваат проблеми уште пред истите да бидат истакнати во јавноста. Со изнаоѓање на решение кое ќе биде погодно за двете страни се овозможува напредок на првобитната соработка помеѓу државите и соработка на ниво на неутрализирање на сите закани.

Современиот тероризам како појава иницира беспрекорна соработка помеѓу државите на сите нивоа од општественото функционирање. Особено треба да се посвети внимание на дипломатското решавање на проблемите кои ги предизвикуваат терористичките организации, со што на мирен начин ќе се изнајде безболно решение. Постојаната соработка на ниво на дипломатија – разузнавање мора да биде основа на надворешните активности кои ги извршуваат државните службеници на своите држави, за да постојано истите бидат во тек со сите настани и да можат навремено да ги изнајдат информациите кои им се потребни на донесувачите на одлуки назад во своите држави. Дипломатските активности во корелација со разузнавачките активности се најзначаен аспект и најзначаен актер во справувањето со современиот тероризам. Со нивна навремена координација навремено ќе се спречат сите закани по безбедноста на граѓаните на сите држави насекаде низ светот.

Затоа битно е да се согледа значењето на оваа врска во функционирањето на државните системи насекаде низ светот. Оваа корелација треба да биде основа на секој државен систем, особено во системите на слабите и не толку моќни држави затоа што нивниот напредок не може да биде загарантиран без оваа врска во овозможување на нејзината безбедност.

Во понатамошниот дел од трудот ќе осврнам внимание на тоа колку е значајна улогата на дипломатијата и разузнавањето во справувањето со современиот тероризам, на тоа каква улога играат овие два сегменти од државните системи низ светот и за тоа колку е полезно нивното правовремено координирање при донесувањето на битни одлуки од страна на државните врвови на современите држави.

## 1.1 ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Тероризмот како појава претставува безбедносен проблем на современите држави. Секоја држава тежнее да креира безбедно место за живеење на својот народ, а тероризмот, од друга страна, тежнее да креира состојба во која народот ќе живее во страв за подобра иднина и за подобро утре. Државните механизми со кои секој систем располага, служат за овозможување на бараната безбедност од граѓаните. Постоењето на тие механизми е од самото креирање на државите како системи, а со развојот на државите, се развивале и механизмите за овозможување на мирен живот на граѓаните. Самиот развој на општеството иницира развој на државните механизми за безбедност во државата, а од друга страна аналогно со развојот на општеството, доаѓа и до развој на методите и тактиките на терористичките групи, предводници на остварување на терористичките цели. Според ова, целокупниот развој на општеството има позитивни и негативни страни.

Државите низ светот сè почесто доаѓаат во допир со суровоста на тероризмот како појава. Сé помала е можноста да се предвиди која е следната цел на терористичките организации и на кој начин планираат да ја исполнат својата цел. Од државните механизми се бара, на било каков можен начин, да успеат да ја пресретнат намерата на терористите и да спречат било какво нарушување на безбедноста на граѓаните. Тие, како институционални инструменти за сигурност на граѓаните должни се да ги исполнат барањата кои им се дадени од државниот врв. Како такви, самите се должни да дојдат до степен во кој нема да им биде проблем да го спречат тероризмот како појава. Меѓу државните механизми кои служат за обезбедување на сигурноста на граѓаните освен безбедносниот сектор, можеме да ги вброиме и дипломатските активности на државата.

Справувањето на тероризмот бара мултидимензионален пристап кон сите видови на теоризам, главно преку колективни напори на глобалната заедница. Сите цивилизирани општества мора да ги искористат своите дипломатски, информациони, воени и економски способности, за да ги поразат терористичките организации насекаде, да ги одвратат државните и недржавните финансирања на терористичките организации и да ги уништат основните причини за тероризмот.

Преку нив, на начин различен од употребата на сила, преку одредени принципи

на дипломатските активности, ќе дојде до остварување на одредени цели за период кој може ќе биде значително поефективен од оној при употребата на сила. Сé почеста е употребата, но и влијанието на дипломатскиот кор на државите во справувањето со ваквиот тип на закани, најмногу поради начинот на кој се доаѓа до компромис при ваквите активности. Самото тоа доведува до момент на сé поголема застапеност и вмешаност на дипломатијата како државен механизам за остварување на целите на државата и државниот врв.

Преку своите методи на работење дипломатските преставници овозможуваат пристап до информации за одредени активности кои можат да предизвикаат нарушување на безбедноста на државата, најчесто преку разузнавачки информации, и со нивно навремено искористување, овозможуваат на безбедносниот сектор да реагира навремено. Улогата на дипломатските претставништва е се позастапена во меѓународните корелации меѓу државите, најмногу заради меѓусебни договори, но и за размена на информации кои можеби се од битен аспект за државите кои ги претставуваат.

Така, дипломатската активност треба сé почесто да има примарна улога во разрешувањето на одредени конфликти, или пак превенирањето на истите, затоа што само преку дипломатските активности може да се овозможи доаѓање до взаемно решение без употреба на сила или вооружени средства. Преговарањето претставува еден комуникациски процес применлив во многу официјални и неофицијални прилики користен поради унапредување на односите меѓу субјектот и преговорите. Со нив се најавува крај на судирите и започнување на соработка. Преговарањето претставува основно средство на дипломатијата и други начини на мирно решавање на судирите и конфликтите.

Одговорот на државите на терористичкиот предизвик во новото опкружување мора да биде модернизирано и мора да го вклучи политичкиот и дипломатскиот пристап за креирање на нови коалиции со големите маргинализирани социјални, етнички, верски и расни групи. Преку креирање на коалции со маргинализираните групи и отварање на нови визии и можности преку вклучување на овие групи во процесот на економска глобализација и модернизација со поголем степен на социјална правда и демократија, државата ќе биде во можност да ја елиминира легитимноста на терористичките групи и на тој начин да ја елиминира нивната голема општествена моќ кои тие ја црпат од тешката економска, социјална и политичка положба на големите маргинализирани општествени заедници. Без елиминација на оваа легитимност

политичкиот кредибилитет на терористичката мрежа не може да биде разорен, ниту терористичката мрежа може да биде елиминирана.

Со дипломатијата може да се занимаваат и службеници од многу други министерства или агенции со нивните странски партнери, одразувајќи ја нејзината техничка содржина, функционери од различни меѓународни организации како што се Меѓународниот монетарен фонд и Секретаријатот на обединетите нации, или во неа да се инволвираат странски корпорации и владата домаќин.

Главна задача на дипломатите е претставување на својата држава пред странски држави и меѓународни организации, остварувајќи ги поставените интереси и цели. Зависно од интересите и целите коишто може да бидат различни се одредуваат и надворешно политичките приоритети на дипломатското дејствување. Дипломатското дејствување претставува динамичен процес со широка лепеза активности чиишто приоритети се менуваат во согласност со промените на внатрешната и меѓународната политика. Наведените дејства на дипломатијата пред се треба да бидат во функција на темелните вредности на меѓународните односи како што се решавањето на меѓународните проблеми по мирен пат, развивање на меѓународната соработка, јакнење на демократијата, како и почитување на меѓународното право.

Со оглед на фактот дека глобалната дипломатска сцена доживува секојдневни промени неизбежно е соодветното приспособување на дипломатскиот персонал кон новонастаната ситуација заради успешо етаблирање на државата во меѓународната заедница.

Меѓутоа, меѓународната заедница за да може успешно да формира коалиција со овие значајни фактори на меѓународните односи, неопходно е поголемо разбирање на политичките, економските и културните структури на периферните заедници, нивното чувство на беспомошност и пониженост во новиот светски поредок, што бара донесување на нова антитерористичка доктрина и нова стратегија за борба против глобалниот тероризам, кои не би се сведувале исклучително само на преземање на воени и полициски мерки.

Со други зборови, постои потреба за дипломатски активности во контекст на справувањето на тероризмот. Ова особено се однесува за нестабилни средини и држави кои не применуваат власт или пак контрола на својата територија.

## 1.2 ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Тероризмот како појава од самите почетоци па се до денешницата се има развиено до ниво на кое се рефлектира надвор од државните граници. Како феномен на денешницата, сè почесто е причина за испитување на подготвеноста на безбедносните системи на државите за справување со терористичките акции подготвувани од членовите на овие организации. Предмет на моето истражување ќе биде улогата на дипломатијата во спротивставување на современиот тероризам, а притоа освен улогата ќе биде анализирано и значењето и влијанието кое ја има дипломатијата за безбедноста на државно ниво.

Дополнително ќе биде истражувано разузнавањето како процес и битен сегмент од секој безбедносен систем, детално ќе се разработат сите видови на дипломатија, како и ќе се даде целосна слика за тоа како треба безбедносниот систем да се справи со тероризмот со помош на претходно наведените државни механизми. Одреден дел од истражувањето ќе посвети внимание и на улогата на разузнавачките служби во процесот на заштита на државите од терористичките акции, како тие се вметнати во државните системи и на кој начин даваат придонес во безбедноста на државата.

Проблемот со тероризмот е глобален, комплексен, хибриден и тешко разрешлив, дополнително на ова е тоа што тој мошне брзо добива критични димензии и се шири незабележително и анонимно (безлично) низ целиот простор каде што живеат луѓе.

Дефинирањето на предметот на истражување ќе се изведе постапно од причини што предметот во себе содржи и потпредмети, односно поими кои ќе помогнат за комплетно појмовно операционализирање на проблемот. Од аспект на моето истражување ќе ги објаснам следниве поими:

Тероризам

Тероризам е организирана примена на насилство (или закана со насилство) од страна на политички мотивирани извршители, кои се одлучни со помош на страв, дефетизам, паника, вознемиреност да ја наметнат својата волја на органите на власта и граѓаните. Политичкиот момент на тероризмот се согледува во дефиницијата во која тероризмот претставува тип на политички злочин (средство) каде со примена на

насилство може да се оствари промена или систематско убивање, разорување или закана со убивање за да се остварат одредени барања.[1] Тероризмот се прикажува како акт на физичко насилство со цел да предизвика силни психолошки реакции, во прв ред страв кај поширокиот дел на населението се со цел да придонесе кон одредени промени битни за постигнување на политичката цел.[2]

Дипломатија

Дипломатијата претставува вкупна надворешна политичка активност на една држава во однос на меѓународната заедница во целина или поедини нејзини елементи во форма на мирен начин за стекнување моќ. Најважни и најкомплексни дипломатски преговори се водат на мировните конференции по завршетокот на вооружените конфликти. Тие се решаваат преку мировни договори кој што резултираат со нови политички мапи на цели континенти и региони со промена на граници, настанување на една или повеќе суверени држави итн.

Според Berridge, дипломатијата претставува меѓународни односи повеќе со преговори отколку со сила, пропаганда или примена на правото.[3]

Според Barston, дипломатијата е поврзана со менаџерскиот однос помеѓу две држави, како и помеѓу државата и другите актери, којшто се однесува на советување, вообличување и спороведување надворешна политика.[4]

Дипломатијата претставува поврзувачко ткиво кое ги обединува сите антитерористички мерки во една целосна, компактна и поврзана целина. Според Виенската конвенција од 1961 година дипломатијата ги има следниве функции: претставување, заштита, известување, пропагирање и преговарање.[5]

Преговарање

Преговарањето претставува комуникациски процес применлив во официјални и неофицијални околности, користен поради унапредување на односите меѓу субјектите и преговорите. Со преговорите започнува крајот на судирите и се означува започнување на соработката. Преговарањето претставува основно средство на

---

[1] Paul Wilkinson 'Why Modern Terrorism? Differentiating types and distinguishing ideological motivations' in Charles W. Kegley Jr. (eds.) *The New Global Terrorism: Characteristics, Causes, Controls* (USA: Pearson Education, 2003

[2] Воин Димитриевиќ, Преговарање и тероризам, Београд, 2009.

[3] Geoff Berridge, Diplomacy, „Theory and Practice," London-New York-Munich, 1995.

[4] Ronald Peter Barston, Modern Diplomacy, London, 1996.

[5] Vienna Convention on Diplomatic Relations, 18 April 1961, United Nation, Treaty Series, Vol. 500, 1961.

дипломатијата и други начини на мирно решавање на судирите и конфликтите. Стратегијата на преговарање како вештина може да се користи во различни ситуации.[6]

Дипломатското преговарање е најизразено во меѓународните односи. Современата меѓународна заедница е составена од голем број на субјекти на меѓународното право и меѓународните односи, каде секој од нив е носител на некој свој интерес кој е понекогаш спротивен во однос на интересот на другиот субјект. Кога меѓународната заедница не е во состојба да ги отстрани причините за спротивните интереси тогаш настанува спор кој може да се реши на два начина: или преку сила или по мирен пат. Според меѓународното право во насилни средства спаѓаат репресалиите и војна, додека во мирни средства спаѓаат дипломатските преговори и судски средства.[7]

Разузнавање

Разузнавање претставува процес на организирано собирање и обработка на податоци и информации за потенцијалниот противник и неговите способности и намери. Тоа е термин зад кој стои организирана државна структура која се занимава со конспиративна дејност на собирање и обработка на тајни.[8]

Разузнавачка дејност-собирање, анализа и проценка на разузнавачките податоци и информации за другите држави, нивните воени и економски потенцијали, политичка состојба, како и откривање на намерите на другите држави, преку следење на тајната дипломатија, научните откритија и други податоци од витален интерес.

Разузнавачката дејност е главна содржина на работата и резултат на примарната функција на разузнавачката служба, а се спроведува со примена на специфични разузнавачки методи и постапки.[9]

Безбедносниот сектор ги опфаќа оние владини институции кои имаат овластувања да употребат или да наредат употреба на сила, присила или да лишат од слобода, тука се и институциите кои имаат надлежност да ја заштитат државата и

[6] Воин Димитриевиќ, Преговарање и тероризам, Белград, 2009
[7] Методија Дојчиновски и Фердинанд Оџаков, Разузнавачки операции и асиметрични закани, Соларис Принт, Скопје, 2010
[8] Милан Милошевић , *Војни информатор*, Војноиздавачки и новински центар, Белград 1999
[9] МиланМилошевић, *Војни информатор*, Војноиздавачки и новински центар, Белград1999, број 6

нејзините граѓани, како и цивилните структури кои се задолжени за надгледување, контрола и менаџмент со безбедносниот сектор. Освен политичките институции, дефиницијата ги опфаќа и воените и паравоените структури, разузнавачките институции, полицијата, пограничните структури, царината, судскиот и казнениот систем, како и парламентот, судскиот и административниот менаџмент и надзор над овие структури.[10]

Безбедност

Безбедноста е состојба на отсуство на закани. Може да говориме за индивидуална, национална, меѓународна, глобална итн. Во современи рамки акцент е ставен на глобалната безбедност во кој е и вметнат современиот концепт на индивидуална безбедност. Приоритетот на глобалната безбедност е безбедност и мир во глобалната-меѓународната заедница. На врвот на листата на закани по глобалната безбедност е современиот меѓународен тероризам. Во справување со тероризмот денес државите ги користат средствата за присила (вооружените сили) во вид на мултинационални операции предводени најмногу од НАТО или ООН. Современиот концепт на безбедност е содржински променет и проширен во однос на традиционалниот концепт за безбедност кој ја подразбираше безбедноста како отсуство на воени закани. Современиот концепт е повеќедимензионален па така тој ја опфаќа не само воената туку и политичката, економската, еколошката, социјалната и безбедносната сфера.

## 1.3 ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Конкретно, ова истражување има за цел да даде придонес во објаснувањето за значењето и важноста на улогата на дипломатијата во справување на современиот тероризам.

Истражувањето, за улогата на дипломатијата во справување на современиот тероризам има *основна, научна и практична* цел.

*Основна цел*

[10] Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008.

Основната цел на ова истражување е да се добијат теоретски и емпириски сознанија за улогата на дипломатијата во справување на современиот тероризам. Сите овие сознанија би требало да ги заинтригираат големиот број на институции кои на некој начин се засегнати со оваа проблематика, но не само да ги заинтригираат туку и да ги поттикнат и им помогнат во нивниот делокруг на работење со внесување на нови знаења и искуства здобиени преку имплементација на сознанија од ова истражување.

*Научна цел*

Научната цел на ова истражување е да се изврши научна дескрипција и научно објаснување на улогата на дипломатијата во справување на современиот тероризам.

*Практична цел*

Како практичната цел на ова истражување се јавува обезбедувањето на основни сознанија со кои се увиди и процени не само улогата туку и значењето, важноста, влијанието и резултатите на дипломатијата во спротивставување на современиот тероризам. Нивната неопходност само ќе помогне во изградбата, унапредувањето и менувањето на политика, стратегија за превентивно антитерористичко дејствување. Ова е се потребно, првенствено од причина што тероризмот неможе да се искорени, но мора да се држи под контрола. За да се држи под контрола државите мора да применуваат превентивни антитерористички мерки. Овие мерки се првиот столб во одбраната, тие претставуваат прва одбранбена линија. Доколку таа е слаба, задачата на останатите антитерористички мерки е отежната. Од друга страна пак, резултатите на самото истражување треба да иницираат и поттикнат изработка на трудови, пишување и објавување на стручна литература на ова поле, како и дискутирање на конференции за проблематиката што ја опфаќа ова истражување. Секако тука може да се вметне и охрабрувањето за објава на други научни истражувања кои делумно или целосно се занимаваат со оваа тематика.

Врз основа на поставените цели ќе произлезат следниве *задачи* :

- да се согледа улогата на дипломатијата во справување на современиот тероризам;
- да се утврди успешноста на вештината на преговарање во справување на современиот тероризам;

- да се согледа неопходноста на дејствувањето на безбедносниот сектор во антитерористичкото превентивно дејствување;
- да се согледа значењето на дипломатијата во антитерористичкото превентивно дејствување;
- да се согледаат резултатите од работењето на дипломатските активности во антитерористичкото превентивно дејствување;
- да се согледа влијанието на дипломатијата во справување со тероризмот со сите негови позитивни и негативни страни;
- да се согледа нивото на соработка и координација на различните системи од безбедносниот сектор во превентивното антитерористичкото дејствување;
- да се согледа дали со успешно дипломатско делување, ќе се придонесе кон зацврстување на безбедноста на национално, регионално и меѓународно ниво.

## 1.4 ОСНОВНА ХИПОТЕТИЧКА РАМКА

Врз основа на општиот пристап на проблемот за тероризмот и дипломатијата и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување ќе ја поставам следнава општа хипотеза:

Успешното справување на современиот тероризам во значајна мера зависи од ефикасноста на дипломатските активности.

Покрај општата хипотеза ги поставуваме и следниве посебни хипотези:

-Дипломатските антитерористички мерки се насочени кон спречување на терористичките организации да учествуваат во масовни движења кои донесуваат одредени политички промени.

-Со помош на дипломатските мерки и активности се намалува влијанието на терористичката организација.

-Со методите на дипломатијата се врши дипломатски притисок врз државите и другите спонзори на терористички организации (преку повлекување на дипломатскиот персонал од држави кои финансиски или морално даваат поддршка на тероризмот, прекинување на дипломатските односи со овие земји, итн.).

-Дипломатијата има улога во давање на делумна или условна амнестија на

припадниците на одредени терористички движења кои се на граница со т.н. ослободителни движења.

-Дипломатијата има значајна улога во антитерористичките активности, преку договарање, преговарање или посредување со цел, изнаоѓање на антитерористичко решение по мирен пат.

-Доколку нема ефикасна дипломатија, антитерористичките мерки и активности се разединети и неповрзани а последователно и неефикасни.

-Дипломатијата како интелектуална активност мора да биде заснована на непрестајно собирање и процесирање на информации, нивна анализа и донесување на одлуки.

-За успешно да се спроведува функцијата на преговарање мора да се имаат проверени и точни информации кои укажуваат на постоење или непостоење на евентуална опасност.

-Примената на соодветни методи, техники и стратегии на преговарање ќе придонесат кон поголеми шанси во справување на современиот тероризам.

-Успешното преговарање со терористите зависи од видот на терористичката организација, односно од идеологијата и целите.

-Доколку дипломатијата е адекватно и вешто водена, претставува централен субјект кој сите антитерористички мерки ќе ги обединува во компактна и поврзана целина.

## 2. ДИПЛОМАТИЈА

Надворешната политика на една држава претставува продолжување на политиката на одредена држава надвор од нејзините граници, која се реализира како активност организирана на органите на државата кои делуваат како извршители на дејства на надворешно – политичко дејствување и одлучување на зададени одлуки од своите државни органи.

Дипломатијата претставува една од најзастапените алатки употребувани од страна на државните органи на скоро сите држави низ светот, со чија употреба ќе дојде до исполнување на надворешните политики на државата која раководи со истите. Како примарна цел на дипломатијата како алатка претставува креирање и промовирање на одредена слика или зададена перцепција за државата, промовирање на одредени вредности, идеи или претстави врз основа на докази и факти. Ако една држава сака да има просперитет, да претставува фактор со одредено влијание во својата околина (без оглед на својата големина), да биде самостоен креатор на својата иднина, истата мора да има силна дипломатија.

Под силна дипломатија се подразбира развиена дипломатска активност насекаде низ светот, а најмногу во соседните држави. Дипломатската активност не треба да сопре во ниту еден момент од функционирањето на државните органи. Дипломатската активност претставува непрестана дејност која се работи постојано. Под постојано се подразбира влијание на дипломатијата и нејзинот продолжување по ист терк и во моменти кога државата е ослабната, и кога е стабилна и чекори по вистински пат. Со самото тоа, преку дипломатијата, со функционирањето на дипломатските органи по претходно зададените задачи, ќе си продолжи влијанието и остварувањето на надворешната политика на државата од каде се испратени истите.[11]

Целта на органите чија задача е извршување на дипломатски активности е постојано да ги извршуваат дадените задачи од органите на државата од каде се испратени, со неа надворешната политика на таа земја да го завземе вистинскиот пат и да функционира на начинот на кој е планиран. Со ефективна и развиена дипломатија, нема држава која нема да чекори беспрекорно кон својата иднина без проблеми. При ефективна дипломатија, државните органи навремено ќе ги согледаат сите проблеми кои делумно или повремено би ѝ наштетиле врз нејзиното нормално функционирање, и

[11] Тања Запрова Достинова & Љупчо Сотироски, Дипломатска организација дејност и професија, Штип, 2014, 29 стр.

со нивно неутрализирање ќе се олесни функционирањето на истата. Многу е битно да се спомене дека координираноста помеѓу државата и дипломатски органи кои дејствуваат во нејзино име надвор од нејзините граници, мора да функционира беспрекорно и целосно. Тоа е така за доброто на народот и државата, за да одлуките кои се донесени во домашните институции на власт, преку дипломатските органи координирано и навремено бидат реализирани преку дипломатските органи. Во спротивност, некоординираноста и неорганизираноста многу лошо ќе се одрази врз именувата држава.

Како битен фактор – врска помеѓу власта, односно водечката партија, и дипломатските претставништва низ светот, мора да се спомене Министерството за надворешни работи, како главен преносител на задачите кои им претстојат на дипломатските претставници на една држава. Преку „главниот дипломат" односно Министерот за надворешни работи, секоја држава јавно ги искажува своите намери за натамошниот тек на нејзината надворешна политика насочена кон одредени актуелни прашања, а и преку истиот ги координира работите и начинот на функционирање на дипломатските органи.

Од друга страна пак, концептите според кои ќе функционираат дипломатските претставништва, претходно утврдени на домашна територија, често можат да бидат сменети со други принципи на делување, најмногу поради секојдневното менување на политиките воглавно предводени од големите сили, како креатори на истите. Начините, методите, причините за промена на истите, се под постојан притисок за промена.

Тука многу е битна умешноста на дипломатските органи за неприметно сменување на теркот на нивното функционирање, се со цел да се продолжи нормалното делување на нивната надворешна политика, без додатни забелешки од домашната страна каде тие се присутни како дипломатски органи. [12]

[12] Владимир Ортаковски & Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, , Скопје, 2014, 235стр.

## 2.1 ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ

### 2.1.1 ПОИМ ЗА ДИПЛОМАТСКО ПРАВО

Дипломатијата како средство за одржување на односите на државата со другите субјекти на меѓународното право се менуваше низ вековите, но не го загуби своето значење, како во време на мир, така и во време на војна. Дипломатските односи се од голема важност за меѓународното право и меѓународните односи. Дипломатијата како институт се докажа како основен инструмент за ефикасна соработка во меѓународната заедница, како и за разбирање меѓу државите и решавање на нивните спорови со мирни средства, независно од нивните различни уставни и општествени системи. Промените во меѓународното општество имаа влијание врз дипломатијата и меѓу другото придонесоа за развој на нови форми на дипломатија. Така, денес се зборува за:

- постојана (размена, воспоставување на постојани дипломатски мисии) и привремена или ad hoc дипломатија;
- билатерална и мултилатерална дипломатија;

Во традиционална смисла, под дипломатско право се подразбира „збир на правила од меѓународното право кои ги регулираат дипломатските односи помеѓу државите.

Во досегашниот тек се постигнати значајни резултати во кодификацијата на дипломатското право. Усвоени се конвенции со коишто се регулираат дипломатските односи, конзуларните односи и специјалните мисии. Исто така, усвоена е Конвенцијата за спречување и казнување кривични дела против лицата под меѓународна заштита, вклучително и дипломатските агенти[13].

## 2.2 ВИЕНСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ

Виенската конвенција за дипломатски односи усвоена на 14 април 1961 година на Конференцијата на Обединетите Нации за дипломатски односи и имунитети одржана во Виена, Австрија е потпишана на 18 април истата година, а стапи во сила на 24 јуни 1964 година. Конвенцијата изврши кодификација и прогресивен развој на меѓународното право во делот на дипломатските односи и според експертите се етаблираше како камен темелник на современите меѓународни односи.

[13] Владимир Ортаковски & Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014, 246 стр.

Заклучно со Февруари 2017 година 191 држави се договорни странки на оваа конвенција, а праксата покажува висок степен на почитување на одредбите од конвенцијата од страна на државите. Виенската конвенција за дипломатски односи се состои од 53 члена и го регулира воспоставувањето, испраќањето на постојани дипломатски мисии, функциите и составот на дипломатските мисии, како и привилегиите и имунитетите неопходни за успешно извршување на функциите на дипломатските мисии. [14]

## 2.2.1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ И СОСТАВ НА ДИПЛОМАТСКИ МИСИИ

Согласно членот 2 од оваа Конвенција воспоставувањето на дипломатски односи помеѓу државите и испраќањето на постојани дипломатски мисии се врши врз основа на заемна согласност. Две независни држави што меѓусебно се признаваат можат да воспостават дипломатски односи врз основа на договор. Никој не спори со капацитетот на државата да воспоставува дипломатски односи, но тоа не подразбира и право на државата да воспоставува дипломатски односи, односно ниту една држава не е обврзана да одржува дипломатски или конзуларни односи со друга држава[15].

Една држава може да признава друга држава, но не мора и да воспостави дипломатски односи со неа. Воспоставувањето на дипломатски односи меѓу државите не мора да биде следено со испраќање на постојани мисии и во двете држави. Иако испраќањето, односно размената на постојани мисии е најефикасен начин на одржување на дипломатски односи меѓу државите, истите од различни причини не секогаш се одлучуваат за тоа и преферираат други методи за одржување на дипломатските односи. [16]

Дипломатската мисија ја сочинуваат:

- шефот на дипломатската мисија

[14] Владимир Ортаковски & Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014, 236 стр.
[15] Тања Запрова Достинова & Љупчо Сотироски, Дипломатска организација дејност и професија, (Штип, 2014, 70стр.
[16] Viena Convention on diplomatic relations, done at Viena on 18 April, United Nations, Treaty Series, p.95, 1961, достапно на: http://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_1_1961.pdf.

- членовите на персоналот на мисијата

Според Конвенцијата, шефовите на дипломатските мисии се делат на :

- амбасадори или нунции акредитирани кај шефовите на државите и други шефови на мисии од соодветен ранг
- пратеници, министри и интернунции, акредитирани кај шефовите на мисии и
- вршители на работи акредитирани кај министерот за надворешни работи

Класата на која ќе припаѓаат нивните шефови на дипломатски мисии државите ја одредуваат спогодбено. Различната класа на која ѝ припаѓаат шефовите на дипломатските мисии не значи и тоа дека треба да се прават разлики меѓу нив. Единствените разлики врз основа на нивната класа се разликите во однос на пресеансот и етикецијата. Според Конвенцијата, регулирано е и ситуација каде местото шеф на дипломатска мисија е празно или ако тој не може да ја врши функцијата.

Постапката за именување и акредитација на дипломатските агенти, како и различните модалитети на одржување на дипломатските односи што се објаснети во продолжените, исто така говорат во прилог на констатација дека согласноста на државите е во основата на дипломатските односи.[17]

Државата што сака да акредитира одредено лице во својство на шеф на дипломатска мисија мора да добие агреман од страна на државата во која се акредитира. Ако државата во која се дава акредитација одбие да даде согласност, таа не е обврзана да ѝ ги образложи причините за недавањето на согласност на другата држава[18].

Државата која акредитира не е должна да бара согласност од државата во која се акредитира дипломатската мисија за другите членови на мисијата со исклучок на воените, поморските и воздухопловните аташеа. Членовите на дипломатскиот персонал начелно мора да се државјани на државата која акредитира, но членовите на дипломатскиот персонал можат да бидат и државјани на државата во која се акредитира или државјани на некоја трета држава, само со согласност на државата во која се акредитира мисијата . Согласно Конвенцијата, една држава може да акредитира едно исто лице во својство на шеф на дипломатска мисија во повеќе од една држава, под услов да ги извести засегнатите држави во кои се акредитира и никоја од нив изречне да не се спротистави на тоа.

---

[17] Владимир Ортаковски & Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014, 237 стр.

[18] Тања Запрова Достинова & Љупчо Сотироски, Дипломатска организација дејност и професија, (Штип, 2014), 73стр.

Од друга страна, две или повеќе држави можат да акредитираат едно исто лице во својство на шеф на дипломатска мисија во одредена држава, освен ако на тоа не се спротистави таа држава.

### 2.2.2 ФУНКЦИИ НА ДИПЛОМАТСКИ МИСИИ

Според членот 3 од Конвенцијата, на еден општ начин се детерминирани функциите на дипломатската мисија и тоа:

1) претставување на државата која ја акредитира кај државата во која се акредитира;
2) заштита на интересите на државата која акредитира и на нејзини државјани во државата во која се акредитира, во рамки на границите дозволени во меѓународното право;
3) преговарање со владата на државата во која се акредитира;
4) информирање, со сите правно дозволени средства, за условите и развој на настаните во државата во која се акредитира и поднесување извештај за тоа на Владата која акредитира[19];
5) унапредување на пријателсите односи меѓу државата која акредитира и државата во која се акредитира, како и развој на економските, културните и научните односи меѓу овие држави[20].

**1) Претставување**

Претставувањето или репрезентацијата е генерички поим под кој може да се подведат сите останати функции на дипломатот[21]. Претставувањето е ремининсценција на функцијата на дипломатот во времето кога моќта на кралот била лична, и кога преку дипломатот се пресликувала таа моќ во странската држава. Ако порано дипломатот го претставувал владетелот, со демократизацијата на државите ваквиот концепт се напушта. Па така, во Конвенцијата од Хавана за дипломатски службеници од 1928 година, јасно се наведува дека ипломатските службеници ги претставуваат нови влади, а не претседателите на државите. На ваков став се и меѓународните правници, кои

19 Функции на дипломатска мисија, достапно на: ://pracownik.kul.pl/files/20504/public/functionsofadiplomaticmission.pdf Функции на дипломатска мисија
20 Владимир Ортаковски & Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, (Факултет за безбедност, Скопје, 2014), 240 стр.
21 Michael James & Langley Hardy, Modern dilomatic law, Manchester, The University Press, 1968, p.16.

сметаат дека шефот на дипломатската мисија ја претставува државата која го акредитирала него во друга држава.

Честопати потценета, или наивно минимизирана, функцијата на претставување се однесува на прашањето на престиж, и, во одредени случаи, невозможно е да ја одвоите од пропагандата. Функцијата на презентација е исклучиво важна и многу сензитивна. Личните капацитети на дипломатот, неговите конверзациони вештини, начинот на однесување, социјалните контакти остварени во државата на прием, се круцијални за неговиот успех како дипломат и за успешноста на надворешната политика на својата држава. Дипломатот поврзува две држави, неговата, и онаа каде работи. Со цел да успее во остварувањето на својата функција, дипломатот мора да ги култивира своите социјални контакти во државата на прием, со сите оние општествени структури (политичари, бирократи, интелектуалци, бизнисмени и воени лица) кои се важни за успешно репрезентирање на надворешно политичките цели на државата во која дејствува[22].

Потребата од претставувачката функција на дипломатот нараснува од невозможноста на шефот на државата да биде на повеќе места истовремено. Иако современите средства на комуникација ја минимизираа ваквата функција на резидентните амбасадори, за сметка на личната дипломатија и можноста претседателот на државата, премиерот или министерот за надворешни работи да биде претставен на церемонијалните настани, постојаните дипломатски претставништва остануваат траен потсетник за важноста и традициите на државата[23].

## 2) Преговарање

Исклучително важна техника на дипломатијата е преговарањето. Успешната дипломатија зависи од успешното преговарање. Дипломатското преговарање е исклучително важно како средство за барање мирно решние на споровите меѓу државите. Дипломатот функционира како специјалист во преговарачкиот процес. Уметноста на преговарањето бара од дипломатот способност да влијае на другите, да има моќ на убедување низ конверациските вештини што ги поседува, знаење за меѓународната политика, мудрост кога да се повлече, или да ги засили своите напори

[22] Марина Митревска, Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски Факултет, 2010.
[23] Geoff Berridge, Diplomacy, Theory and practice, London: Pallgrave, 2002, pp 117-118.

во преговарачкиот процес. Дипломатот мора да знае како да направи компромис, а притоа да не ги навреди националните интереси.

Вообичаено дипломатот има тројна улога во преговарачкиот процес: тајно пред договарање кое бара од него дискреција, постојаност, објективност, организациони способности, тактичност и знаење; асистирање на политичарите кога преговараат, што бара од него и стратегиски преглед на ситуацијата, политичка проценка и организациски вештини, преземање на одговорноста за проблемите кои нараснуваат во текот на имплементацијатана договорите постигнати во текот на преговарачкиот процес. Дипломатот во процесот на преговарање мора да биде способен за акција, да биде прагматичен, да има трпеливост и силни нерви да го изнесе процесот до крај[24]. Вистинскиот дипломат преговарач е човек од акција, кој врз основа на проценката на ситуацијата презема акција и оди напред[25]

Сепак, вклучувањето на резидентните амбасадори во преговарачкиот процес го намалува несаканиот публицитет што го следи секој специјално назначен преговарач, го анулира локалниот сентимент и предизвикот прерано да се затворат преговорите, или да се направи брза отстапка со цел да се запази рокот на специјалниот преговарач за неговото враќање во државата[26]

## 3) **Информирање**

Следната значајна функција на дипломатот е информирањето. Депешите кои резидентниот амбасадор ги испраќа до својата држава се сублимат на добиените информации за одредени прашања од билатерален интерес, ставени и анализирани во контексот на општествените, економските и политичките услови на државата на прием. Ваквите извештаи го детерминираат курсот на билатералните односи на државите. Она што ваквата функција на дипломатот ја прави особено интересна е се уште недефинираната граница помеѓу дипломатот и разузнавачот. Дипломатот кој има пристап до клучните политички актери и кој има познавања од политичкото миље на државата, од нејзината историја, може да продуцира извештаи за политичката

[24] Jan Melisen, Inovation in Diplomatic Practice (London, Macmillan Press, 1999) p.92.
[25] Alain Plantey, International Negotiation in the Twenty-First Century (New York: Routledge-Cavendish, 2007) p.482.
[26] Geoff Berridge, Diplomacy, Theory and Practice (New York: Palgrave, 2001) p.119.

ситуација што не можат да се најдат во медиумите и кои може да бидат сериозен инпут за која било подлабока политичка анализа[27].

Навременото предупредување за настаните во државата на прием бара соработка со разузнавачките агенции, координација, експертиза, проценка и политичка храброст[28]. Надгледувачката функција на дипломатот генерално е ставена настрана во дипломатските расправи. Ако информирањето има за цел да регенерира анализи за односите меѓу државите краткорочно или долгорочно, надгледувачката функција добива различни форми и главно се сведува на разузнавачко собирање на информации. Преведено од дипломатскиот речник тоа значи собирање на информации од отворени извори во државата на прием, како што се медиумите, телевизијата, радиото и слично. Другиот вид на надгледување значи следење на сите комуникациски извори на информации за ставовите, надворешно-политичките активности и идникациите за можни промени во политиката. Низ ваквата функција дипломатијата обезбедува информации и докази важни за креирање на надворешната политика и акцијата што треба да ги преземе државата на меѓународен план.

Промените во овој сегмент на дипломатските функции се се повидливи во однесувањето на големите сили денес. Така, традиционалната дипломатска фунцкија на информирањето е комбинирана, а во некои случаи целосно поклопена, со барањето за акција.

## 4) <u>Заштита на интересите на државата и нејзините граѓани надвор</u>

Ако значењето на поимот заштита го третираме во неговото генерално значење, тогаш одбраната на интересите на државата и нејзините граѓани надвор ќе ги окупира целокупните професионални активности на дипломатот. Заштитата како конститутивен елемент на дипломатската активност, мора да биде лимитирана на специфичните интереси на државата и генералната заштита на нејзините граѓани во странство. Иако дипломатот е persona grata за владата на државата каде е акредитиран, неговата главна задача останува да ги промовира, следи и унапредува националните интереси на својата држава[29].

---

[27] Тања Запрова Достинова & Љупчо Сотироски, Дипломатска организација дејност и професија, (Штип, 2014), 42.стр.

[28] Ronald Peter Barston, Modern Diplomacy (London: Pearson, 2006) p.3.

[29] Тања Запрова Достинова & Љупчо Сотироски, Дипломатска организација дејност и професија, (Штип, 2014), 41.стр.

Како традиционална дипломатска активност, заштитната функција на дипломатот во однос на своите граѓани, добива на интензитет со зголемената мобилност на граѓаните, трговијата, туризмот, меѓународните конфликти, при што генерира нови проблеми кои дипломатијата мора да ги решава на дневна база и во континуитет. Иако ова изгледа рутинска задача на дипломатот, сепак за време на катастрофи или граѓански судири станува круцијална функција, особено тогаш кога владата на државата каде е акредитиран не успева да ги заштити животите и сопственоста на странските државјани[30]

## 2.3. ПРИВИЛЕГИИ И ИМУНИТЕТИ

Дипломатските привилегии и имунитети се во самата основа на дипломатското право. Дипломатското право во потесна смисла претставува автономен режим кој од една страна ги утврдува обврските на државата која акредитира во однос на просториите, привилегиите и имунитетите што им припаѓаат на дипломатските мисии, а од друга страна ја предвидува нивната можна злоупотреба од страна на членовите на мисијата и ги наведува средствата што ѝ стојат на располагање на државата која акредитира да ѝ се спротистави на секоја таква злоупотреба.[31]

### ***Привилегии и имунитети на дипломатска мисија***

Прва и најзначајна работа се просториите на дипломатската мисија, односно тие се неповредливи. Под простории на дипломатска мисија според оваа Конвенција се подразбира згради или делови од згради и околно земјиште, се користат за потребите на мисијата, вклучително и резиденцијата на шефот на мисијата. Просториите на дипломатската мисија не смеат да се користат за цели кои што не се во согласност со функциите на дипломатските мисии. Неповредливоста на просториите на дипломатската мисија е од апсолутна природа и органите на државата во која е акредитирана дипломатската мисија можат да влезат во нејзините простории само со дозвола на шефот на мисијата[32].

---

[30]Звонимир Јанкуловски, Дипломатија и човекови права, Матица, Скопје, 2013, 43-47 стр.
[31] Владимир Ортаковски & Марија Миленковска ,Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014, 243 стр
[32]Тања Достинова Запрова & Љупчо Сотироски, Дипломатска организација, дејност и професија, Универзитет Гоце Делчев, Штип 2014, 105 стр.

Неповредливоста на просториите на дипломатската мисија е утврдена и во пресуди на Меѓународниот суд на правда. Државата кај која се акредитира дипломатската мисија е должна да ја почитува неповредливоста на просториите на дипломатската мисија и во случај кога тие се користат во цели кои не се во согласност со функциите на дипломатските мисии. Државата кај која се акредитира дипломатската мисија е должна да ги почитува нејзините простории и кога дипломатските односи меѓу двете држави се прекинати или мисијата е конечно или привремено отповикана дури и во случај на вооружен судир[33].

На крај, битно е да се напомене дека просториите на мисијата, мебелот и другите предмети коишто се наоѓаат во нив, не можат да бидат предмет на каков било претрес, реквизиција, запленување или мерки на извршување. Мисијата има право да ги употребува знамето и грбот на државата на испраќање на просториите на мисијата, вклучително и на резиденцијата на шефот на мисијата и неговите превозни средства[34].

***Дипломатски агент***

Во согласност со дипломатското право, личноста на дипломатскиот агент е неповредлива и неприкосновена. Истиот неможе да биде лишен од слобода или задржан. Државата каде истиот е акредитиран, тој треба да биде почитуван, а исто така треба да се преземат сите неопходни мерки за заштита на истиот. Помеѓу поволностите во кои ужива дипломатскиот агент во државата каде е акредитиран, може да се спомене и имунитетот од кривичното судство, како и од граѓанското и управното судство. Истиот е ослободен од воени давачки, а врз него се применуваат и одредбите за социјално осигурување што важат во државата во која се акредитира мисијата. Дипломатскиот агент кој има државјанство на државата во која се акредитира или пак во неа има постојан престој, има имунитет од јурисдикацијата и неповредливост само во однос на службените акти преземени при вршење на неговите функции. [35]

---

[33] Тања Запрова Достинова, &Љупчо Сотироски, Дипломатска организација дејност и професија, (Штип, 2014), 108.стр.

[34] Diplomatic and consular Immunity: Guidance for Law enforcement and Judicial authorities, United states department of state office of foreign missions, достано на: https://www.state.gov/documents/organization/150546.pdf

[35] Владимир Ортаковски & Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014, 235-250 стр.

## 2.4 РАЗВОЈ НА ДИПЛОМАТСКА ПРАКСА

Во овој дел ќе се осврне внимание на некои примери од дипломатската пракса и од дипломатското работење. Концептот на дипломатскиот стил е интерес од аспект на тоа како државите се снаоѓаат и на кој начин ги решаваат проблемите со насочувањето на надворешната политика. Ова е битно затоа што секој чекор и секоја одлука која ќе биде донесена е светло на дипломатската пракса. Во склопот на дипломатската пракса се вклучени навики на преговарање, можности за јавна или тајна дипломатија, дипломатски јазик, значајни институции и видови на договорни инструменти како што се меморандумите или договорите за пријателство. За меѓународните институции, дипломатскиот оперативен стил ги рефлектира односно пресликува факторите кои му се битни на главниот носител на дипломатијата, карактеристичниот пристап на организацијата при решавање на одреден проблем, употребата на преговарањето и видовите на договори кои нормално се оформени со институцијата[36].

Примери за класична дипломатска активност или стил се тие на Обединетото Кралство, Франција, Норвешка и Јапонија.[37] Но сепак, експанзијата на општеството предизвикало надоградба и голема варијабилност на дипломатскиот стил, а особено на државно ниво. Овој тренд бил возобновен поради нестабилноста на владите, особено во Африка и во земјите од поранешниот Советски Сојуз. Еден ефект од ова, на ниво на дипломатски претставници, претставува зголемувањето на бројот на воени дипломатски претставници. [38] Амбасадите од друга страна, станале, односно можеле да станат места за азил (или за набљудување за истиот) при што класични нивни функции да бидат комплетно или делумно занемарени, а наместо тоа повеќе веме да биде посветено на политичко – конзуларните работи[39].

Претходно наведеното прилично ја напреднало дипломатската пракса, во смисол дипломатијата и начинот на бидат раководени од самиот врв на државата, а не само од Министерството за надворешни работи и на дипломатските претставници, туку да биде поцентрализирано и подобро раководено[40]. Така, процесот на донесување

[36] Ian Hurd, Law and the practice of diplomacy (International Journal, 2011), достапно на: https://static1.squarespace.com/static/55bc2903e4b0b7e056744a52/t/59358342d2b857dbe977453b/1496679242037/practice+of+diplomacy.pdf
[37] Peter Marshal, Positive diplomacy (Macmilan Press, Basingstoke, 1999) 154 – 164 page.
[38] Nicolas Bayne & Stephen Wolcock, The New Economic Diplomacy (Ashgate, Aldershot, 2004)
[39] Марина Митревска, Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски Факултет, Скопје, 2010, 34 стр.
[40] Peter Malazenuk, Akehurst Modern Introduction to International law, London: Routledge 1977, 273-283.

на одлуки на државно ниво ќе биде забрзан, сите информации, односно најпотребните ќе бидат на дланка на функционерите и навремено и брзо ќе бидат донесувани одлуки од државен аспект. Дипломатската пракса кај помалите и понеразиените земји истакнато се разликува од онаа на големите и моќните држави. Таа е заснована на принципи и начини на дипломатско функционирање кое е креирано со декади наназад, врз која се основа целокупното општество на тие држави.

Во поновата историја, сведоци сме на специфичен развој на дипломатската пракса на одредени реони од светот[41]. Тоа се базира најмногу врз основата на начините на искажување на незадоволство од власта која моментално се наоѓа на чело на дадена држава. Во Афричките земји како најзачестен метод на симнување на одредена политичка гарнитура од власт се пучовите. Се поголемиот развој на Исламистичките религиозни базирани режими исто така е доста влијателен фактор во промената на дипломатската пракса. Такви случаи се во Иран и Либан. Така, поради домашните и меѓународните аспекти на растот на Исламистичките режими и групи блиски на нив, влијаеле врз некои аспекти од дипломатската пракса и стил. Воглавно, во делот на целта на дипломатијата, идеолошкиот елемент се истакнува како најзначаен, потоа се нарушува слободата на изјаснување, кои причини не само предизвикале немири во Афричките земји, туку наишле и на енормни критики од Западните земји и владите кои се на чело на нив. [42]

Така, како најчесто користен елемент од дипломатскиот стил односно начин на работење претставува личната дипломатија. Таа вклучува посети, телефонски разговори, остварување на контакти на високо државно ниво со што ја промовираат својата земја и нејзините ставови при што истите ќе остваруваат билатерални или мултилатерални договори. Ако сака одредена власт да ја постигне својата цел на брз начин, како алатка за тоа најчесто се користат директните посети во земјата каде се има за цел да се постигне дадената задача и да се реши дадениот проблем. Со ваквите директни посети, се насочува вниманието на државниот врв, без разлика дали тие се официјални или неофицијални, со што се делува врз нив кон прифаќање на даден предлог и им се доловува значењето на таа посета. Како друг влијатеен фактор врз промената на дипломатската пракса во новиот милениум можеме да го наведевеме

---

[41] Ian Hurd, Law and the practice of diplomacy, International Journal, 2011, 584-589, достапно на: https://static1.squarespace.com/static/55bc2903e4b0b7e056744a52/t/59358342d2b857dbe977453b/1496679242037/practice+of+diplomacy.pdf

[42] Timothy M. Shaw & Solar Oja, Africa and the International Political System, University of America Press, New York, 1982, стр. 22-23

билатерализмот.

Билатерализмот во модерното време претставува силна алатка на надворешната политика на скоро сите земји низ светот. Со билатералните договори се постигнува поголем ефект, дипломатски простор и чуство за контрола на ситуацијата. Како најголем причинител за развојот на билатерализмот се јавува економијата. Економските причини и економските цели кои државите сакаат да ги постигнат, најчесто се договараат преку билатерални договори помеѓу две држави, со што се зацврстуваат нивните позиции, се утврдуваат нивните барања и се изнаоѓа решение кое ќе биде погодно за двете страни[43]. Така, овој тип на дипломатска пракса доведе до развој на комуникација не само на континентално ниво, туку и на комуникација помеѓу држави од различни континенти, со што тие потпишуваат и постигнуваат најразлични договори од разни сфери од општеството, со што се согледува напредок не само на регионално ниво, туку и на светско ниво.

Сепак, од друга страна, при посети на билатерално ниво, на помали држави од страна на поголеми, се потенцира значењето на посетата на поедини државни функционери во таа земја, со што политичката гарнитура која е на власт, добива поени на тоа колку е способна истата кон привлекување на странски функционери за решавање на своите проблеми да им бидат нивни гости на домашна територија[44].

Битно е да се спомене и постоењето на регионалните организации, со чие влијание преку лобирање, наклонување на дипломатската пракса кон една страна, креирање на нови контакти и лансирање на иницијативи за соработка, се унапредуваат дипломатските методи на работење. Како такви, преку одржување на самити и конференции, се отвора можноста на државните и дипломатските претставници на одредени земји да дојдат во контакт со останати државници и дипломатски претставници на други земји, најчесто тоа оди во релација послаб – помоќен, со што ќе влијаат или ќе пробаат да најдат заедничка средина дали неформално дали формално, а со тоа ќе овозможат само формално покривање на тамошните усни договори со подоцна формални и церемонијални договори дали на територијата на својата земја или пак во друга држава.

На самитите одржувани насекаде низ светот, постојат два начина на изразување на своето мислење, формално и неформално. Формалното дипломатските или

[43] Douglas A.Irwing, Multirateral and bilateral trade policies in the world trading system, достапно на: http://www.dartmouth.edu/~dirwin/docs/Multilateral-Bilateral.pdf
[44] Тања Запрова Достинова & Љупчо Сотироски, Дипломатска организација дејност и професија, Штип, 2014, 29 - 39 стр.

државните претставници ја добиваат својата можност преку јавните говори кои ги држат пред претставниците на исто ниво на останати држави кои се гости на тој самит, како и пред јавноста која го следи тој настан. Додека, од друга страна, неформално, преку разговорите кои ги имаат надвор од формалните собранија и конференции, каде можат и често дејствуваат кон некое вид на лобирање или подршка во остварување на својата цел за што се пратени таму.

Најчест тип на употреба на дипломатија, претставува тивката дипломатија. Таа претставува дипломатија која се користи со минимален публицитет, позади сцената и со традиционален начин на спроведување на дипломатија и оперативни вештини се договараат странките за тоа за што се сретнати. Таа вклучува развивање на идеи и контакти, превземање на одредени иницијативи без тие претходно да бидат церемонијално и јавно откриени. Од друга страна се наоѓа отворената дипломатија, која за разлика од тајната односно тивката е повеќе изложена на јавноста и на нејзините критики, но во одредени случаи може да биде повеќе корисна врз основа на тоа за каков договор станува збор и за каков бенефит од тој договор се работи, се со цел да не се изгуби довербата на народот во таа власт. [45]

## 2.5 ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ЈАВНАТА ДИПЛОМАТИЈА

Основна функција на дипломатијата е претставувањето на државата и нејзините интереси во странство, спроведување на надворешна политика, промоцијата на нејзините вредности, како и јакнењето на нејзиниот углед и позициите во меѓународните односи. Дипломатијата, првенствено, има интерес и цел на најдобар можен начин да воспостави, изгради и зајакне односи и соработка со дипломатиите на другите земји и во непосредна протоколарна комуникација да ги соопштува ставовите на својата земја. Но, дипломатијата има интерес, кога ќе оцени дека е потребно, интересеите и ставовите на својата земја да ги соопштува и преку средствата за јавно комуницирање до целата јавност во земјата домаќин[46].

Дипломатијата во своето повеќеслојно значење претставува формулација и имплементација на надворешната политика, меѓународните преговарања и

[45] Ronald Peter Barston, Modern Diplomacy, Routledge, 2013, 102 – 114 page.
[46] Тања Запрова Достинова & Љупчо Сотироски, Дипломатска организација дејност и професија, (Штип, 2014, 93-94 стр.

професионалната дејност што ја спроведуваат типломатите[47].

Јавната дипломатија е начин на кој властите или приватни личности и групи, можат директно или индиректно да влијаат на јавните мислења и позиции кои директно влијаат на надворешно-политичките одлуки на другата власт. Според тоа мислење, јавната дипломатија го проширува полето на традиционалната дипломатска активност од сферите на вишата политика кон различни проблеми и аспекти на секојдневниот живот.

Јавната дипломатија подразбира дипломатија кон граѓаните и јавноста во странство, во невладините организации, во научните институции, на универзитетите и кај уметничките и културните здруженија и формации. Јавната дипломатија не е некој посебен доктринарен новитет, туку подолго време развиена и мошне добра пракса во бројни земји во светот[48].

Последната деценија сме сведоци на големи вложувања во јавната дипломатија и од страна на развиените западни земји и од страна на економските колоси од Азискиот исток.

Овој нов вид на дипломатија, несомнено, ќе биде обележје на 21 век. Јавната дипломатија, која како термин се појавува во 60-тите години од минатиот век во САД, во контекст на меѓународните односи најчесто се поврзува и поистоветува со односите со странските јавности и аудиториуми[49]. Додека стандардната, класична или традиционална дипломатија подразбира меѓусебна комуникација меѓу официјалните претставници на различни влади меѓусебно или со официјални меѓународни организации, јавната дипломатија настојува да се фокусира на комуникација со граѓаните на другите држави, односно со одредени заедници или групи на граѓани, како што се: новинарите, стопанствениците, креаторите на јавното мислење, претставниците на невладините организации и слично[50].

За разлика од традиционалната дипломатија, која најчесто се случува или тајно или зад затворени врати, јавната дипломатија најчесто се случува во живо, пред милионски аудиториум и максимално можно ги користи сите расположиви алатки на средствата за масовно комуницирање. Не се базира исклучиво на промовирање на сопствените политики и политчките интереси, туку и на промоција на културата,

---

[47] Walter Douglas, Public diplomacy for a new era (Global forecast, 2012) 86-87 page, доспано на: https://csis-prod.s3.amazonaws.com/s3fs-public/legacy_files/files/publication/120413_gf_douglas.pdf .
[48] Michael Hardy, Modern diplomatic law, Manchester university press, Manchester, 1968).
[49] Милан Бартош, Меѓународно јавно право, Белград, 1986 год.
[50] Марина Митревска, Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски Факултет, Скопје 2010

националните вредности, начинот на живот и се што би придонесо за што поквалитетно информирање и подобра перцепција за државата што ја претставуваат. Модерните дипломати мислат дека промоцијата на туризмот, промоцијата на трговијата и културата на својата земја се важен дел од нивната работа. Во своите настојувања, на располагање ги имаат многубројните комуникациски средства преку кои можат директно да допрат до посакуваната јавност, без посредство на надлежните институции на земјата домаќин.

Јавната дипломатија во овој контекст веќе ѝ не се темели само на стандардни дипломатски вештини и умееља, туку и на умееља засновани на медиумско-информатички и културни стратегии. Јавната цел на јавната дипломатија е креирање и развивање на посакуваниот имиџ на државата, креирајќи плодно тло и разбирање меѓу народите и државите, а „тајни цели, создавање свои сфери на влијание, влијание на внатрешно-политички процеси, подготвување терен за пласирање на сопствени идеи и производи или создавајќи база и поддршка за своите глобални политики[51].

Јавната дипломатија се разликува од традиционалната дипломатија по тоа што вклучува меѓусебни односи не само со владите, туку првенствено со невладини лица и организации. Покрај тоа, активностите на јавната дипломатија често претставуваат многу различни гледишта што ги застапуваат одделни поединци и организации, кои се дополнување на официјалните владини гледишта[52].

Јавната дипломатија ја разбираме како јавно лице на традиционалната дипломатија. Целта на традиционалната дипломатија е да ги унапреди интересите на САД преку официјални размени со странските влади. Јавната дипломатија го прави тоа и преку приватни размени и дејствува во координација и паралелно со традиционалното дипломатско залагање.

Американскиот академик Џозеф Нај тврди дека моќта на привлекувањето може да биде важно надополнување на потрадиционалните форми на моќ кои се засновани на економска или воена сила. Тој прави разлика меѓу „тврда„ и мека моќ„ . Втората функционира на тој начин што ги убедува останатите да следат или да ги наведува да се согласат на норми и институции кои го поттикнуваат посакуваното однесување. Таа моќе да се заснова на примената на нечии идеи или на способноста да се постави агендата на начините кои ги обликуваат приоритетите на другите.

[51] Малком Шо, Меѓународно право, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2010
[52] Jan Melisen, The new public diplomacy, Palgrave, 2005, достапно на: http://culturaldiplomacy.org/academy/pdf/research/books/soft_power/The_New_Public_Diplomacy.pdf .

Сите влади посветуваат внимание на начинот на кој зголемувањето на глобалната комуникација, ширењето на демократијата, растењето на глобалните невладини организации и развојот на моќни мултилатерални организации ја променуваат природата на моќта во рамките на општеството и ја менуваат силата на владите и нивните дипломатии. Овие промени не секогаш адекватно се одразени во начинот на кој владите во целина ги применуваат нивните извори или начинот на кој, особено странските канцеларии, се организираат и се поврзуваат со институциите што ги финансираат.

Терминот јавна дипломатија често се користи и како еуфемизам за пропаганда[53]. Во суштина, јавната дипломатија има функција да воспоставува односи, да ги разбере потребите на другите земји, култури и народи, да ги соопшти нашите гледишта, да ги корегира погрешните перцепции и да побара области во кои можеме да најдеме заедничка кауза. Разликата помеѓу јавната и традиционалната дипломатија е во тоа што јавната дипломатија вклучува поширока група луѓе на двете страни и пошироки групи на интереси кои ги надминуваат актуелните интереси на Владата[54].

Јавната дипломатија се заснова на премисата дека сликата и репутацијата на земјата се јавни добра кои ќе создадат или позитивна или негативна атмосфера за индивидуалните зделки. Работењето на определени прашања ќе ја дополни општата слика за земјата и повторно ќе се рефлектира на неа и на позитивен и на негативен начин. Постои хиерархија на влијанијата што може да ги постигне јавната дипломатија:

- Да ја зголеми информираноста на луѓето за некоја земја
- Да го зголеми почитувањето на некоја земја
- Да ги заинтересира луѓето за некоја земја
- Да влијае на луѓето преку одредени методи на влијание.

Со цел јавната дипломатија да ги постигне овие цели, на владите треба да им биде јасно дека таа не може да биде еднодимензионален процес на пренесување на пораките. Еден од начините на концептуализирање на јавната дипломатија е и да се претстави како мрежа од три сфери и три временски рамки. На едната страна се

[53] Walter Douglas, Public diplomacy for a new era, Global forecast, 2012, 85 page, https://csis-prod.s3.amazonaws.com/s3fs-public/legacy_files/files/publication/120413_gf_douglas.pdf
[54] Joumane Chahine, Public diplomacy: Conceptual framework, McGill University, Montreal, 2010, http://www.culturaldiplomacy.org/academy/pdf/research/books/public_diplomacy/Public_Diplomacy_-_A_Conceptual_Framework_-_Joumane_Chahine.pdf.

сферите во кои дејствува таа политичка/воена/економска/општествена и културна. Овие сфери ќе имаат различна тежина во различно време и различни контексти. Целта може да биде : реактивна, проактивна и градење на односи со години.

Секоја од овие димензии има влијание во согласност со различна временска рамка. Реактивните вести се одвиваат во текот на часови и денови, проактивната комуникација и активноста за промена на перцепцијата се планира со недели и месеци, додека, пак, градењето на односи може да трае со години пред да даде резултат. Димензиите исто така, бараат различни вештини и култура на организирање. Менаџирањето на вестите мора да биде флексибилно, реактивно и да биде вклучено во владината машинерија. Проактивната комуникација бара високоразвиени комуникациски вештини, стратешко планирање и буџет, ресурси и експертиза за да се организираат настани што ќе ја освојат имагинацијата. Градењето односи зависи од стекнувањето на голем степен на доверба, создавање на неутрална и сигурна средина, а често најдобриот резултат може да се постигне понастрана од владата[55].

Пионерите на јавната дипломатија, Signitzer & Coombs[56], воочиле во своите истражувања разлика помеѓу „tough - minded„ кој се користи најмногу со пропагандата и убедувањето и „tender – minded„ линија на јавната дипломатија. За втората се мисли дека останува на принципот дека информирањео и културните програми треба да ги заобиколат моменталните цели на надворешната политика и секогаш да бидат фокусирани на долгорочните национални цели. Во ваквото светло произлегува мислењето дека јавната дипломатија не е само во фукнциија на надворешната политика, туку повеќе во заедништво со културната дипломатија ја преземаат улогата на т.н. надворешна културна политика, развивајќи интернационални културни односи, интеркултурен дијалог, разбирање и соработка. Според овие автори, јавната дипломатија, пред сé е :

- ✓ процес на градење на непосредни односи
- ✓ остварување контакти со цел заштита и постигнување на одредени интереси
- ✓ управува/менаџиран процес на комуникација со странската јавност
- ✓ преклопување на границите помеѓу внатрешната и надворешната политика
- ✓ меѓувнатрешните јавни односи кон домашната публика и јавната дипломатија која по дефиниција е насочена кон странските публики.

[55] Marc Leonard, Public diplomacy, The foreign policy centre, 2002, достапно на: http://fpc.org.uk/fsblob/35.pdf .
[56] Signitzer & Coombs, Public relations and public diplomacy: Conceptual convergences. Public Relations Review, 18(2), 1992, 137-147.

Сите влади многу зборуваат за тоа како развојот на глобалните комуникации и ширењето на демократијата, зголемувањето на бројот на глобалните невладини организации и развојот на моќни мултилатерални организации ја промениле природата на моќта во рамките на општеството и ја промениле силата на владите и дипломатиите. Но, многу мал дел од нив адекватно се имаат осврнато на тоа како сите овие промени влијаат на начинот на кој тие ги користат своите извори, како ги организираат активонстите или ги поставуваат нивните суштински задачи.

*Постои континуиран дисбаланс помеѓу сумите потрошени за превентивна и проактивна дипломатија и за воени капацитети на кои треба да се осврнеме ако работите тргнат на лошо.*

Најголемиот предизвик е културата и приоритетите на странските служби сами по себе. На јавната дипломатија повеќе не може да се гледа како на додаток на останатата дипломатија. На неа треба да се гледа како на централна активност која се одвива во рамките на многу димнезии и во соработка со многу партнери. Ова може да има сериозни импликации на начинот на кој се користат изворите. Значителна сума од буџетите на Канцелариите за надворешни работи е наменета за човечки ресурси и за објекти, а многу малку се одвојува за развој на програми што ќе бидат во состојба да ги исполнат зацртаните цели во јавната дипломатија[57].

Но, најважна е потребата за многу поширока и покреативна идеја за тоа што е јавната дипломатија и што се може да се постигне. Главни општи заклучоци овде би биле следниве:

- Владите треба да одвојат повеќе средства за јавната дипломатија, која ќе стане се позначаен инструмент со кој ќе се влијае на странската и на домашната политика.
- Напорите на јавната дипломатија треба да видат фокусирани повеќе на оние земји кои се од најголема важност за интересот на државата, отколку за оние за кои се смета дека е најлесно да се влијае.
- Дополнителните трошоци на овие извори треба да се концентрирани на проактивно пренесување на пораките и на градење долгорочни политички односи, а не на реактивно аргументативно одбивање.
- Управувањето со вестите треба да биде многу поефективно за да се фокусира на странските дописници што се лоцирани во метрополите.

[57] Routledge handbook of public diplomacy, 2009, достапно на: http://bdinstitute.org/wp-content/uploads/2012/02/A1-handbookofpublicdiplomacy.pdf.

Исто така на институциите им е потребна поголема флексибилност, за да можат брзо и ефикасно да одговорат на краткорочните кризи. Треба во секој момент да има различни стратегии за јавната дипломатија во различни земји и притоа да се дефинира: каде се интересите конкурентни, каде се кооперативни, со што билатералните трошоци ќе се распоредуваат според важноста на конкурентноста, создавање на извори за емитување на стратегиските пораки, кои не мора да бидат во форма на објави или известувања.

Клучни прашања за јавната дипломатија би биле:

- Дали одвојуваме доволно средства за таа земја што ни е од посебна важност во светот и видот на односите што сакаме да ги воспоставиме со неа?
- Дали ни се јасно определени стратегиските пораки и колку успешно досега сме ги пренесувале?
- Дали треба да дејствуваме како конкуренција или кооперативно со другите држави при пренесување на нашите пораки?
- Колку успешно ги опфаќаме трите димензии на јавната дипломатија, од управувањето со вестите и негирањето, преку медиумско пренесување на стратегиските пораки, до долгорочното градење на односите?
- Дали настојуваме да изградиме односи со или да ја стекнеме довербата на вистинските владини партнери во таа земја?
- Дали на вистински начин ѝ пристапуваме на јавноста и на конкретните прашања и дали г употребуваме вистинските платформи за нашите пораки?
- Дали ги поседуваме вистинските вештини што ни се потребни за спроведување на јавната дипломатија на професонално нив?

Тука може да се напомене дека тркалата на цврстата сила можат да функционираат мазно само со подмачкување со мека сила, чиј клучен елемент е јавната дипломатија.

Покрај вообичаените протоколарни форми на дипломатското комуницирање во меѓународните односи, јавната дипломатија сé повеќе станува препознатлив и популарен стил, особено во дипломатиите на земјите кои суштински партиципираат во решавањето на прашања од меѓународно значење, или барем претендираат за тие позиции. Јавната дипломатија ја карактеризира непосредниот контакт и комуникациите со домашната и странската јавност, по пат на разговори, изјави, интервјуа, соопштенија

и коментари[58].

Јавната дипломатија се обраќа подеднакво и на домашната и на странската економска, културна, академска, образовно-научна, еснафска, спортска или општо граѓанска јавност, со подеднакво внимание и уважување. Јавната дипломатија, со своите методи, инструменти и алатки, може на многу ефикасен начин да ги презентриа надворешно-политчките интереси и севкупните вредности на својата земја и суштински да допринесе кон зајакнувањето и подигнувањето на угледот во светот.

Во дипломатската пракса вообичаени се настапи на акредитирани дипломати и други официјални дипломатски претставници во јавноста и непосредно коментирање по одредени прашања од интерес на земјата-домаќин, кои се предмет на интерес на меѓународната политика. Во тоа нема ништо необично доколку не се премине границата на правилата за дипломатско однесување.

Во пракса, таа граница може да биде многу тенка, проблематична и често дискутабилна, но исклучително е важно да таа граница да биде јасна преку која не е препорачливо влегувањето во зоната на мешање во внатрешните работи на земјата

Јавната дипломатија има огромни можности за користење на современите информациски технологии, пред се, на печатените и електронските медиуми и Интернетот. Денес се почесто се говори за медиумската димензија на современата диплоамтија, виртуелната, Интернет и мејл-дипломатијата. Тоа, само недвосмислено, покажува дека дипломатијата е соочена со нови и се поголеми предизвици и дека како една од клучните институции за меѓународно комуницирање е подложна на промени, а како резултат и на тие факти, неминовно е менувањето на нејзините традиционални методи и начини на дејствување и функционирање.

[58] Eytan GIlboa, Searching for a Theory of Public diplomacy, 2008, https://www.researchgate.net/publication/249666735_Searching_for_a_Theory_of_Public_Diplomacy -

## 2.6 ДИПЛОМАТИЈАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Врската помеѓу дипломатијата и безбедноста е комплексна и еволуирачка. На прашањето што ја претставува безбедноста може да се одговори преку три перспективи: меѓународниот систем, нацијата- државата и индивидуата.

Безбедноста може да биде опишана како стабилност на меѓународниот систем, дефинирана според нивото на тензија или насилство, и причината поради која се предизвикани истите, поради која вмешаните страни можат да бидат задоволени преку одредени дипломатски активности, без употреба на сила, а врз база на преговарање и одредени правни норми[59].

Во случај на употреба на сила, улогата на дипломатијата е изнаоѓање на решение за мирно решавање на проблемот преку преговарање и запирање на огнот помеѓу страните, повлекување и други подолготрајни мерки за обезбедување на безбедноста. Од друга различна перспектива, насилството може да биде и начин за завршување на спорот помеѓу двете завојувани страни, односно постојат случаеви кога дипломатијата не придонесува кон изнаоѓање на решение за решавање на тој спор[60].

На национално ниво, безбедноста традиционално била третирана односно спомнувана во случаи како одговор на загрозување на неа од надворешни закани од воен тип. Од оваа перспектива, дипломатијата има улога како креатор на силата, вклучувајќи дејства како одвратник на непријателот, градење на коалиции, заканување или предупредување на противникот или пак барање на меѓународна помош за употреба на насилна контрола.

Така, безбедноста може да биде сфатена како извршување на политички задачи, употребувајќи дипломатија, воена моќ или останати средства во справување со наредните закани: надворешни закани, урнување на режим, достигнување на посакувано ниво на економска стабилност, етничка стабилност, анти тероризам, закани по околината, транснационални закани за безбедноста и пристап до природните ресурси.

Целта на дипломатијата[61] е да контрибуира во процесот на препознавање и идентификување на новите интереси во раната фаза преку континуирани извештаи за

---

[59] Janne Nollan, Diplomacy and security in the Twenty First century, 2009, 10-15 page.
[60] Iver Neuman, To be a diplomat, Norwegian institute of International affairs, 2005, достапно на: http://www.sciencespo.fr/ceri/sites/sciencespo.fr.ceri/files/To_Be_Diplomat.pdf
[61] A diplomat's handbook produced by the council for Community of Democracies. 2010, достапно на: http://www.burmalibrary.org/docs13/Diplomats_Handbook-red.pdf.

влијаење во процесот на донесување на одлуки. Како второ, меѓународниот аспект на националната безбедност има голем број на импликации за дипломатијата.

Повеќенационалните држави се соочуваат со заканата од чување на безбедноста и од надвор и од внатре, поради постојаната опасност од закани од транснационалните религиозни групи кои влијаат и дејствуваат на тлото на современите држави се со цел на нарушување и дестабилизирање на безбедноста во тие држави за населението кое живее таму да се чуствува небезбедно и загрозено. Тука може да се спомене и случаи кога политичкиот врв на една држава може да биде приморан во преговарање со одредена група за мирно решавање на настанатиот проблем. Трето, како проблем на малите и послаби држави, може да го споменеме и проблемот на естаблирањето на регионална безбедносна соработка. Битно е да се спомене дека без меѓународна подршка и иницијатива, малите и слаби држави не се во можност за изнаоѓање на решенија за склучување на ваков вид на договори, најчесто од регионален аспект, за обезбедување на нивна сигурност преку одредени договори и декларации. Вакви случаеви најчесто среќаваме во земјите членки аспиратори за влез во НАТО од Источна и Централна Европа кои се земји бивши-членки на Советскиот Сојуз. Безбројни анализи ни покажуваат дека не во сите случаи употребата на дипломатијата во преговарањето пред или за време на некоја криза резултира со позитивен резултат. Постојат случаи и кога употребата на истата предизвикува разгорување на спротиставените страни до степен каде ќе ескалира вооружен судир.

Основаниот концепт на постстудената војна за зачувување на меѓународната безбедност во рамките на ОН беше планиран да биде базиран на идејата за колективна безбедност. Со ова ОН планираше да се намали опасноста од напад од агресор на нејзините членови потписнички преку воени или останати видови на закани. Низ историјата има голем број на случаеви каде со колективна заштита се анучира заканата од агресори, но и случаеви каде со колективен договор се влијае кон уништување на агресори на тло каде земјата не е потписничка на овој договор Превентивната дипломатија, кон која се насочени сите напори на земјите членки на ОН, е од особено значење во случаите каде може да се каже дека како резултат на или од страна на меѓународно влијание се зачетоците на одредени конфликти[62].

На ваков начин, успешноста на превентивната дипломатија зависи од меѓународните односи помеѓу операциите за зачувување на мирот и поедини

---

[62] Марина Митревска, Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски Факултет, Скопје, 2010, 61 стр.

дипломатски напори за разрешување на конфликтот. Операциите кои се водени во Конго, Кипар и Либан, сугестираат дека има одредени услови за да се постигне максимална ефективност на превентивната дипломатија. Државите мора да се подготвени да прифатат преговарање и за прифаќање на отворени критики од официјалните лица на ОН за ненавремено разрешување на настанатиот проблем. Во друг случај, проблемот може или да се одоговлече или да ескалира.

Превентивната дипломатија останува една од најзначајните задачи на функционирањето на ОН, а притоа се поголем е бројот на ОН операции насекаде низ светот, најмногу под водство на Бутрос Гали агендата за мир. Некои од операциите се продолжение на претходните операции за гранично набљудување, додека останати се т.н. „владини„ операции. [63]

Постојат пет фактори кои ја одредуваат успешноста на превентивната дипломатија, и тоа:

1) тајмингот на третата страна
2) разнобразната акција
3) поддршката од големите сили
4) умереното лидерство
5) автономијата на државата

1) Тајмингот на третата страна – односно времето на преземање на превентивна акција е од големо значење за понатамошниот тек на развојот, како на конфликтот, така и на превентивните дејствија. Според Анан, за да биде ефективна превентивната акција, најнапред треба да биде иницирана во најраниот можен стадиум на конфликтниот циклус. Во овој случај, една од основните цели на превентивната акција треба да биде *посочување на длабоко вкоренетите социоекономски, културни, еколошки, институционални и други структурни причини* кои често пати ги поттикнуваат директните политичли симптоми на конфликтите[64]. Всушност од исклучително значење е да се сфати потребата од навременото инволвирање на трета страна во превентивната акција. Притоа мора да се има предвид дека само тогаш превентивната акција е поефективна и шансите за спречување на појавата на конфликтот се поголеми. Аналитичарите сметаат дека е многу потешко да се придобие поддршката од

[63] Ronald Peter Barston, Modern Diplomacy, 2013, 247 стр.
[64] Annan Koffi, Prevention of Armed conflicts, Report of the Secretary General, United Nations Publications, New York, 2002.

страна на инволвираните страни во конфликтот кога тој веќе се појавил и се карактеризира со насилство.

2) Разнобразна акција – е значаен фактор кој ја одредува успешноста на превентивната дипломатија, преку импрелементирање на мерките и инструментите на превентивната дипломатија. Се цени дека овие дејства треба да бидат во координација помеѓу актерите кои ги преземаат и во исто време да бидат согласни едни со други.
3) Поддршка од големите сили – е фактор од кој зависи ефективноста на превентивната дипломатија. Имено, заинтересираноста на големите сили да се инволвираат во процесот на превенција, ги зголемува шансите за превентивен успех и избегнување на појава на конфликт.
4) Умерено лидерство – е фактор од кој зависи успешноста на превентивата дипломатија. Конкретно умереноста и дејствијата, согласноста за билатерални и мултилатерални преговори и спогодби се клучен фактор кој влијае врз успешноста на превентивната дипломатија.
5) Автономијата на државата – е фактор кој е неопходен за да може да се спроведе превентивната дипломатија. Имено,автономијата на државата подразбира дека една држава ги поседува институциите и процедурите низ кои може да се преговата за спорот и да се донесе решение. Во тие услови, се создава можност и за полесно ангажирање на третата страна во посредување во конфликтот[65].

Доктрината која ја поттикнал Бутрос Гали од самиот почеток па до ден денес е ревизирана повеќе пати и надоградувана. Воглавно, поголемо внимание е дадено на превентивната дипломатија. Претходната доктрина воспоставена од страна на Генералниот Секретар на ОН Даг Хамарскојд била реинтерпретирана, со поголемо значење на политичките и некои дипломатски аспекти на превенција, одошто на воените аспекти на силите за зачувување на мирот[66].

Линијата помеѓу главните концепти на превентивната дипломатија за конфликти, правење на мир и зачувување на мир, е практично нејасна. Поради се поголемата сложеност и комплицираност во модерните конфликти, се јавува потреба

---

[65] Марина Митревска, Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски Факултет, Скопје, 2010, 75-77 стр.

[66] Article: An agenda for peace: diplomacy, peacemaking and peacekeeping, 1992 USA, достапно на: http://www.un.org/en/sc/repertoire/89-92/Chapter%208/GENERAL%20ISSUES/Item%2029_Agenda%20for%20peace_.pdf .

од голема ефикасност во превенирањето. Секако, корисно е да се направи разлика помеѓу превенција на конфликт и превентивна дипломатија. Превенција на конфликт содржи широк спектар на активности на ОН кои вклучуваат: политички развој, проблеми поврзани со човекови права, национални дијалози и долготрајни програми за градење на државен систем за превенирање на конфликт. Спротивно на тоа, превентивната дипломатија е понасочена во спректарот на временска употреба на дипломатски активности за превенирање на разгорување на сериозен конфликт или да се лимитира географско проширување и настанување на криза.Ваквите активности се дипломатски потези за редуцирање на политички тензии.

Реинтерпретирањето на превентивната дипломатија, генералниот секретар на ОН, Бан Ки Мун го насочил кон авторитетот, и формалниот и неформалниот, во Членот 99 од Повелбата на ОН. Во истиот член, генералниот секретар „може да го насочи вниманието на Генералниот Совет на ситуации кои тој смета дека има потреба од меѓународно влијание".

Како најчест вид на превентивна дипломатија претставува политичкото влијание. Тоа се пресликува преку „градењето на државите" по терк на западните земји, со што се насочува политичкиот врв кој е во таа држава, да ги следи насоките дадени од поголемите земји, се со цел да се избегне несакана ситуација и да се насочи тамошниот државен систем во насока на развој според веќе претходно искуство кое било продуктивно. Тоа најмногу се отсликува во влијанието на западните сили во Афричките земји каде има слаб економски и стопански развој.

Превентивната дипломатија исто така има развиено и голем број на други методи, вклучувајќи и преземање на одредени мисии на тло на земји и формални акции[67]. Целта на овие акции е да се основа сигурно тло за цивилното население кое се наоѓа во завојуваните простори, за нивно спасување од тие реони и за преземање на соодветни мерки за решавање на настанатите спорови. Во ваквите случаеви се јавува потреба од лична, истражувачка дипломатија од највисок ред. [68]

При употребата на превентивната дипломатија често се јавува револт во тоа дали ОН ја имаат изберено вистинската страна во одреден конфликт. Најчестите препреки пред кои се наоѓа ОН се тоа што превентивната дипломатија треба да биде ограничена временски и просторно. Тоа е така заради т.н. секундарни конфликти,

---

[67] UN Secretary Boutros Gali and his contribution for Peacekeeping, posted by IPP on February 23, 2016, достапно на: https://ippjournal.wordpress.com/2016/02/23/un-secretary-general-boutros-boutros-ghali-and-his-contribution-to-peacekeeping/.
[68] Ban Ki Moon, Preventive Diplomacy, Delivering results, S/2011/552

односно поради се почестите случаи на нарушување на безбедноста на местата и просторите каде по реализираната превентивна дипломатија, државите посреднички на мирот ја напуштиле домашната држава, и по одредено време одново ескалирала тамошната ситуација за која ОН сметале дека е веќе смирена и решена. Затоа, за да една превентивна дипломатија, нејзините елементи и резултати кои биле вметнати во одреден конфликт, резултираат со трајно решение, мора да се оформи на крајот на секое решавање Формален систем и правен систем во таа држава.[69]

Мора да бидат потпишани одредени декларации и договори помеѓу конфликтните страни, да има одредени забрани, да има одредени морални норми на начни на однесување, на начини на дејствување, се со цел за изнаоѓање на заедничка средина и нормално функционирање на општеството во тој реон. Секако, мора да се решат и потпишат и правила на однесување во постконфликтиот период, за да не дојде до повторно ескалирање на ситуацијата.

[69] Lynn Pascoe, Rediscovering Preventive Diplomacy, a view from the United nations, Remarks at the Brooking Institutions, 2010

## 2.7 УЛОГА НА ИНФОРМАТИЧКИОТ И ТЕХНОЛОШКИОТ НАПРЕДОК ВО ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ДИПЛОМАТИИТЕ ВО МАЛИТЕ ДРЖАВИ

Неограничениот пристап до информации од сите области на науката, културата, спортот и забавата предизвика огромна популарност кај човештвото. Граѓаните од пасивни консументи на вестите од радиото, филмските остварувања или телевизиски програми, добија можност сами да создаваат или пренесуваат информации за најразличните случувања од нивната околина или прашање од нивни интерес, без притоа да бидат зависни од медиумските куќи, кои што во текот на седумдесетите години го презедоа глобалното известување, започнаа да користат јавувања, фотографии или снимени настани од страна на поединци кои се затекнале на местото каде што се случила некоја трагедија, немири или некој настан што го привлекува вниманието на светската јавност[70].

Со појавата на интернетот, привилегијата на политичките елити во државите за контрола над информациите во однос на нивните граѓани, замина во историјата. Започна глобален процес на демократизација на општеството. [71]

Терминот виртуелна дипломатија се има појавено пред петнаесетина години. Ричард Соломон, претседател на Институтот за мир на САД, прв ја дефинирал виртуелната дипломатија како „општествена, економска и политичка интеракција со посредство на електронски средства наместо непосредна – лице во лице комуникација„ Според него иако виртуелното имплицира недостаток на реалноста, виртуелната дипломатија сепак е вистинска дипломатија во смисла на авторитативна интеракција помеѓу претставници на различни влади.[72]

Покрај виртуелна дипломатија, во теоријата го среќаваме и терминот дигитална дипломатија со којшто се покрива дигиталното опкружување, интернетот, како и информатичките и комуникациските технологии како целина. Во секојдневието од страна на многумина се употребуваат изразите како што се интернет дипломатија или онлајн дипломатија како и сајбер дипломатија. Важноста на социјалните мрежи во денешницата е огромна при ширењето на овој вид на дипломатија затоа што преку нив

---

[70] Hwajung Kim, Cultural diplomacy as the means of soft power in the Information age, 2011, http://www.culturaldiplomacy.org/pdf/case-studies/Hwajung_Kim_Cultural_Diplomacy_as_the_Means_of_Soft_Power_in_the_Information_Age.pdf -
[71] http://www.balkananalytica.info/
[72] Olesya Grech, Virtual diplomacy, Diplomacy of the digital age, Малта, 2006.

најбргу се влијае и дејствува кон извршување на зададените цели.

Во врска со новите трендови што беа предизвикани со појавата на Сајбер дипломатијата, Barston[73] истакнува дека револуцијата во информатичката и комуникациската технологија предизвикале четири главни ефекти во спроведувањето на дипломатијата.

Првиот, е преку граничниот ефект на информатичката технологија која го модификува односот помеѓу оддалеченоста и времето. Наместо поранешното донесување на проблемите и конфликтите пред глобалното внимание, сега фокусирањето се одликува според потребите од моментално известување на глобалната медиумска географска предност и со комерцијален и културен императив. Истовремено регистрирање на слики од граѓански конфликти, графички снимени на мобилни телефони, глобалното емитување со технологијата на мобилните сателитски телевизиски камери со кои се снимаат и се пренесуваат интервјуа и воени операции од претходно непристапни локации.

Вториот, фокусот на медиумите за некое прашање не е постојано неопходен, иако тоа има ефект на промена на темпорот или на дел од истата дипломатија при што, го намалува или ги отстранува ефектите на оддалеченоста. Користењето на информатичката технологија доведе до поголема географска пристапност и продлабочена информација. Во споредба со поранешните периоди на дипломатското поставување се одликува со зголемување на зафатот на мислења, службени или приватни податови, коментари и прегледи што се однесуваат на меѓународни прашања и настани. Традиционалната дипломатска функција на оценување, сепак во некоја смисла стана потешка.

Трето, се однесува на поврзаноста со придобивката од информатичката револуција.

Четврто, влијанието врз дипломатското поставување и водење на дипломатијата,е во врска со создавањето на различни закани за дипломатскиот и комерцијален систем.

RIAC[74] во една од своите анализи има истакнато дека дигиталните дипломатски програми се имаат појавено за време на претседателствувањето на Џорџ Буш помладиот, со цел брзо зголемување на аудиториумот, со што го прифатиле интернетот. Во 2006 година, Кондолиза Рајс, поранешен државен секретар на САД,

---

[73] Ronald Peter Barston, Modern Diplomacy, Fourth editions, Pearson, 2013, стр. 112.
[74] Russian International Affairs Council.

формира посебен тим одговорен за дигиталната област, со цел да ги следи и да ги анализира настанатите информации на социјалните медиуми потекнати од САД, како и лансирање на првиот официјален блог на американскиот Стејт департмент Dipnote. Исто така, основан е и владиниот портал America.gov.

Во однос на влијанието што информатичката технологија го има врз институционалната поставеност на министерствата за надворешни работи според Barston, важноста на сајбер димензијата на дипломатијата се рефлектира во организациските промени што се спроведуваат во министерствата за надворешни работи, амбасадите и другите национални и меѓународни агенции, вклучително и борбата – спречувањето на транснационалниот криминал и тероризам, трговијата и одбраната. МНР ги проширија постоечките сектори за информации и криптирање и додадо нови департмани одговорни за прашањата од Сајбер дипломатијата.[75]

Како дел од Сајбер војувањето САД, НР Кина и Руската Федерација партиципираа во развојот и подобрувањето на националната способност, како главна платформа за современи судири и како еден од бројните инструменти за подршка на дипломатските цели, како и комерцијалните и други операции.

Интернетот започна да се користи во билатералните, а особено во мултилатералните дипломатски активности за усвојување на меѓународно правни акти, и тоа низ целиот процес на преговори од страна на учесниците. На интернетот се отвори простор низ кој влегоа голем број на недржавни актери како: невладини организации, академски институции, граѓанско општество, дијаспората, посебни интереси групи, корпорации, активисти итн[76].

Особено значајни промени во активностите на класичната дипломатија предизвикани со напредокот на технологијата се појавата на е-дипломатија, како и измените во организационата структура на министерствата за надворешни работи, како централна служба, и во дипломатско конзуларната мрежа со овозможување на организирање виртуелни амбасади и конзулати и јавна дипломатија. Според некои анализи во 2012 година повеќе од 900 луѓе ја користат таа мрежа на е-дипломатија. Сепак, таа, исто така, се користи и за управување со информации, конзуларни работи, за одговор при катастрофа, искористување на надворешни ресурси и планирање на

[75] Ronald Peter Barston, Modern diplomacy, Fourth edition, Pearson, 2013, стр. 113
[76] Subjects of diplomatic relations, The establishment and maintainence of diplomatic relations, http://pracownik.kul.pl/files/20504/public/fod_2015/Diplomacy_intro.pdf

политиката.

Во јавната дипломатија, државата работи со создаденото глобално медиумско царство, достигнувајќи поголема директна публика од платена циркулација на десетте најголеми американски дневни весници и вработување армија на дипломати – новинари, за да ги нахрани своите 600 и плус платформи[77].

Со напредокот на технологијата, министерствата за надворешни работи и дипломатско – конзуларните претставништва значително го променија начинот на нивното работење. Тоа најмногу се одразува поради напредокот на информатичката технологија. Сите принципи и начини на работа врз кои се засновала дипломатската активност, со самиот напредок се промениле и напреднале, со што протекот на информации од едно до друго место се забрзал до степен на моментално пренесување на потребни извештаи и информации. Кога зборуваме за промени во овие структури, зборуваме за организациони промени во нивната структура, во комуникационата процедура, користењето на електронски информативни изданија, интернет пребарувачи, социјални мрежи, процес на движење на пишаните информации и документи, како и нивно складирање во базата на податоци и начин на нивно користење и заштита[78].

За постигнување на потребното ниво на техничка организација во работата на МНР неопходно е воспоставување на целосен информационен автоматизиран систем што подразбира поврзување на сите негови сегменти, почнувајќи од единицата одговорна за прием и испорака на пошта, одделот одговорен за нејзина распределба, па до директоратите, кабинетите за потсекретар и министер и дипломатско конзуларните претставништва.

Информатичко комуникационата технологија овозможи унапредување на процесот на прибирање на податоци и нивно доставување до крајните корисници. Практичен пример е начинот на кој се доставуваат оперативните телеграми од страна на амбасадите за определен значаен настан или состојба во државата на приемот. Соодветната обука на дипломатите во однос на практичната примена на средствата за криптирање, на дипломатите во политичките оддели и вградените разузнавачи самостојно да испраќаат и да примаат материјати, без присуство на традиционалните

[77] Jozef Batora & David Spence, European diplomacy post- Westphalia, http://www.lse.ac.uk/internationalRelations/dinamfellow/conf2013/docs/Ana-MarFernandez-CA-palgrave-tradrev-(1).pdf –

[78] Olesya Grech, Virtual diplomacy, Diplomacy of the digital age, 2006, https://www.diplomacy.edu/sites/default/files/23082010104529%20Grech%20%28Library%29.pdf

таканаречени шифранти кои биле исклучителен важен сегмент во работата на амбасадорите до пред само две декади.

Ова е од особена важност за амбасадорите од малите држави каде што предизвикот на кадровски и финанскиски потенцијал претставуваат ограничувачки фактор. Во широкиот дијапазон што дигиталниот свет го обезбеди во секојдневната работа на дипломатите,е секако и едноставниот пристап до најразлични информации. Појавата на илјадници онлајн дневни весници, ТВ и радио станици, социјални мрежи, портали, овоможи пристап до голем број на информации.

Се со цел за доаѓање до информации кои најмногу им се од корист на дипломатските претставници, дипломатите самостојно или во соработка со информатичкиот центар на МНР започнале со креирање на свои страници на кои се поставени релевантни извори од кои се следат информации, настани, објавени официјални соопштенија, прес конференции и податоци за определен настан или состојби во државите на нивното службување[79].

Од наведеното се наметнува следниот заклучок дека информатичката технологија претставува еден од основните елементи во формирањето на ефикасна дипломатска служба на малите држави, којашто им овозможува да ги надоместат нивните лимитирани кадровски и финансиски можности и да заземат позначајно место во меѓународната заедница.

[79] https://procon.bg/system/files/07.02_Brown_Studenmeister.pdf - Virtual diplomacy – Rethinking foreign policy practice in the information age, Sheryl J. Brown and S. Studemeister, 2001

# 3. РАЗУЗНАВАЊЕТО КАКО АЛАТКА НА ДИПЛОМАТИЈАТА

Во денешно време секоја држава тежнее кон стабилност, безбедност и нејзин напредок. Информацијата претставува една од најважните сегменти од општеството. Секоја држава која поседува количина на информации која е поголема во однос на таа која ја поседуваат другите држави, особено соседните, е во голема предност за нејзин напредок и зачувување на сопствената безбедност.

Разузнавањето како процес отсекогаш претставувал меѓу најзначајните сегменти од државните системи за зачувување на безбедноста и стабилноста на државите. Секоја држава која има стабилен и развиен разузнавачки систем, ретко кога има проблеми во нејзиното функционирање.

Разузнавачките агенции во склоп на современите држави секогаш треба навремено да ги добијат информациите кои се побарани од државните врвови, се со цел да овозможат време за донесување на правилна и навремена одлука од страна на истите органи. Разузнавачките агенции треба непрекинато да собираат, анализираат и преработуваат информации од сите сфери од животот и на сите полиња од општеството, за да кога ќе се јави потреба за одреден проблем биде набрзина решен, тие навреме да ги достават бараните информации[80].

Дипломатијата како лице на државата надвор од нејзините граници служи како и за пренесување на ставовите на сопствената држава кон останатите земји, но и за колектирање на одредени битни информации кои би ѝ биле од корист на сопствената држава. Секако, ова се добива преку игра на зборови и преку одредени начини на функционирање на дипломатската пракса, со што незабележано ќе се соберат одредени потребни информации.

Дипломатијата е многу слична со разузнавањето, најмногу поради нивната круцијална улога во општеството и во донесувањето на најбитните одлуки на една држава. Преку разузнавањето ќе се дојде до одредени информации, а преку дипломатијата тие информации ќе се искоординираат правилно за насочување на државата во одреден правец. Затоа, со правилна кохезија на овие два елемента, нема држава која нема да напредува перфектно и нема да ги реши навремено сите проблеми кои ќе ѝ се најдат на пат.

[80] Janne Nollan, Diplomacy and security in the Twenty First Century, Georgetown University, 2009.

# 3.1 ПРОЦЕС НА РАЗУЗНАВАЊЕ

Процесот на разузнавање се состои од секојдневни активности на разузнавачката заедница. Започнува со оние кои им се потребни разузнавачки информации, односно тоа најчесто се: политичари, воени лица и останати чија задача е да одлучуваат и имаат потреба од разузнавачки информации во извршувањето на нивните должности и обврски.

Откако една информација е собрана, таа се процесира, потоа евалуира и се предава на оние кои ја побарале истата информација. Аналитичирате чија работа е да ги преработат и анализираат добиените информации играат битна улога во процесот на одлучување кој следи по анализирањето и преработката на информациите. Со нивна правилна и брза обработка на информациите, ќе придонесат до брзо донесување на одлуки за тоа кој ќе биде наредниот чекор[81].

Терминот „разузнавачки процес„ се однесува на чекорите или фазите во разузнавањето, се од оние на кои им се потребни информациите за донесување на важни одлуки, па се до испорачување на заедницата на информациите во вид на продукт. Разузнавањето, воглавно се состои од пет чекори и тоа:

1) Потреба
2) Собирање на информации
3) Процесирање и преработка
4) Анализа и продуцирање
5) Дисеминација

1) Идентификувањето на потребата за која треба да се соберат одредени информации значи да се определат зоните во кои има потреба да се истражува, како и да се прецизираат приоритетните податоци за истражување. Тука може да спомeнеме дека насекаде има потреба од информации и од нивно анализирање, но нема секогаш доволен број на разузнавачки структури за собирање и анализирање на истите, па затоа треба да се даде приоритет на одредени типови на информации, а другите да бидат ставени во секундарна позиција за подоцнежна обработка[82].

---

[81] Operations Security, Intelligence treat Handbook, Federation of American scientist, достапно на: http://fas.org/irp/nsa/ioss/threat96/part02.htm
[82] The intelligence cycle, CIA, 2007, достапно на: https://www.cia.gov/kids-page/6-12th-grade/who-we-are-

2) Колекцијата, односно собирањето на информации се извршува по одредување на приоритетните информации за собирање. Битно е да се спомене дека за одредени типови на информации да бидат соберени ќе треба да се комбинираат повеќе типови односно методи за собирање на информации за да се дојде до крајниот продукт.
3) Процесирањето на информациите претставува конвертирање на голема количина на податоци во корисни и прецизни информации кои ќе им одговараат на потребите на корисниците.
4) Идентификацијата на потребите за разузнавање, колектирање, процесирање на податоците се беззначајни ако истите податоци не бидат анализирани од страна на лица чија основна задача е да ги преработат истите и да направат извештај за потребите на крајните корисници.
5) Дисеминацијата претставува процесот кој ги спојува корисниците на информации и оние кои ги даваат информациите.

## 3.2 РАЗУЗНАВАЧКИ ЦИКЛУС

Гледано низ историјата, разузнавачкиот циклус отсекогаш играл битна улога во процесот на разузнавањето, особено во последните децении на 20-тиот век. Разузнавачкиот циклус е процес во кој информацијата се обработува во рамки на разузнавачко – безбедносните процедури определени во системот на функционирање на еден сегмент или како целина во разузнавачката служба[83].

Креирањето на корисна информација и нејзиното навремено доставување до ограните на кои таа им е потребна зависи од многу фактори. Првично, квалитетот на информацијата, нејзината содржина и нејзините карактеристики најмногу зависат од обученоста и напорот кој се вложува од страна на лицата чија задача е да ја добијат информацијата која им е потребна.

Разузнавачкиот циклус претставува процес во кој информациите се преработуваат во завршен продукт и се доставува до оние чија задача е да донесуваат одлуки и акции. Во натамошниот текст ќе ги наведам петте чекори од кои е составен разузнавачкиот циклус.

---

what-we-do/the-intelligence-cycle.html

[83] Методија Дојчиновски, Современо воено разузнавање , Соларис принт Скопје 2009, стр.57.

1. Планирање и насочување

   Овој чекор претставува менаџирање, односно идентификување на податоците и информациите кои се потребни на крајниот корисник и нивно прецизирање и маркирање. Овој чекор претставува почеток и крај на циклусот, почеток затоа што вклучува изработка на посебни услови за собирање на информации, а крај затоа што завршниот продукт придонесува до генерирање на нови потребни информации.

2. Собирање на информации

   Колекција односно собирањето на информации претставува собирање на необработени податоци кои се потребни да се репродуцираат до завршна разузнавачка информација. Освен отворените извори постојат исто така и голем број на тајни извори на информации. Операторите, односно активистите на разузнавачките служби кои делуваат на терен ја играат главната улога во овој чекор на собирањето на информациите. Освен овој класичен вид на собирање на информации, во поновата историја многу поистакнат е електронскиот вид на собирање на информации, како најточен и најпрецизен и концизен начин на добивање на одредена информација.

3. Процесирање на информацијата

   Процесирањето, односно обработката на информацијата претставува конвертирање на голема количина на информации собрани од страна на ативистите на терен и нивно анализирање преку декриптирање, преведување од еден јазик на друг и други начини.

4. Анализирање и продукција

   Ова претставува конвертирање на основните информации во краен продукт. Вклучува интегрирање, евалуирање и анализирање на сите достапни податоци и подготвување на разузнавачкиот продукт.

5. Дисеминација

   Последниот чекор, кој логично се вклопува со првиот, претставува дистрибуција на крајните податоци до корисниците на нив, истите оние чија задача е да донесуваат важни одлуки чија основа се разузнавачките информации[84].

---

[84] Richard J. Hughbank, Intelligence and its role in protecting against terrorism, Journal of Strategic Security 3, no. 1 2010

## 3.3 УЛОГА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА ТЕРОРИЗМОТ

Разузнавањето има исклучителна односно решавачка главна улога во борбата против тероризмот. Таа улога се согледува во тоа што терористичките напади треба да бидат спречени уште во фазата на планирање, а не потоа, затоа што ќе биде касно. Единствено разузнавачките служби преку своите инструменти за работа можат да дојдат до одредени круцијални информации со кои ќе се открие целта на терористите и со своите елементи ќе ги спречи во нивното остварување.

Сепак, успешноста на разузнавачките служби во остварувањето на целта, односно работата за која се создадени зависи многу од способноста за континуирано дејствување и солидно познавање на терористичките групи и поединци, познавање на точната природа на нивните планови и цели, нивната политичка, економска и психолошка мотивираност и склоности, без имиња на лидерите, членството, логистичките и финансиските можности, нивните врски со другите домашни и меѓународни терористички организации, врските со другите терористички држави, држави кои го спонзорираат тероризмот, како и со структурите на меѓународниот организиран криминал кои честопати се јавуваат во улога на нивни спонзори [85].

Друг битен елемент за функционирање на разузнавачките служби е меѓународната соработка и размена на информации помеѓу разузнавачките служби.

Генерално, разузнавачките служби мораат да ги откријат потенцијалните намери и истите да ги анализираат со цел да се реагира на вистинскиот начин. Информацијата мора да биде анализирана и пренесена до повисоките органи на време за да се реагира во временски интервал во кој ќе биде ефективна работата. Пример за неефективно пренесување и анализирање на информации е информацијата со нападот на клите близначки во 2001 година во Њујорк. Истата информација била пресретната од страна на разузнавачките служби на САД неколку дена пред да бидат извршени нападите, но поради лошата координација на службите и нивното мислење дека преведувањето на оваа информација и нејзино анализирање.

Друг факт кој може да се спомене е тоа што како најтежок систем на комуницирање на разузнавачка служба кој може да се спомене е оној на израелската служба MOSSAD, кај која секој извештај мора се состои од само една реченица.

Еден од најефективните начини за собирање на информации кои ќе ни бидат од

[85] Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Соларис принт Скопје 2002, стр.176

корист и кои ќе бидат информации од прва рака е инфилтрирањето на информанти во внатрешноста на терористичката организација.

Инфилтрирањето може да биде понекогаш и погрешна одлука, затоа што за внесувањето на истите кои во минатото можеби биле членови на истата организација е ризик, исто така е ризик и за разузнавачката служба која го внесува информантот. Но, сепак мора да се преземе одреден ризик за да се добијат информации. За успешност во работата на разузнавачките служби во денешницата многу битна улога има технологијата. Пресретнувањето и анализирањето на пораките кои многу често се шифрирани и кодирани е една од најзначајните улоги на службите.

Со декодирањето на информациите кои се препраќаат помеѓу терористите ќе се открие нивната намера и со тоа ќе се овозможи навремено делување од страна на органите на власта кои се наменети за таа цел. Иако во денешно време, терористичките организации располагаат со модерна технологија со која можат да го отежнат работењето на разузнавачките служби и да си ја олеснат својата работа, се тежнее разузнавачките служби да бидат секогаш чекор понапред.

Тоа значи тие секогаш да знаат кој ќе биде наредниот чекор на терористот. Тоа може да биде остварено единствено со напредна технологија и со добра обука. Иако, со помош на разузнавачките служби се спречени голем број на напади со кои можеби би имало стотици и илјадници жртви, во голем број на случаи поради ненавременото реагирање на нив се случиле напади со кои се нанесле голем број на жртви и материјална штета.

Тероризмот како закана за националната безбедност на државата, а тоа значи на сите вредности и атрибути кои една држава ја прават, е закана која во никој случај не може да биде споредена со друга закана[86]. Задачата на разузнавањето во спречувањето на тероризмот е една од потешките задачи кои ги има во своето функционирање. На почетокот, за да биде успешно разузнавањето уште од самиот почеток, треба да се открие идентитетот на лицата кои партиципираат во заговорот за одреден терористички напад. Знаејќи дека главната цел на терористите е да предизвикаат страв кај населението насекаде низ светот, а особено на местата каде имаат цел за напад, треба да се реагира навремено и на правилен начин.

Со навремено добивање на разузнавачката информација за одредено планирање на терористички напад, уште на почетокот се зголемуваат шансите за спречување на

[86] Фердинанд Оџаков, Разузнавачките служби во борба против тероризмот и организираниот криминал, Соларис принт, Скопје 2010, стр.155.

истиот и за откривање на лицата чија цел е да учествуваат во тој терористички напад. Затоа при добивањето на таквата информација, треба веднаш да се реагира, и максимално ефикасно што може да се превземат мерки за заштита на лицата или објектите кои се можни цели за напад и за превенција на нападот кој се планира да се изведе.

Во случај да може да се заробат оние чија задача е да го извршат нападот, ќе придонесе многу во натамошната истрага за тоа кој го планирал нападот, како и за можните соработници во терористичкиот напад, неговото планирање и неговото изведување[87].

Нецелисходно е што во потрагата по терористи масовно да се вклучуваат воздухопловството, специјалните сили дури и бројни пешадиски и оклопни единици. Единствени кои се оспособени „да гледаат во иднината" односно собирајќи информации да дојдат до сознанија благодарение на кои ќе се оневозможи извршување на терористички актиновсти, се токму разузнавачките служби [88].

Задачата на разузнавањето е потешка во случај кога при истражувањето на тоа кој го планира терористичкиот напад и неговите изведувачи, да се пронајде некој кој до тогаш не учествувал во никој терористички напад и не бил инволвиран во активности на некоја терористичка група. Самото тоа претставува отежнувачка околност за разузнавачките служби. Разузнавањето не постои само за да ги открие извршителите на самиот терористички напад, туку постои и за да ги открие оние кои планираат одреден терористички напад.

Кога станува збор за тоа дали тероризмот е единствената задача на разузнавачките служби, може да напоменеме дека тоа е точно, но не може да се споредува тероризмот со било која друга закана по националната безбедност и претставува најтешка задача на разузнавачките служби.

Во однос на придонесот кој разузнавањето може да го има во борбата против тероризмот, неопходно е да се истакне дека евентуалниот успех во истата не е заслуга само на оперативците на разузнавачката служба, или нивната соработничка мрежа, туку дека е исключително важно она што ќе го сработат вработените во аналитичката компонента на разузнавачката служба[89].

---

[87]Jonathan Pinkus, Intelligence and public diplomacy: The changing tide, 2014, достапно на: http://scholarcommons.usf.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1348&context=jss -

[88] Методија Дојчиновски & Фердинанд Оџаков, Разузнавачки операции, Соларис принт Скопје 2010, стр. 177.

[89] Philip Hughes & Peter C. Oleson, Diplomacy and intelligence, 2016, достапно на:

Разузнавачките служби се тие кои мора да бидат секогаш еден чекор пред терористите, да размислуваат кој ќе биде наредниот чекор на истите и на крајот да реагираат на време со што ќе ги прекинат терористите во нивната намера, а истовремено ќе ја исполнат и целта за која се создадени и за која постојат[90].

На крајот може да заклучиме дека основната функција односно задача на разузнавањето преставува превенцијата на тероризмот. Целта е сигурно предвидување на планирање или на изведување на терористичките напади со што ќе се олесни борбата против тероризмот.

---

http://www.whwg.com/wp-content/uploads/2017/01/Diplomacy-Intelligence.pdf

[90] Problems in international relations: Diplomacy and Intelligence, Rutgers University, 2008, достапно на: https://www.afio.com/aep/YANNAKOGEORGOS_Fall_2008.pdf

## 3.4 ЗНАЧЕЊЕТО НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ЗА МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ

На државно ниво, разузнавањето може да спаси животи, на меѓународно овозможува заштита од започнување од војна и губење на голем број на животи. Настаните од минатата декада, 9/11, Ирак – 2003, Мадрид-2004, Лондон-2005, Брисел-2016, Париз 2016 и така натаму, докажуваат дека сеуште разузнавачко-безбедносна структура сеуште не е совршена, или сеуште не функционира без грешки.

На почетокот на 21 век сме, а сеуште нема основна дефиниција за тоа што претставува разузнавањето, поради тоа што секој автор си креира своја дефиниција. Мора да се напомене дека термините, информација, и, разузнавање, се два различни термина. Повеќето од луѓето имаат слика дека разузнавањето најмногу се фокусира на разузнавање во странство поврзано со работата на странските разузнавачки служби и тајните операции кои се изведуваат против непријателските сили. Поради фактот што разузнавањето припаѓа во групата на меѓународни врски, не е изненадувачки фактот што најпознатите меѓународни разузнавачки служби се американската CIA ( Central Intelligence agency) , Британската MI6 и реконструирана КГБ на Руската Федерација. Многу битно што мора тука да се напомене е дека во овие земји, односно во најсилните светски земји, постојат голем број на агенции, со најразлични улоги на вршење и на собирање на најразлични типови на информации, а со тоа и со различни методи на работа, со што се овозможува полесна преработка на информациите кои истите ги собираат од терен и нивна брза и ефективна преработка и доставување до надлежните.

Со падот на Советскиот сојуз а воедно и со крајот на Студената војна, потребата од понатамошни разузнавачки служби била главна тема за разговор кај големите земји. Пред тоа време, одговорноста на агенциите била да ги определат целите.

Без адекватна цел, ризикот да бидат напуштени, се појавила помала употреба на истите. Без разлика на тоа, иако биле меѓу оние фукнции во државата, кои се најплатени и во кои се најмногу вложува, пример CIA на САД, таа потклекнала во стопирањето на заканите кои биле пред неа и најзначајните случки како што се: падот на Берлинскиот ѕид, падот на СССР, инвазијата на Ирак врз Кувајт, неуспешната инвазија на САД врз Ирак. Поради овие податоци и многу други помалку важни кои не се наведени погоре, се поставува прашањето дали вредат средствата кои се вложуваат во разузнавачките служби.

Очигледно е дека државите низ светот се потпираат и на внатрешните и на надворешните разузнавачки информации за нивно правилно фукнционирање, но како и да е најмногу внимание се посветува на надворешното разузнавање и меѓународните врски. По 9/11 било поттикнато прашањето за тоа како може со мултилатерално чување на мирот да се инволвира во институциите како што е ОН. Претставувањето на јавноста на САД како, светски полицаец, е нешто што моментално се случува низ светот на одредени места. Со распаѓањето на Советскиот Сојуз, САД преставува најголема светска сила – единствената држава која е доволно економски и воено силна за да реагира било каде низ светот. Исто така и колективната одбрана која досега е применета во некои случаи, е доказ дека САД може да реагира и реагирала на брз и ефективен начин (Косово, Руанда и Судан). Иако по случките од 9/11 и со меѓународните договори за борба против меѓународниот тероризам, сепак некои земји не ги предаваат целосно своите безбедносно-разузнавачки служби на САД за нивно користење[91].

Ако знаењето е сила, тогаш може слободно да заклучиме дека разузнавањето претставува форма на моќ. Разузнавањето овозможува основа за донесувачите на одлуки, односно политичарите, организациите и државите кои се загрозени од некакви закани. Затоа, тензиите помеѓу разузнавачките одлуки и политичарите се тема која секојдневно се зборува насекаде низ светот. Политиката најчесто е формулирана според одредена идеологија, додека разузнавањето е продуцирано со евалуирање на „крути" информации.

Кога ќе се судрат овие два термина доаѓа до многу спротивности. Кога разузнавањето се судара со политичките одлуки, разузнавањето губи, кога информацијата коинцидира со силата, информацијата е жртвата. Затоа во практика, разузнавачката информација е корисна и се претставува на јавноста само во случај кога таа се истоветува со политичките идеи и е од нивна корист. Разузнавањето не може да го дефинираме само како инструмент на политичарите, туку може да се каже дека игра и битна улога во одредени акции со кои се кршат одредени правила, односно државни закони, кои особено се сретнуваат во тајните операции кои се вршат од разузнавачките служби.

Исто така разузнавачките методи се користат се повеќе и повеќе со цел да се

---

[91] Alan Dupont, Intelligence for the Twenty-First Century. *Intelligence and National Security,2003*

откријат активности на криминални организации кои се инволвирани во криумчарење со дрога, оружје или бело робје. По нападите 9/11 се повеќе е ставен акцент на здружено дејствување на цивилното и военото разузнавање, со што се зголемува можноста за навремено откривање на заканите и нивно елиминирање.

Контроверзниот случај за инвазијата на Ирак во 2003 година од страна на САД и недостатокот на докази за причината за напад се јасен доказ дека понекогаш разузнавањето се користи за политички цели. Како друг случај кој може да се спомне а исто така претставува голема грешка претставува смената на режимот на Садам Хусеин, кој наидувал на голема спротивставеност од страна на разузнавачките служби. Но сепак, таа одлука политичарите не ја почитувале, па така се случиле нападите 9/11 и 7/7 во Лондон, кои претставуваат јасен доказ дека не секогаш политичките цели и оправдувања треба да бидат пред разузнавачките индикации.

На крајот, може да се заклучи дека потребата од информација во денешно време е многу значајна и таа претставува врска помеѓу индивидуалци, групи организации,, држави и општества и дека истата е основа за интересите и секако, нивен инструмент за добивање на посакуваното [92].

---

[92] Christopher Andrew, Intelligence, International Relations and 'Under-theorisation'. *Intelligence and National Security*, 19 (2), 2004, 170-184.

# 4. СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ДИПЛОМАТИЈАТА

## 4.1 ПОИМ ЗА ТЕРОРИЗАМ И НЕГОВО ДЕФИНИРАЊЕ

Тероризмот како појава има корени од далечното минато. Истиот со текот на времето, со напредокот на технологијата и на информатичкото општество, напреднал во сферата на неговото влијание. Тероризмот со своето усовршување и со се поголемата комплексност на терористичките организации, го поттикнал и развојот на безбедносните системи на современите држави.

Современиот тероризам претставува примарна цел на безбедносните системи на современите држави. Борбата против современиот тероризам е примарна задача на секој државен врв на било која земја низ светот. Тоа значи, задача, која е од приоритентно ниво за зачувување на безбедноста на своите граѓани[93].

Современиот тероризам како појава ја добива својата актуелност во меѓународно ниво по нападите во 2001 година врз Светскиот Трговски Центар во Њу Јорк, од кога медиумското влијание за борбата против тероризмот е се поистакната и позастапена во етерот. Со самото тоа, не само што се влијае психолошки врз населението, преку создавање на несигурност и намалена безбедност, туку и се поттикнуваат државните врвови за реагирање и за преземање на акции за борба против терористичките организации.

Борбата против тероризмот како појава по претходно наведените напади е се поистакната, особено со новите отворени жаришта на тероторијата на Блискиот Исток, односно на државите кои се наоѓаат на таа територија. Во таа борба, освен САД како лидери, се вклучиле голем број на земји, кои како земји партнерки и на НАТО и на останати меѓународни организации, реагирале, за да навремено се искорени таа појава. Но, сепак и ден денес уште не е можно да се добие таа започната битка, поради големата комплексност на тероризмот и на начините на функционирање на терористичките организации[94].

Во дефинирањето на тероризмот се појавуваат одредени тешкотии, како и прашање зошто воопшто е потребно да се обидуваме да го дефинираме него? А потребата за дефинирањето на тероризмот произлегува од фактот дека е неопходно да

[93] Gerard Chailand & Ardnaud Blin, The history of terrorism, University of California press, 2007.
[94] Caleb Carr, The lessons of terror, Random house, New York, 2003.

се дефинира соодвеното однесување кое не е прифатливо и кое се смета за противзаконско од страна на системот на кривичното право на секоја држава. При тоа, за тероризмот постојат доста дефиниции со оглед на тешкотиите во неговото дефинирање. Така што, во сите држави во светот во кои има казнено право, тероризмот е дефиниран според националните интереси на земјата.

На прашањето кои се заедничките елементи на тероризмот, Интерпол одговара дека, генерално, тероризмот е криминал што го карактеризира насилство или заплашување, најчесто против невини жртви, во настојување да остварат политички или општествени цели.

Голем број дефиниции ја истакнуваат политичката компонента на тероризмот, но постојат обиди да се додадат и некои други цели како што се криминалните. Пол Вилкинсон криминалниот тероризам го дефинира како систематско прибегнување кон терор поради стекнување приватна материјална корист.

Но, кога меѓународниот тероризам стана глобална-светска појава, настанаа тешкотии од правна, идеолошко-политичка и методолошка природа. [95]До овој момент се евидентирани стотици различни дефиниции, но нема ниедна која би била општо прифатена во целиот свет. Доколку, пак, оваа криминогена појава не може јасно и прецизно да се дефинира, таа и не може да се стави под контрола на општеството и државните институции и не може против неа да се координирана и ефикасна борба[96].

Несогласноста околу дефиницијата за тероризмот и понатаму ќе остане најголема пречка во примената на сеопшти мерки на глобален план за спротивставување на носителите на тероризмот. Гледано од аспект на теророт, за тероризмот можеме да кажеме дека претставува политичка пракса и во своето општо и политичко значење претставува примена на непосредно и организирано насилство на една или повеќе групи кои се спремни и по физички пат, вклучувајќи ги тука и атентатите, киднапирањата и убиствата, да ја наметнат својата волја на државата, односно општеството и да употребуваат психички терор спрема масите, предизвикувајќи при тоа колективни и индивидуални комплекси на страв, несигурност и апатија. Значи тероризмот е владеење со застрашување и насилство, односно политичка борба со систематска примена на страв.

---

[95] Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Македонска цивилизација, Скопје, 2004
[96] Erik Mannik, Terrorism, its past, present and future prospects, 2009, http://www.ksk.edu.ee/wp-content/uploads/2011/03/KVUOA_Toimetised_12-Männik.pdf .

## 4.2 КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Карактеристиките на современиот тероризам произлегуваат од принципите, начелата, организираноста, оспособеноста и од средствата кои ги применуваат терористите при извршување на терористичките дела. Тие се бројни, меѓутоа, како позначајни ќе ги истакнеме: тероризмот како акт на комуникација, како акт на заплашување, како аморален акт, како правно забранет акт, учеството на жени во тероризмот, намалувањето на просечната старост на членовите на терористичките организации[97].

Сепак, постојат многубројни истражувања за тоа кои се карактеристиките на современиот тероризам и кои се основните сегменти на него. Како битни сегменти, односно аспекти на современиот тероризам можеме да ги споменеме следниве: психолошкиот, економскиот, социолошкиот, криминолошкиот, политичкиот и теолошкиот аспект. Со разбирањето на овие сегменти ние ќе можеме полесно да ја разбереме природата на тероризмот и целта поради која постои одредена терористичка организација.[98]

Терористичката организација е повеќе заинтересирана за реализација на политичката програма на маргинилизираните социјални групи со цел добивање легитимација за своите терористички активности, за потоа, преку реализација на политичката програма на етничката или верската група, да ја максимизира својата политичка моќ, и на тој начин да го легализира својот политички статус на национално ниво. Оваа стратегија бара висок степен на флексибилност и организациска способност и функционална адаптибилност, што е одредувачка карактеристика на современите терористички мрежи. Иако глобалниот тероризам предоминантно е одговор на негативните последици на глобализацијата, глобалниот тероризам повеќе зависи од локалните политички, економски, културни или психолошки детерминанти. Нивната цел е да ги мотивира заедниците на активности против локалната влада, против процесите на глобализација, против државата, организациите или мултинационалните компании, кои стојат на патот за остварување на нивната политичка програма со цел постигнување на сопствената цел, која е насочена кон создавање поголемо политичко влијание на маргинализираните заедници.[99]

---

[97] Mahdi Mohammad Nia, From old to new terrorism – The changing nature of international security, 2010, https://gsj.stonybrook.edu/wp-content/uploads/2010/06/0018Nia.pdf

[98] Митко Котовчевски, Современ тероризам, Македонска цивилизација, Скопје, 2002.

[99] Тања Милошевса, Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал, Филозофски факултет, Скопје, 2016.

Останатите елементи кои претходно се споменати не се зазанемарување, затоа што со нивно изучување ќе се согледаат причините за постоењето на терористичките организации и за методите и целите на истите. По нападите на 9/11 голем број на истражувања се насочени кон тоа која е целта за постоењето и изведувањето на терористички акции и како одредени индивидуи се мотивираат за извршување на тие задачи[100]. Многубројни автори имаат најразлични дефиниции за природата, причината и начинот на мотивирање на терористите при изведувањето на тие акции.

Се́ поголем е бројот на научни истражувања за начинот на кој се формираат, како се пропагира нивната задача и како се регрутираат нови членови на терористичките организации. Се́ почести се ограноците на големите терористички организации кои се наоѓаат низ светот и кои дејствуваат во име на идеологија. Начините на пробивање на терористичките мрежи се се потешки и посложени, со што многу е отежната работата на државните органи кои во улога на безбедносни системи имаат за цел елиминирање на ваквите организации.

Поради финансиското и политичкото влијание и стекнатиот авторитет на одделни терористички организации, многу помали организации ги приспособуваат своите активности кон глобалните мрежи. Паралелно, се формираат регрутни центри, кои функционираат под заштита на легални активности, чија основна цел е ширење радикално верско-идеолошко учење на сродните терористички организации. Вакви погледи се шират и по пат на интернет, каде што се достапни пропагандните материјали на терористичките организации. На овој начин, се јавува можноста, односно се создава простор, одредени поединци или групи да се препознаат како симпатизери, а потоа и како следбеници и припадници на терористичките мрежи, а со мрежата воопшто и да не воспоставиле физички или формален контакт.[101]

Интернетот им овозможи на терористичките организации полесен и побрз начин на комуникација, при што нивните членови од еден крај на светот до друг можат да пренесат битна информација и истата да ја стават во етерот на милиони луѓе кои се приклучени на интернетот. Самото овозможено непречено комуницирање предизвикува дополнителен предизвик за современите држави и нивните безбедносни системи.

[100] Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Македонска Цивилизација, Скопје, 2004.
[101] Тања Милошевса, Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал, Филозофски факултет, Скопје, 2016.

Напредокот на информатичката технологија треба да овозможи на безбедносните системи унапредување на нивната технолошка и информатичка технологија, со што ќе се даде простор на вработени во тие системи навремено да ги откријат намерите на терористите и истите да влијаат во нивно спречување.

Кога станува збор за карактеристиките на современиот тероризам, напредокот на општеството иницирал и напредок на самиот тероризам. Начините и методите кои ги користеле терористичките организации пред дваесет години тотално се разликува од начините на работа на терористичките организации од претходно. Глобализацијата создаде значајни претпоставки терористичките организации да дејствуваат на меѓународен план, им понуди механизми со кои се зголемува нивното влијание врз многубројни популации и ги оспособи за напади на определени влади на други држави.

Тоа значи, дека истовремениот напредок на општеството и на современите држави овозможува и напредок на терористичките организации и нивниот начин на работа. Затоа, според голем број на студии, безбедносните и разузнавачките елементи од државните системи насекаде низ светот, треба да бидат постојано во чекор со заканите кои се јавуваат и постојано да изнаоѓаат начини за нивно неутрализирање и онеспособување.

Дипломатијата како продолжена рака на државниот врв е меѓу првите сегменти од системот кој е директно вмешан во селектирањето на потенцијалните закани. Дипломатските претставници треба постојано да се во чекор со сите случувања надвор од нивната земја на испраќање, за да навремено ги предупредат своите претпоставени назад во матичната земја, за истите навремено да реагирааат.

Дипломатските претставници треба да се постојано во иста линија со начините и методите на терористичките организации, затоа што тие, во координација со разузнавачките служби и нивните оперативци, можат првобитно и навремено да бидат влијателен фактор во спречувањето на одредени терористички акции во својата матична земја.

Комплексноста на современиот тероризам се основа на неговата непостојаност и на неговата секојдневна различност. Затоа, дипломатските претставништва, треба да имаат широк спектар на координација со останатите делови од безбедносниот систем на една држава, за истите навремено да ги откријат заканите.

## 4.3 МЕЃУНАРОДЕН ТЕРОРИЗАМ

Сé почесто сме сведоци на тенденциите на терористичките организации на делување на тлото на земјите од Западна Европа и на САД. Главна цел на современите терористички организации е да се наруши мирот и безбедноста на моќните држави кои се главни нивни протагонисти, да се предизвика страв кај населението и да се влијае во нормалното функционирање на безбедносните системи. За таа цел, се почеста е соработката помеѓу државите на меѓународно ниво за навремено спречување на терористичките напади. Сé почесто се формираат сојузи на билатерално или мултилатерално ниво.[102] Меѓународниот тероризам привлекува особено внимание на меѓународната заедница, олицетворена во меѓународните организации што се смета за особено опасен.

Владите низ светот се цврсти во барањето дека општите, високи светски интереси не може да се повредуваат поради постигнување на некоја партикуларна цел, без оглед на тоа колку тероризмот би бил праведен[103]. Можеби за тоа најдобар пример е ставот кон палестинските терористи. Многу држави ја признаваат праведноста на борбата на палестинскиот народ и ПЛО, како негов легитимен претставник и ги одобруваат вооружените форми на таа борба против Израел. Меѓутоа, тие се, исто така, согласни во тоа дека борбата за ослободување на Палестина, не можат да ги оправдаат грабнувањата и уништувањата на воздухопловите на меѓународни линии, убиствата на дипломатски претставници, подметнување на бомби на јавни места во странство и попречување на меѓународни собири, како што беше Олимпијадата во Минхен 1972 година и Конференцијата на Организацијата на земји извознички на нафта во Виена 1975 година.

Во овие и во сите други случаи се смета дека слободата и безбедноста на меѓународниот сообраќај, човековите права и неприкосновеноста на дипломатските претставници се важни за светот во целина и поважни од секој посебен интерес. Ова е прецизно регулирано и дефинирано во член 302 и 303, односно 309 од КЗ на Република Македонија, каде се зборува за кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај и кривични дела против државата.

---

102 Tom Parker & Nick Sitter, The four horsemen of terrorism – Its not waves its strames, 2009, https://people.ceu.edu/sites/people.ceu.hu/files/profile/attachment/1489/thefourhorsemenofterrorismfinaldraft.pdf

103 Митко Котовчевски, Менаџирање на терористички закани, Филозофски Факултет, Скопје, 2012

После акцијата за ослободување на патниците на грабнатиот француски авион во Ентебе – Уганда, која ја изведоа израелски командоси на 4 Јули 1976 година, поранешниот американски амбасадор во ООН Даниел Мојнихен во Парискиот „Еспрес" вели: „ Меѓународниот тероризам станува закана чија ширина никој не може да ја предвиди. Неговата технологија е уште на почеток а најстрашните опасности допрва треба да дојдат".

Меѓународниот тероризам донесе два нови принципи, кои според, Мојнихен претставуваат огромна опасност за демократијата. Првиот принцип: одбраната елита одлучи сама за изборот на патот на едно цело општество, а вториот, и многу поопасен принцип е дека во политиката никој не е невин.

Со тоа, тероризмот во самото свое начело ја негира секоја разлика помеѓу државата и општеството, јавното и приватното, владата и поединецот. За терористите не постојат ни невини, и граѓани во еднина. Таквата негација, како што заклучува Мојниген е природно уверение на оние кои мислат да ги бранат интересите на масите, но о нив не се длабоко врзани. [104]

Значи, под меѓународен тероризам се подразбира закана или употреба на насилство во политички цели или актери, жртви, средства или цели кои ги надминуваат националните граници и кој во основа може да биде меѓудржавен и транснационален.

Овој вид на тероризам во денешницата започна мошне силно да се појавува и да станува меѓународен проблем со мошне негативни импликации со отпочнувањето на новиот циклус на терористичката активност кој започна кон крајот на 60-ите години и трае до денес. Најголем број од терористичките групи имаат меѓународен карактер, кој произлегува од припадноста на нивните членови, нивното движење и засолнување, објектите на нивниот напад, набавката на оружје, сличноста на методите и техниките со кои се служат терористичките организации итн[105].

Во меѓународната заедница особено поради политичката позадина нема идентични сфаќања за тоа кој акт на насилство ќе се смета за терористички акт. Досега усогласени се гледишта само за три вида на насилство: грабнување на воздухоплови, убиство, односно насилство спрема дипломатски претставници, членови на нивните семејства, амбасадите, конзулатите, резиденциите и сл. При толкувањето на овие

---

[104] Мира Кларин, Тероризам, НИП Политика, Белград, 1978, стр.106
[105] Митко Котовчевски, Извори на загрозување на мирот и на националната безбедност, Балкански центар за мир, Скопје, 1999,

видови на насилства[106], најчесто во светот за меѓународен тероризам се смета оној терористички акт, кога во него директно или индиректно се вовлечени две или повеќе држави, било преку свои државјани или некои други добра (авион, брод, амбасада) кои се јавуваат со својство на субјекти или објекти и кога со терористичкиот акт се загрозени лица или други добра кои уживаат заштита со меѓународни конвенции. Со терористичкиот акт се загрозуваат определени добра кои подлежат на одредена меѓународна заштита.

Меѓународниот тероризам е условен (детерминиран) од многу фактори и специфични општествени состојби, како: постоењето на спротивни општествено-политички и интересни сфери во разни региони во светот, постоењето на процеси на распаѓање на социјалистичките општествени односи, неможноста секогаш да се води класична војна за да се остварат одредени цели на потчинување, зависност или послушност, разни обиди на кризи во економската сфера, постоењето на мноштво противречни општествени состојби кои имаат директно влијание за максимално и многустрано оттуѓување на личноста итн.

Меѓународниот тероризам најчесто има за цел да се чуе во светот, да се ослободат осудени лица, да се избори некаков акт или воздржување. Него го карактеризираат: организираност, тајност, висока стручност и специјализација на кадарот, голем ефект со најмалку жртви и непредвидливост.

Тој претставува најголемото зло на современата цивилизација. Без оглед на тоа дали станува збор за меѓународен или внатрешен тероризам, тој според целите, односно она што сака да го постигне може да биде селективен и неселективен[107].

Селективен тероризам е оној кога строго се одбира жртвата и при изведувањето на акцијата не се допушта да дојде до непредвидени жртви. Додека неселективен е оној тероризам кога се одбира целта и се извршува терористички акт, без оглед на тоа кој се друг ќе настрада, се допушта покрај основната цел да се случи и друга. Оваа поделба е во однос на тоа дали жртвата однапред е определена или не, а постои и друг вид на поделба на тероризмот во однос на пасивниот субјект жртва, и според него тероризмот се дели на масивен и индивидуален[108].

Прераснувањето на тероризмот во глобална закана за светската безбедност е предоминантна последица на економската и политичката глобализација и на

[106] Митко Котовчевски, Извори на загрозување на мирот и националната безбедност - Балкански центар за мир, напредок, Тетово, 1999, стр.196.
[107] Милан Милошевиќ, Тероризам као кривично-правна категорија, Безбедност бр.4/88, стр. 340.
[108] Љубомир Стајиќ, Основи безбедности, Полицијска Академија, Белград, 2004.

меѓузависноста што предизвика фундаментални промени во производството, трговијата и во финансиите. Високиот степен на флексибилност на движење на луѓето, услугите, информациите, поврзани со рапидниот раст на комуникации меѓу различните култури и цивилизации низ светот, услови креирање/создавање глобално опкружување со несогледливи можности за глобално дејствување на терористичките организации.

Промените во светската економија, трговијата и финансиските услуги водеа кон формирање глобална меѓузависна финансиска и пазарна мрежа, што резултираше со немоќ на владите да остваруваат контрола врз сите економски и финансиски трансакции, кои се одвиваат на територија што се наоѓа под нивна јурисдикција. Постиндустриското општество е вклучено во новите видови политички и културни турбуленции во ерата на постстудената војна, со нови отворени можности за терористички активности, кои во новото опкружување на глобализација стануваат глобални per excellence.

Кога говориме за глобалниот тероризам, првенствено се мисли како на промени што настануваат во организациската структура и во радиусот на дејствување на терористичките организации (висок степен на децентрализација, помала улога на лидерот на групата, користење нови технологии за организирање и дејствување на терористичките групи...), но, исто така, и на промени што настануваат во мотивацијата на дејствување на терористичките организации (социјален мотив, верски и културен идентитет на маргилизираните групи, антиглобализам...) и последиците што глобалниот тероризам може да ги произведе за општествената заедница (масовни физички деструкции, биолошка деградација, хемиска контаминација, масовно повредување и страдање на луѓето).[109]

---

[109] Тања Милошевска, Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал, Филозофски факултет, Скопје, 2016.

## 4.4. ВИДОВИ НА ПРЕГОВАРАЊЕ

Вештините на преговарање во денешно време се најразвиени во областите во кој најчесто се случуваат конфликти: меѓународните односи и безбедносните ситуации. Преговарањето можеме да го поделиме на: дипломатско и полициско.

*Дипломатско преговарање* - Современата меѓународна заедница е составена од голем број на субјекти на меѓународното право и меѓународните односи, од кој секој е носител на некој свој интерес, кој понекогаш е во склад или несклад со интересот на другиот субјект. Кога меѓународната заедница не е во состојба да ги оттргне нивните причини, тогаш тие се појавуваат како меѓународни спорови, па и општи судири. Ако дојде до судир, тие се решаваат со примена на сила или по мирен пат. Од аспект на меѓународното право во насилни средства спаѓаат репресалиите и војната, додека мирните средства обично се делат на дипломатски и судски.

Постојат различни дефиниции за дипломатијата кој ја опишуваат нејзината улога, актери и областа во која делува. Дипломатијата е техника на државно делување насочена кон меѓусебно комуницирање на владите на државите. Дипломатијата е облик на исклучиво државна активност насочена кон другите држави и е примарно политичко средство.

Во теоријата и праксата на бобата против тероризмот постојат три различни димензии или модели за реакција на тероризмот:

1) Употреба на политика и дипломатија
2) Употреба на спроведување на закони и системи на казненото законодавство
3) Употреба на вооружени сили

Трите основни модели за борба против тероризмот во ниеден случај меѓусебно не се исклучуваат, туку напротив, взаемно се надополнуваат. Со комбинирање на определени елементи од трите презентирани алтернативни модели се доаѓа до конципирање на значајни политички насоки применливи за различни варијанти на терористичките судири, во различен број на специфични политички контексти и во различни општествени средини.

Овој широк спектар на активности нуди повеќестран пристап за ефикасно спротиставување на државата на тероризмот и доволна флексибилност да се справи со сите сериозни безбедносни закани без да се поткопа или сериозно да се доведат во прашање закани без да се поткопа или сериозно да се доведат во прашање

демократските принципи и правниот карактер на функционирање на државата[110].

Тврдолинискиот пристап најконцизно можеме да ги елабориураме преку следниве основни елементи:

- Треба да се избегнува претераното реагирање и општа репресија, што демократијата може да ја уништи значително побрзо и поефикасно од било која кампања на некоја терористичка организација.
- Преслаба реакција – неуспех во одржувањето на уставниот авторитет на власта и законите повлекува закана за запаѓање во анархија или создавање на недопирливи подрачја во кои доминираат терористите..Владата и безбедносните сили секогаш мора да дејствуваат во рамките на законот. (Ако не успеат тоа да го направат, ќе го поткопаат својот демократски легитимитет и довербата и почитувањето на јавноста за полицијата и системот на казненото правосудството).
- Тајната за добивање на битката против тероризмот во отвореното демократско општество е во добивањето на разузнавачката војна: на безбедносните сили кои што користат високо квалитетни разузнавачки служби, тоа ќе им овозможи да дејствуваат предвреме, спречувајќи ги терористичките завери да се случат.
- Тајните разузнавачки агенции и сите други институции вклучени во борбата против тероризмот мораат да бидат под силна контрола на избраните власти и да им бидат потполно одговорни.
- Ако се востанови дека во некој посебно сериозен терористички судир се потребни вонредни закони, тие мора да бидат привремени, подложени на честа ревизија од парламентот и да подлежат на одобрување од парламентото пред било какво нивно обновување.
- Не би требало да има признавање на никаков специјален статус за осудените терористи: терористите не се осудуваат заради своите уверувања, туку заради злосторот со посебно сурова природа и заради кршење на основни човекови права на останатите граѓани.
- Мора во потполност да им се спротистави на терористичките пропагандни и клеветнички кампањи: Ако не се направи тоа, постои опасност терористите со своите политички манипулации да го постигнат тоа што не можеле да го

[110] , Alan K.Henrikson.The types of small state diplomacy, 1999, https://is.muni.cz/el/1423/podzim2008/MVZ157/um/TEN_TYPES_OF_SMALL_STATE_DIPLOMACY.pdf

постигнат преку бомби и куршуми.

- И покрај постојните дилеми со кои се соочуваат властите во заложничките кризи, властите би требало да избегнуваат да им даваат поголеми отстапки на терористите. Ако државата дозволи да се формира општествен амбиент и да се изгради мислење дека терористичките уцени успеваа, тоа е почеток на крајот на демократијата и на владеењето на правото, од една страна, како и понатамошно зајакнување на терористичките кампањеи од друга страна.

Манифестираните слабости на државата во борбата против тероризмот ќе продуцираат неограничени барања на терористите се до конечното уривање на владата, а во најтешка варијанта и на државата. Одговорот на тероризмот мора да има интегрална димензија на државна и меѓународна.

Во ситуации кога терористичката кампања сериозно ѝ се заканува на јавната безбедност, воведувањето на специјална противтерористичка легислатива претставува нужност и неопходна мерка на државата. Но ако специјалната легислатива мора да биде употребена, според стандардите на земјите членки на ЕУ, треба да биде ограничена со три клучни мерки:

1. Сите аспекти на противтеротистичката политика и нејзината примена треба да се наоѓаат под општа контрола на цивилните власти и оттаму да подлежат на демократска одговорност.
2. Властите и безбедносните сили сите противтерористички операции мора да ги водат во рамките на законот. Мораат да преземат се што е во нивната моќ за да го осигураат одржувањето на нормалните правни процеси и оптужените за терористичките престапи да се изведат пред суд.
3. Специјалните овластувања, кои може да постанат нужни во борбата против тероризмот, законодавците треба да ги одобрат само на одреден и ограничен период, најдолго за една година. Законодавците би требало да имаат право да ги укинат специјалните овластувања делумно или во целост ако се променат околностите. Вонредните овластувања треба да бидат јасно и едноставно определени, објавени и непристрасно применети.

Основната премиса за успешна борба против тероризмот претставува постоењето на солидна и концизна политика за борба против тероризмот со прецизни и дефинирани цели. Борбата против тероризмот бара мултидимензионален пристап кон сите видови на тероризам, главно преку колективни напори на глобалната заедница. Сите цивилизирани општества мора да ги искористат своите дипломатски,

информациони, воени и економски способности, за да ги поразат терористичките организации насекаде, да ги одвратат државните и недржавните финансирања на терористичките организации и да ги уништат основните причини за тероризмот. Оваа стратегија ги повикува и државите подготвени да се борат против тероризмот, како и регионалните и меѓународните организации, приватните и јавни тела, поединците, да се здружат во борбата против тероризмот.[111]

## 4.5. ПРЕГОВАРАЊЕТО И ТЕРОРИЗМОТ

Тероризмот има исто така отворено нов дел и во внатрешните и меѓународни преговори. Владите често се присилно натерани да преговараат со терористички групи, особено во случаи кога станува збор за киднапирање на одредени лица. Тие преговараат со терористите со цел да ги направат нивните барања адекватни на ситуацијата и да ги натераат да се предадат, или, ако терористите се под државна контрола или во затвор, да асистираат во превенирањето и добивањето на одредени разузнавачки информации за одредена терористичка мрежа, како и за нејзините намери.

Ова е многу специфичен начин на преговарање: на една страна е државата, а на другата одредена индивидуа или организации кои не се формално признаени од државата, но тоа го задржува статусот на преговарачки партнер преку сила или употреба на сила. Владите често им предлагаат на терористите комбинација на безбедно предавање, амнестија, или намалување на потенцијалната казна за претходно створените дела, взаемно со други бенефити и безбедносна заштита на нив или членови од нивните фамилии. Целта на овие преговори е да се намали бројот на терористите и да се ослаби нивната мрежа. Лош ефект може да има влевањето на недоверба и сомневање кај терористите.

Самото постоење на самоубиствените терористичките напади покажува дека нема „избирање" на жртвите за членовите на ваквите групи. Ваквите поединици кои целосно се внесени во идејата на нивната организација не се спремни за преговарање скоро никогаш и ретки се случаите каде тие при нивно апсење ќе посегнат кон преговарање заради тоа што истото за нив претставува „издавање на крајната цел". При

[111]Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Македонска цивилизација, Скопје, 2004, 278-284

преговарањето не помагаат дури ни ветените награди од самата соработка со властите или со системот. Поради претходно наведеното, во случаи на домашен, регионален или меѓународен тероризам, најмалку ефективен е овој принцип на работа со такви поединци.

Киднапирањето или заробувањето се чести форми на терористички дејства, во кои терористите имаат одредена цел и барања, кои барања ги претставуваат на властите, но најчесто тие барања претставуваат смена на нивни веќе заробени или затворени членови со заробениците кои истите ги поседуваат. Понекогаш побарувањата се од финанскиска природа, но во случаи на политичка, идеолошка или религиозна суштита на тероризмот најчеста спогодба со властите е размена на затвореници и заробеници. Во ваквите случаи локацијата на терористите се знае, со тоа тие се изложени на можна реакција од страна на државните органи, но сепак истите се во голема предност поради заробениците или заложниците кои ги имаат во своја сопственост со што се чекор понапред од властите и истите нивни барања треба да бидат исполнети. Многу е битно во ваквите ситуации да се согледа дали терористичката група е способна и добро истренирана за таа ситуација, односно да ја надвладее спротивната страна и да си ги добие бараните работи. Според некои истражувања само еден процент од терористите кои имале заложници се откажале од нивните барања. Инструментите на преговарање во таквите ситуации според досегашните искуства во голем број на случаи не помогнале многу во „омекнување" на целите на терористичките организации и со тоа истите не се покажале како многу ефективни[112].

Аргументот против преговорите со терористи е едноставен: Демократиите не смеат никогаш да се предадат пред насилството, а терористите не смеат никогаш да бидат наградени за тоа што го применуваат. Преговорите им даваат легитимитет на терористите и на нивните методи и ги загрозуваат актерите кои ги оствариле политичките промени со мирољубиви средства. Преговорите можат да ги дестабилизираат преговарачките владини политички системи, да ги разнишаат меѓународните напори за искоренување на тероризмот и да воспостават опасен преседан.

Сепак, во пракса, демократските власти често преговараат со терористите. Британската влада воспостави таен канал за комуникација со Ирската републиканска

[112] Nada Simjanoska, Diplomacy as a skill of negotiations, 2017, достапно на: http://www.utgjiu.ro/revista/ec/pdf/2017-01/03_Nada.pdf

армија дури и откако во 1991 година ИРА изврши жесток напад на Даунинг Стрит 10, со кој за малку не беше елиминиран целиот британски кабинет. Во 1988 година шпанската влада седна на маса за преговори со сепаратистичката група Basque Homeland and Freedom – Баскиска татковина и слобода, позната уште и по нејзиниот баскиски акроним - ЕТА, само шест месеци откако во бомбашки напад врз еден супермаркет групата уби 21 цивили.[113] Дури и владата на Израел во 1993 година тајно преговараше за спогодбите од Осло, иако Палестинската ослободителна армија ја продолжуваше својата терористичка кампања и одбиваше да го признае израелското право на постоење.[114]

Кога се работи за преговори со терористи, постои некомпатибилност меѓу она што владите го пропагираат и она што всушност го спроведуваат. Но, ригидноста на позицијата „без преговори"спречи било какво систематско истражување на начините на кои најдобро може да се спроведат такви преговори.

- ✓ Како може демократска влада да преговара со терористи без да го загрози интегритетот на својот политички систем?
- ✓ Кои терористи се предмет на преговори?
- ✓ Кога треба преговорите да се отворат?

Клучната цел на секоја влада која планира преговори со терористите не е само крај на насилството, туку и начин на кој ќе минимизира ризикот да воведе опасни преседани и да го дестабилизира својот политички систем. Имајќи ја предвид оваадвојна цел, потребно е да се остварат многубројни пред услови за да успеат преговорите. Да се претпостави дека преговорите се соодветни во сите случаи, би претставувал не повеќе валидна теорија од онаа која претпоставува дека тие никогаш не се.[115]

Првото и најочигледно прашање за било која влада која размислува за преговори е дали терористите со кои се соочува можат да бидат добри преговарачки партнери.

Утврдената идеологија и целите на терористите треба да бидат одлучувачки фактор во определувањето на тоа дали тие би биле расположени да одат на компромис. Тоа ќе го потврдиме доколку направиме дистинкција меѓу нихилистичките терористи кои имаат „апсолутни" или дури „апокалиптични" цели (честопати инспирирани од

[113]ETA timeline, "History of the Basque separatist organization",ET March 11, 2004.
[114]Declaration of Principles On Interim Self-Government Arrangements, Done at Washington, D.C September 13, 1993.
[115] Vladimir Gutkovsky, "Negotiatin with Iran without Preconditions", 2013, стр. 10

религијата) и за кои насилството прераснало во перверзна форма на сопствена реализација и потрадиционални терористи за кои се смета дека се „инструментални" или „политички" во своите аспирации и оттука го поседуваат потенцијалот да прераснат во конструктивни соговорници.[116]

За пример ќе ги земеме ИРА и ЕТА, кои се чини дека се порационални отколку, на пример, Ал Каеда. Причина е тоа што нивните цели - национализмот и сепаратизмот – имаат долга историја во западната политичка мисла. Терористите од левистичките крила на фракцијата на Црвената Армија во Западна Германија од 1970-те и 1980-те, или италијанските Црвени Бригади, се сметаат за политички бидејќи Марксизмот беше концепт, кој им беше познат на нивните цели. Целта на Ал Каеда насочена кон повторно создавање на Исламска империја не е поапсолутистичка од наметнувањето на националност на популација или претворањето на Западна Германија во република на марксистички работници. Но, разликата се состои во тоа што идеологијата на Ал Каеда не стана дел од идеологиите на XXI век.

Втората разлика е во брзината на посегнувањето по насилството. Многутерористички групи не започнале да делуваат како насилни, тие прибегнале кон насилство кога нивните политички амбиции биле исфрустрирани или кога почнале да го гледаат насилството како инструмент за остварување на нивната цел. За овие движења полезноста на насилството некогаш се намалува и ги наведува да заклучат дека нивните цели би можеле полесно да се остварат преку ненасилничка агитација. Никој од редовите на ИРА никогаш не ги напушти абсолутистичките амбиции на организацијата за обединета Ирска, но во определен момент кон крајот на 1980-те лидерите на групата сфатија дека нивната воена кампања повеќе не ја продвижува таа цел и тие почнаа да бараат алтернативни начини.[117]

Можеби некои религиозно инспирирани групи – особено онаа како што е јапонската организација Аум Шинрикјо – се помалку рационални во споредба со ИРА. Но, многуликовите идентитети на многу други, честопати погрешно се сведуваат на нивната религиозна компонента. Иако и Хамас и Хезболах пропагираат радикални политички идеологии, голем дел од својата моќ тие црпат од нивното тврдење дека претставуваат особена етничка група. Тие не само што имаат поддржувачи во реалниот свет кои мораат да ги задоволат, туку демонстрираат исто така дека можат да ја моделираат нивната примена на сила против Израел, според повеќе или помалку

[116]Szakdolgozat, Hauser Judit, 2007, стр. 4, достапно на http://elib.kkf.hu/edip/D_13286.pdf.
[117]Leonard Weinberg, Democratic Responses to Terrorism, New York, 2008. стр. 93.

рационални политички проценки.

Друг фактор во однос на прашањето дали треба да се преговара со терористичка група треба да биде нејзиниот степен на внатрешна кохезија. Иако терористите се склони кон тоа да се прикажуваат како прецизно структурирана организација, условите под кои тие делуваат – особено тајноста, го сведуваат на степен на невозможно обидот да одржат совршен команден ланец. Дури и во релативно хиерархиски организации како ЕТА, власта е често пати децентрализирана и раководството делува на степен малку повисок од координативно тело. Во терористичките мрежи како Ал Каеда, раководството тешко дека игра било каква оперативна улога со што едвај обезбедува идеолошка инспирација и морални санкции за своите придружни мрежи. Како резултат на тоа, властите мора да размислуваат не само околу тоа дали терористичкото лидерство ќе ги прифати условите за спогодба, туку и дали тоа може да воспостави контрола. Иако Воениот совет на ИРА, телото на групата за донесување на одлуки, секогаш во свои раце имало значителна формална моќ, некои единици на ИРА, особено во руралните делови на Северна Ирска, со скептицизам гледаа на мирољубивите иницијативи на Гери Адамс, долгогодишен лидер на политичкото крило на ИРА и ги игнорираа директивите на советот кои бараа операциите да се намалат пред изборите кон крајот на 1980-те и на почетокот на 1990-те. Доколку раководството на ИРА настојуваше на својата власт, организацијата можеби ќе се распаднеше. Наместо тоа, раководството ги убеди скептиците да го поддржат планот на Адамс без субтилни закани и залажувања, истапувајќи со аргуметот дека оставањето на оружјето е измама да се „разобличат Британците“ – според зборовите на истражувачкиот новинар, Ед Молони[118]. Претставниците на ИРА не успеаа да ги остварат своите заложби бидејќи нивнителидери, иако силно приврзани кон мировниот процес - се покажаа неспособни да извршат големо влијание врз нивните приврзаници. Властите во одбранбената Асоцијација на Олстер, чадор - организација за лојалистички паравоени групи, останa со своите локални комитети. До времето на Северно ирскиот мировен процес, Асоцијацијата еволуираше до одреден степен, но сепак информацијата и понатаму се пренесуваше од долу нагоре наместо од горе надолу. Кога беше постигната Спогодбата од Белфаст која ја создаде Северно-ирското собрание и ги обврза сите страни на мирољубиви и демократски средства, во 1998 година прекин на огнот беше одржан за кусо време. Но, политичкиот процес беше забавен и локалните команданти наскоро

[118]Leonard Weinberg, Democratic Responses to Terrorism, New York, 2008, стр. 94.

почнаа да ги игнорираат своите лидери и го обновија насилството.[119]

Дополнително потешкотии се создадени кога терористите се поддржани од страна на државата, случај кога тие може да имаат малку власт за да ги остварат своите заложби без согласноста на нивните поддржувачи. Во вакви ситуации преговарачката влада може да одлучи дека преговорите со терористите се бесполезни и да се одлучи запреговори со државата која поддржува. Сепак, пред да ја донесе одлуката треба темелно да ги процени односите меѓу терористичката група и нејзиниот државен поддржувач. Како што истакнува Луиус Ричардсон, политиколог од Харвард, постојат значителни разлики меѓу на пример ПЛО, која внимателно ја сочува својата внатрешна автономија и покрај прифатената помош од страна на многу држави и Народниот фронт за ослободување на Палестина, Генералната команда, пропалестинска организација, којае нешто повеќе од заменик на Сирија. И покрај сите нејзини слабости, ПЛО е политички актер со кој преговорите би можеле да имаат смисла, додека Народниот фронт за ослободување на Палестина има премногу слаба власт за да биде кредибиленсоговорник.Дали преговорите со определена терористичка група се препорачливи е исто така прашање на избирање на соодветно време. За да успеат преговорите, терористичката група треба да се најде во стратешки поволен момент. Професорот по право од Харвард, Алан Дерсовиц и други аналитичари, сметаат дека преговорите се секогаш лоша идеја. За нив треба да се размислува единствено кога терористите се непосредно пред предавање - кога терористите може и да бидат исто така поразени. Во реалниот свет, сепак, работите ретко се така јасни. Терористите се навикнати на постојана значителна лична жртва и кога се соочуваат со закана, некои од нив можат да одлучат понатаму да го зголемат насилството, ризикувајќи со идејата дека имаат малку да загубат со уште еден последен обид.

[119]Agreement reached in the multi-party negotiations, Belfast on Friday, April 10 1998.

## 4.6. УПОТРЕБА НА ВЕШТИНИТЕ НА ПРЕГОВАРАЊЕ ВО СПРАВУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Стратегијата на преговарање како вештина и метод може да се користи во различни ситуации. Страните во преговарањето можат да бидат : држава со држава, организација со организација, поединец со поединец, организација со држава, поединец со организација и држава итн. Се преговара на различни теми: дипломатски, политички, економски, правни, работни и во сите останати ситуации каде постои спор или конфликт кој мора да се реши. Стратегијата на преговарање се користи во ситуација кога постои конфликт, како и меѓу најмалку две спротивставени страни меѓу кој е можно да се воспостави комуникација. Се преговара со цел пронаоѓање на најдобро можно решение во дадена околност, кое во секој случај е подобро од она која може да се постигне без преговарањето[120]. Во проучувањето на конфликтите и начинот на нивното решавање истражувачите дошле до некој интересни заклучоци. Преговарачите се често во дилема дали да имаат цврст став или да прават отстапки со цел да го избегнат конфликтот со другата страна. Скоро секогаш се покажало најдобро средното решение. Основно е дали постои волја на обете страни за спорот се реши преку преговори. Ако таква волја постои, метод ќе се најде. Секој преговарач има два вида на интерес: за самиот проблем и за односите со другата страна. Вештините на преговарање во денешно време, се најразвиени во областите во кој најчесто се случуваат конфликти: меѓународните односи и безбедносните ситуации.

Тероризмот прерасна во општествен феномен. Никогаш порано не бил така раширен и опасен за стабилноста на државата и меѓународниот поредок. Терористичките напади врз САД 11 септември 2001 година и спектакуларното уништување на светскиот трговски центар во Њујорк, во кој згаснаа над 3 000 животи, доведе до објавување на глобална војна против тероризмот. Ставот на многу држави е да нема преговори со терористи. Што придонесе таквиот став ? Во глобален контекс е направена паралела меѓу преговарање со терористи и односите меѓу САД и СССР во периодот на Студената војна. Генерално, ставот на надворешната политика на САД бил дека не е паметно да се водат преговори со СССР, бидејќи лидерите на државите едни на други немаат доверба, а со самото преговарање покажуваат слабост во однос

---

[120] Negotiations with terrorists – A mediators guide, IIASA Policy Brief, 2009, достапно на: http://www.iiasa.ac.at/web/home/resources/publications/IIASAPolicyBriefs/pb06-web.pdf.

на другата страна. Оваа политика била критикувана и со преговарање се започнало со доаѓањето на претседателот Никсон. Меѓутоа, тоа преговарање било неискрено преговарање се до периодот на детант, кој почнал на крај на 60-тите и се поклопува со издигнување на меѓународниот тероризам и лабава политика према СССР кој се сметал за причина на развивањето на тероризмот како инструмент против експанзија на Западот. После тоа, се случило цврстата политика на непреговарање на релација Исток-Запад да се пренесе и на тероризмот, и преговорите во оваа област се анатемирани.

Цел на преговарањето е сите учесници, во извесна смисла, да бидат победници. Кога станува збор за меѓународни судири или судири со терористи, се нагласува објективната суштина на конфликтот, сметајќи дека страната во судирот може или да победи или се да изгуби. Балансиран пристап во анализирање на конфликтот искажува земање во предвид и на субјективната страна, која произлегува од неразбирањето на спротивната страна. Односот на државите спрема терористичките организации не е секогаш заснован на објективна процена на нивното делување и опасност, туку често е резултат, на крајно прагматични политички интереси.

Колку и да изгледа парадоксално, понекогаш можеби е подобро да се започнат разговори со терористи, отколку да се прават напори да се поразат. Владите кои се стремат кон прогрес, можеби ќе избрзаат во услови на било кој знак кој би укажувал на стратешки поволен момент. Овој импулс би можел да биде добронамерен, но може да се покаже контрапродуктивен. Таков пример е колумбискиот мировен процес во крајот на 1990-те - пример за тоа како неиздржливоста може да биде контрапродуктивна.[121] Во 1998 година владата на Богота се согласи да создаде демилитаризирана зона во која Револуционерните вооружени сили на Колумбија (познати како FARC) би можеле да делуваат без влијание од страна на безбедносните сили. Создавањето на зоната беше дозволено уште пред ФАРЦ да се согласи седне на преговарачката маса, а уште помалку да ја прекине својата воена кампања.

Приврзаниците на тврдата позиција во рамките на ФАРЦ продолжија со нападите, гледајќи во зоната златна можност за формализирање на квази - владината власт која тие ја имаа веќе воспоставено во некои делови на земјата. Преговорите се покажаа како фарса, а во 2002 година владата конечно одлучи да го прекине експериментот, наложувајќи ѝ на војската да ја окупира повторно територијата.

[121]Cynthia Arnson, “The Peace Process in Colombia with the Autodefensas Unidas de Colombia-AUC“, Washington, D.C.December 2004.

Оттука, пред да го зграпчи она што се чини дека е добра можност, владата треба прво внимателно да процени дали критичната маса во рамките на организацијата ја става под знак прашање полезноста од насилството. Имено поради овие причини владата треба да отпочне формални преговори, само откако терористичката група ќе прогласи постојан прекин на насилството.

Настојувањето на тоа ги поттикнува политички ориентираните членови во организацијата да постигнат внатрешен консензус. Објавувањето на прекинот на насилството исто така им помага на властите да го видат значењето на преговорите. Во контекст на одржување на стабилноста на политичкиот систем на владите, постојаниот прекин на насилството претставува обврска пред јавноста, за која терористите се одговорни и можат да бидат казнети. Дури и кога станува збор за терористичка група која е подготвена на преговори, не постои гаранција дека преговорите ќе успеат. Која треба да биде позицијата на владата, во тој случај? Ризикот од тоа да се настапи од слаба позиција и да се разниша политичкиот систем на владата за време на преговорите е голем до тој степен што владите не смеат да дозволат отстапки.[122] Моти Кристал, преговарач од Камп Дејвид за израелските власти, смета дека успешна тактика би можела да биде обидот владата да ги промени условите напреговорите од политички барања на терористите во лична судбина. Ова можеби нема да се покаже успешно доколку терористите не се поразени, но може да направи битна разлика. Владите може да ги поделат преговорите во две категории и да бараат два вида на отстапки. Првите би се однесувале на терористичките барања, а вторите на личната судбина (верба). Двата случаја би се одвивале паралелно и додека вторите би се одвивале директно меѓу преговарачите и терористите, првите би биле дел од поширок процес, кој би ги ставил терористите во демократски мандат, преку избори за уставно собрание или слична институција. [123]

Разликата меѓу овие два типа е клучна. Терористите кои ги бараат примарните отстапки, се стремат кон промени во политичките спогодби според кои функционира државата. И ниту една демократија нема да дозволи мала група на некогаш насилни заговорници да наметнуваат уставни промени, дури и по откажувањето од насилството.

[122]Canadian Security Intelligence Service, достапно на http://www.csis-scrs.gc.ca/pblctns/cm mntr/cm53-eng.asp.
[123]Israeli-Palestinian Negotiating Partners, Steering Committee, достапно на http://www.ipnp. org/committee.html

Од друга страна терористите ќе имаат мал поттик да влезат во преговори, доколку не почувствуваат дека постојат барем мали шанси за уставни промени. Единствен начин да се разреши оваа тензија е да се дозволат политички отстапки, единствено, во контекст на поширока спогодба, која би ги вклучила сите најголеми страни во која терористите учествуваат на основа на демократски мандат, така што отстапките би станале продолжение на политичка волја.

Дополнителна предност од обединување на широк, повеќепартиски процес е изложувањето на терористите на демократски практики. Терористите ќе треба да ги приложат своите политички програми на проценка на јавноста на избори и по отпочнувањето на преговорите, да влезат во интеракција со грижите на нивните опоненти, да градат коалиција и да постигнуваат компромиси. Случајот со ИРА покажува дека ова може да претставува непроменливо средство за олеснување на преминот од насилство кон конвенционална политика. Како што покажуваат неодамнешните истражувања, континуираниот дијалог на ИРА со политичките партии помогна во олеснувањето на позициите на групата во однос на две клучни прашања: во среднина на преговорите, се смета дека Адамс дури изјавил дека конфликтот во Северна Ирска бара покомплексен одговор од наметнување на националноста на едните над другите. Дијалогот исто така го поттикна движењето да ги пренасочи ресурсите од вооружената борба кон градење на својот електорален потенцијал.[124]

Владите несомнено ќе се соочат со огромни потешкотии во градењето на инклузивен преговарачки процес. Терористите нема да бидат расположени да станат само дел од политичките актери во преговорите. Владата можеби ќе треба да вклучи некои од опозиционите партии, кои би можеле да паднат во искушение да ја искористат ситуацијата за сопствена добивка. Проблемот да се вклучат овие партии често пати е голема пречка. Во Шпанија на пример социјалистичката влада го запре отпочнувањето на преговорите со ЕТА. Иако ЕТА го испочитува прекинот на огнот кој го објави во март, 2006 година, опозиционата конзервативна партија, жестоко се спротивстави на преговорите сè додека ЕТА не биде целосно демобилизирана. Владата беше ставена во скоро невозможна ситуација. Се чинеше дека нема друг избор освен да се надева дека чувството за историска шанса, на крајот ќе ја натера опозицијата да се

[124]Peter Neumann., The bullet and the ballot box: The case of the IRA, Centre for Defence Studies, King's College, London, Volume 28, December 2005, стр. 941 - 975

присоедини во процесот.[125]

За разлика од овој вид, целта на вториот вид преговори е релативно поотворена: Да се обезбеди демобилизација на терористичката група. Но овие дискусии најчесто се претвораат во најлош кошмар за преговарачот. Ова најчесто се случува со прашања поврзани со персоналот, кои често пати водат кон спогодби налик на амнестирање за терористите и затворениците во бегство. Без оглед на тоа колку условено е нивното ослободување, да се пуштат на слобода осудени убијци веројатно ќе биде неконзистентно со заложбите на владата дека никогаш нема да потклекне пред барањата на терористите и ваква спогодба тешко ќе се наметне во јавноста. Сепак, обезбедувањето на вакви спогодби е во интерес на владата. Тие ги јакнат позициите на политички ориентираните членови во групата и ги отстрануваат изговорите на дисидентите теористите за да им дадат шанса на преговорите од првиот вид. Имено поради оваа причина владите настојуваат на отстапки во оваа област, за да може да се обезбеди прогрес во другите. На крајот, јавноста може да биде убедена во потребата од секундарни отстапки единствено доколку има силна потреба за затворање и доколку стравува дека ќе биде загубена историска можност ако не се постигне спогодба. Оттука, владината способност да управува со очекувањата на јавноста како и конкурентските интереси на терористите и владината опозиција, определуваат дали преговорите ќе успеат. Во однос на методите за сузбивање на современиот тероризам може да се констатира дека еден од најуспешните и најупотребуваните методи е прекин на финансирањето на терористичките организации. Аномалијата на овој метод е што терористичките организации успеваат да се преориентираат кон други финансиски извори. Според тоа може да се констатира дека напорите на меѓународната заедница во сузбивањето на финансирањето на тероризмот се недоволно координирани. Други методи во сузбивањето на тероризмот се забрана на одредени инкриминирани личности за влез во западните држави, распишување на потерници и награди за одредени најозлогласени терористички лидери, контрола на производство на суплементи за оружје за масовно уништување и други.

Дилемата останува околу методот – преговарање со терористи. Во однос на ова прашање одредени теоретичари ќе кажат апсурдно е да се зборува за преговарање со терористи во демократски држави. Но, од друга страна, искуството покажало дека преговарањето со терористи е некогаш потребно (на пример со ЕТА и ИРА).

[125]Peter Neumann, 'Negotiating with Terrorists', Foreign Affairs, Vol. 86, No. 1,January-February 2007.

Во однос на преговарањето со терористи сепак треба да се внимава на три прашања:

1. Со кој терористи може да се преговара (важно е дали организацијата била ненасилна па преминале во насилна, како и кој е степенот на внатрешна кохезија, односно кој е релевантниот лик за преговори).

2. Кога да се преговара (во однос на ова прашање општиот заклучок е дека со терористите може да се преговара единствено кога се очекува тие да бидат поразени).

3. Како да се преговара (односно дали тема на преговорите ќе бидат нивните барања, што доколку се, единствено треба да се преговара за мотивирање на терористите да ги користат демократските механизми или станува збор за преговори за демилитаризација кога тема на преговорите е единствено амнестија).

На крајот и понатаму останува отворено прашањето дали преговарање со терористи кои се спремни да се откажат од насилство може да биде добра стратегија. Засега е јасно дека ваква стратегија е неприменлива со Хамас, Хезболах, Ал Каеда, и ИСИС.

Сепак, условите во секоја ситуација во голем степен се многу различни. Но без разлика на географската и идеолошката позадина, ниту едни преговори не можат да започнат без силни индикации дека терористите се подготвени да се откажат од насилството.

ЕТА чија желба да се откаже од насилството се чини силна и постојана, најверојатно ќе го следи примерот на ИРА. Но, се чини дека Хамас и Хезболах имаат уште доста труд пред себе. По освоената победа на изборите во Палестина во 2006 година, Хамас има силен поттик да и даде шанса на политиката. Некогаш елементите од раководството неделуваат подготвено и за тоа. Доколку сакаат добивки од огромните политички можности кои ги имаат, членовите на Хамас треба да делуваат во насока на создавање на силен внатрешен консензус за отпочнување на преговори со Израел. Одделно, но сепак поврзано прашање е дали владите можат да направат нешто за создавање на услови во кои преговорите со терористите би можеле да успеат.

Демократските влади треба да го одржат ветувањето и да им дадат политичка шанса на терористите во политичкиот процес, но само доколку терористите се согласат да играат според демократските правила. Тие треба да ги поддржат политички ориентираните терористи и да се оградат од дела кои би можеле да ги зајакнат позициите на жестоките сили. Уште поважно, тие треба да останат строго против примената на сила за политички цели. Преговорите некогаш можат да бидат излезна стратегија за терористите кои се предомислуваат околу своите кампањи. Но владите треба да се свесни дека целосната приврзаност кон демократските принципи е цена која терористите мора да ја платат.

# 5. УЛОГА НА ДИПЛОМАТИЈАТА ВО СПРАВУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Овој дел од трудот е обид да се престави улогата на дипломатијата во борбата против тероризмот. Дипломатијата има значајна и незаменлива улога во борбата против модерниот тероризам. Иако војните и употребата на оружје се најзначајните средства на надворешна политика илјадници години наназад, појавата на држави – нации донела до неопходна дипломатска комуникација помеѓу нив. Како резултат на тоа, може да се утврдат некои традиции во дипломатската пракса во античките империи Кина, Индија, Египет, Персија итн. Дипломатските односи биле регулирани за прв пат во античка Грција, каде градовите – држави постојано се бореле за хегемонија, влегувале и излегувале од алијанси и ги менувале мисиите[126].

Најзначајното наследство од оваа традиција е принципот на апсолутна неповредливост. Овој принцип бил користен и од страна на Римјаните. Гај Јулие Цезар исто така демонстрирал одлични дипломатски способности со употребата на методот кој подоцна бил воздигнат на ниво на аксиома состоена од латинската поговорка divide ei emepera односно раздели и владеј.

Дури и во текот на Римската Империја, дипломатијата играла улога во процесот на мировен менаџмент со меѓународните релации, во поголем дел преку преговори меѓу државите, иако е битно да се истакне дека дипломатијата најчесто претходела на војни, одошто помагала да се спречат. Несомнено е дека за повеќето дипломатски активности потребно е огромно знаење. Во овој контекст, дипломатијата може да биде опишана како интелектуална активност базирана на постојано собирање и процесирање на информации, нивно анализирање и донесување на одлуки основани на достапните информации.

Модерната дипломатска пракса презентира склоп на вештини, институционални и екстра- институционални меѓународни корелации (соработки) кои не се ограничени до формални контакти помеѓу претставниците на владите на различни држави, како што е во традиционалната дипломатија. „Денешната" дипломатија е повеќе дипломатија која го зазема местото помеѓу претставниците на граѓанските организации, неформални институции, невладини организации, интелектуалци, од

[126] Sultan Hafeez Rahman, Regional Integration and economic development in South Asia, 2012, достапно на: https://www.adb.org/sites/default/files/publication/29871/regional-integration-economic-development-south-asia.pdf.

дипломатија помеѓу два или повеќе министри за надворешни работи кои се составен дел на дипломатските мисии во одредени држави.

Ова, како и да е, не е единствена карактеристика на модерната дипломатија иако резултира во бројни други карактеристики на дипломатска комуникација. Некои други карактеристики на моредната дипломаија вклучуваат зголемено истакнување на мултилатералните односи контрадикторни на билатералните односи, зголемената улога на големи меѓународни организации спротивно на стриктните меѓудржавни односи, како и зголеменото значење на глобализацискиот процес на дефинирање на агендите на меѓународните разговори. Поради овие причини, модерната дипломатија е наречена „ мултитрек дипломатија „каде традиционалните актери се присутни во мал процент, а други, нови актери, учествуваат сé повеќе и повеќе во зголемен број на различни нивоа со нивни посебни методологии, интереси, пристапи и идеи[127].

Основната улога на дипломатијата е да претставува дадена земја во странство, и да ги промовира нејзините интереси и цели. Нејзината цел е да служи како инструмент за имплементирање на надворешната политика претходно дефинирана од одговорните владини тела (претседателот, владата, собранието или други тела кои имаат авторитет уставно признат) и преку нив од политичките партии кои се на власт. Имплементирањето на надворешната политика и одржувањето на меѓународни односи со други ентитети (земји, меѓународни организации) имплицира развој на специфични методи, како што е дипломатски протокол, административна апаратура за да ги извршува должностите.

Современиот тероризам претставува круцијална задача за сите државни системи насекаде низ светот. Тероризмот сам по себе како појава, уште од самите негови почетоци предизвикувал големи штети кај државите низ светот. Тоа првично било така поради несериозното сфаќање за истиот од страна на државите. Со тек на времето, по насочувањето на вниманието врз себе, тероризмот, а во поново време и современиот тероризам, се наоѓаат на врвот на пирамидалната структура на опасности кон животот на населението и кон општата безбедност.

Тероризмот поради сé поголемата разноликост и начин на извршување заслужува огромно внимание кое ќе му биде посветено од безбедносните системи низ светот. За да се предвиди еден терористички акт во денешницата, потребно е долготрајно следење на секој чекор на скоро секој можен член на терористичка

[127] Foreign policy organization, The changing nature of diplomacy, 2012, https://catalogue.pearsoned.ca/assets/hip/us/hip_us_pearsonhighered/samplechapter/1447921410.pdf .

организација која тежнее да изврши таков акт. Следењето на членовите денес е многу отежнато поради огромниот развој на технологијата и на информатичките средства.

Многу е битно навременото спречување на терористичките акти кои ги спремаат терористичките организации. Со тоа подсвесно ќе се влијае на самата структура на терористичките организации и ќе предизвика несигурност во нивните редови. Треба постојано, макотрпно и со сите ресурси да се посвети внимание на разбивањето на терористичките мрежи. Секогаш безбедносните системи треба да тежнеат кон целосно разглобување на системот на една терористичка организација, се со цел да разбие истата, и да се пронајдат сите нејзини членови, за да се стопрат акциите кои тие би ги извршиле во иднина.

Тероризмот како појава многу е покомплексен и многу е разгранет за разлика од порано. Првично, финансирањето за разлика од порано е застапено во поголема мера за разлика од минатото. Во денешницата постојат огромни финансиски џинови кои притаено ги кофинансираат терористичките мрежи и го поттикнуваат нивното дејствување. Затоа, безбедносните системи, а во најголема мера разузнавачките служби на современите држави, треба да бидат во постојан тек со начините и методите на извршување на потенцијалните акции на терористите.

Затоа, како една од главните алатки на државните системи, во корелација со безбедносните системи претставува дипломатијата. Дипломатијата преку сите свои средства секогаш треба да тежнее да воспостави мир, да спречи конфликт и да овозможи максимална безбедност на своите граѓани. Тоа е така затоа што преку неа на еднинствен начин, може да се дојде до мирновремена состојба, без употреба на средства за присилба, односно употреба на сила.

На поедноставен начин, задача на дипломатијата е да ја презентира, преговара, заштити и информира својата земја. Ако ја земеме историската перцепција, може да се каже дека развојот на меѓународните односи, промовирањето на позицијата на поедини држави и превенцијата на војна се најбитните улоги на една дипломатија. Заедно со традиционалните политички односи, дипломатските активности воедно вклучуваат и економски, културни, научни, воени и други односи. Модерната дипломатија, дополнително на овие задачи, исто така се справува со проблемите од сферата на човекови права, илегална миграција, заштита на околината, организиран криминал и борба против тероризмот.

## 5.1. ДИПЛОМАТИЈАТА КАКО МЕРКА ЗА СПРАВУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Дипломатијата е многу моќно оружје на секоја земја во борбата против современиот тероризам, каде тој преку глобализацијата, непречено ги преоѓа државните граници и на тој начин терористичките организации ги поставуваат ќелиите по целата планета. Вешто водена, дипломатијата претставува поврзувачки елемент кој сите антитерористички мерки ги обединува во една компактна, вешто поврзана целина. Во спротивставување на тероризмот, дипломатијата не се однесува само на професионалните дипломати, туку и на сите државни службеници кој се специјализирани за борба против тероризмот.

Дипломатијата ја има главната улога во антитерористичките мерки воопшто, било да се договара или посредува во изнаоѓање на антитерористички решенија по мирен пат. Договорите и преговорите на билатерална основа претставуваат најелементарен начин, почетен чекор во правец на правно идентификување и осуда на терористичките активности. Овие договори и преговори се засновани на принцип на суверена еднаквост и рамноправност на државите.

Затоа, особено во поново време, непосредните дипломатски преговори поретко до крај ги решаваат споровите, и се прелиминарен чекор пред да се пребегне кон други средства. Преговори и договори на мултирателарно ниво се водат на меѓународните конгреси и конференции, доколку за решение на актуелен проблем со тероризмот се заинтересирани повеќе земји.

"***Добра услуга***" претставува пријателска интервенција на трета држава или повеќе држави кои немаат проблем со конкретната терористичка организација, а се спроведува со цел да се оттргнат препреките за решавање на проблемот со преговори и договори со терористичката организација.

**"Посредувањето"** претставува многу ефикасен и непосреден облик на интервенција отколку добрата услуга. Додека кај добрата услуга третата држава само ги доведува спорните страни во непосреден контакт, кај посредувањето таа има и одредена активна улога. Таа може сама да го испитува предметот на спорот и во тој правец да дава конкретни предлози, што значи и активно да учествува во самите преговори.

Со цел отстранување на регионалните недостатоци, шефовите на државите или шефовите на владите на ЕУ одржаа на 25 и 26 март 2004 година во Брисел вонреден

состанок, на кој усвоија Декларација за тероризам и го именуваа Холанѓанецот Гија Де Вриса[128] за главен координатор во борбата против тероризмот, обврзувајќи ги сите земји членки на заедничко дејствување во борбата против тероизмот. Носителите на политичко-дипломатските активности се највисоките државни раководители и органи. Нивната улога во дипломатските антитерористички активности е одлучувачка, бидејќи тие со навремени активности на меѓународно ниво обезбедуваат заеднички пристап на проблемот со современиот тероризам, тие инсистираат на отстранување на причините за тероризам, без оглед на неговиот обем и неговите активности.

## 5.2. ДИПЛОМАТИЈАТА И ПРЕГОВАРАЊЕТО

Една од централните задачи на дипломатијата во меѓународно ниво е учеството во меѓународните договори помеѓу држави или поединци. Континуираната пролиферација на конфликти и вооружени конфликти во периодот за време на Студената војна и на пост Студената војна, од кои многу базирани на етничка и националистичка природа, предизвикале потреба од дипломатско решавање на проблемите. Во овој дел ќе се фокусирам на еден од методите – преговарањето, при што ќе се види природата на преговарањето, медијаторите, методите кои користат и каде се границите во преговарањето.

Преговарањето ја претставува основата на превентивната дипломатија. Воглавно, преговарањето може да се одвива преку директен контакт помеѓу страните во спорот и преку посредување на треата страна. Интервенцијата на третата страна е една од техниките на преговарање која почесто се користи. Притоа е значајно да се има предвид дека механизмот превентивна дипломатија можат да го користат и самите спротиставени страни, со цел да се реши спорот, или, пак, тој да остане во границата во која спорот може да се реши со политички инструменти. Посредувањето е најчест облик на преговарање во кој третата страна делува како иницијатор и катализатор во остварувањето на преговорот, а за кои страните во спорот не се во состојба сами да го разрешат[129].

---

[128] Милан Мијалковски, *Одговор на тероризмот*, ФЦО Белград, 2005.

[129] Живорад Ковачевич, Меѓународно преговарање, Дипломатска академија, Белгра, 2004, 45 стр.

Медијацијата е најчеста форма на посредникот. Медијаторот игра една од трите улоги, во зависност од типот на блокадата која ги спречува страните во спорот сами да преговараат. Трите улоги на медијаторот се:

1) Катализатор
2) формулатор и
3) манипулатор.

1) Првата улога медијаторот ја обезбедува со комуникацијата помеѓу страните и пренесувањето на пораките. Тој тука делува во вистинска смисла на зборот како катализатор.
2) Во втората група, медијаторот како формулатор внесува во преговарачкиот процес сопствени идеи, бидејќи страните во спорот не се во состојба да го видат решението на спорот, така што внесува значаен инпут на активно барање солуција.
3) Во третата група, во улога на манипулатор, придонесува за самиот исход, бидејќи страните не сметаат дека понудените солуции се доволно привлечни, тој активно влијае на нивното прифаќање по пат на „стап или морков" придобивка која содржи награда или закана[130],[131].

Традиционално, како методи кои се користеле во преговарањето при одредени конфликти и ситуации вклучувале помирување, усогласување, арбитража, медијација и правни договори. Овој опсег на договори се користел и од страна на Лигата на народите а и бил усвоен и од Обединетите Нации.[132] Во детална смисла, медијацијата треба да се раздели од помирувањето и арбитражата, иако сите три имаат големи сличности.

Сржта на помирувањето е градењето на комуникација помеѓу двете страни и разјаснување на спротиставените позиции, отколку посочување на насилни решенија. Помирувањето било користено најмногу во домашни немири и конфликти, додека пак во меѓународната дипломатија имало бројни видови на примери за помирување, како Комисијата на ОН за помирување на Индија и Пакистан, или како индивидуалните посредници како Owen Dixon во Кашмирскиот конфликт. [133] Арбитражата е соодветно различна од медијацијата во тоа што таа е воглавно правно базирана.

[130] Zartman W.I. Preventive negotiations, Roqman Littlefield Publishers, Inc, Oxford, 2001.
[131] Марина Митревска, Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски Факултет, Скопје 2010, 72-73 стр.
[132] Sidney D Bailey, the United Nations (Macmillan, London, 1989).
[133] Henry Kissinger, Years of Upheaval ( Little, Brown, Boston, Mass, 1982) page 877

Во повеќето случаи, решението посочено од арбитражната комисија се заснова на принципи и преседани од страна на арбитраторите кое им го посочуваат на конфликтните страни. Арбитрирањето може да биде обврзувачко и необврзувачко. Посредувањето односно медијацијата од друга страна е мешавина од преговарањето и арбитражата, со што посредникот директно или индиректно влијае на страни да го подржат тоа што е ставено „на маса", за преговарање, се со цел да се изнајде вистинското решение.

Посредникот користи стратегија за влијаење и на процесот и на содржината за изнаоѓање на можно решение. Со други зборови, целта на посредувањето е да се променат четири елементи: перцепцијата, пристапот, објективите и однесувањето

Во корисна дефиниција за посредувањето, Хенри Кисинџер овие четири елементи ги соединил на следниот начин: Користа на посредникот е дека тој е подржан и поверен од двете страни со што може да ги омекне контроверзните спротиставувања и да овозможи механизам за решавање на проблем од особено значење. [134] Посредувањето најчесто е преземено од трета страна, најмногу од меѓународни организации или пак од страна на поединци, но може да се сретнат и невладини организации или неформални актори.

Посредниците треба на некој начин да бидат трета страна во преговарањето, односно да не бидат наклонети кон никоја од страните. Многу битно е да се спомене при посредувањето да се знае природата, статусот и целта на мисијата која ја имаат посредниците. Во некои случаеви, може погрешно да се сфати мисијата на посредникот во одредена земја (како во случајот Аргентина – Чиле за Каналот Бигл). [135] Понатаму значајна точка да се спомене а која е често игнорирана во посредничката литература, е дека може да има повеќе нивоа во посредување во повеќе страни за посредување. Односно, тука станува збор за користење на повеќе методи за посредување кои ќе работат на различни нивоа комбинирано за остварување на истата цел.

Посредувањето се изведува од широк спректар на актори, во кои спаѓаат државници, меѓународни институции, спрецијални претставници, мисии или групи. Во неформалната категорија оваа група е поголема, со посредници како бизнисмени, лоби организации, опозициски политичари, религиски лидери и останати „граѓански"

---

[134] Henry Kissinger, Years of Upheaval (Little, Brown, Boston, Mass, 1982) page 882.
[135] Henry Kissinger, Years of Upheaval (Little, Brown, Boston, Mass, 1982) page 886.

дипломати кои се повикани да помогнат во „омекнувањето" на ситуацијата.[136] При посредувањето, временското темпирање на дејствување е често критично за неговиот успех. Во примерот со Сирија, конфликтот бил креиран и започнат во напредна фаза, со што посреднувањето било отежнато во значајна мера. Понатаму, може да избие конфузија кога дипломатски претставници ќе прекинат со посредничкиот процес во време на одредена политичка криза или транзиција, периоди на високи тензии или пак војна [137]. Настрана од прашањата за тоа каков е статусот на медијаторот, мора да се посочи дека дали правно или аналитички е покриено посредувањето, дипломатските методи се мешавина и од арбитражата, посредувањето и преговарањето, иако истите во пракса тешко се разликуваат.

Процесот на посредувањето ќе биде ефикасен и ефективен се додека има навремено реагирање од посредниците и избирање на вистинските средства за истото. Посредниците треба да бидат посветени целосно на решавање на конфликтот и на сите можни посреднички методи и начини на работа да допридонесат кон изнаоѓање на вистинското решение за решавање на таа ситуација.

Една од главните техники во процесот на посредување претставува разјаснувањето. Со разјаснувањето ќе се стават на маса отворено сите факти и докази, со што ќе се иницира побрзо решавање на ситуацијата и што побрзо финиширање на тој настанат конфликт. Ако од една страна се наоѓаат техниките за решавање на посредничките акции, од друга страна се наоѓаат препреките кои ги имаат посредниците при решавањето на одредена ситуација. Првично, истите претставуваат само обични пренесувачи на пораки помеѓу двете страни. Притоа тоа претставува ризик за самите нив, заради несоодветното тло за комуникација и несигурноста во неверувањето на дали една или на двете страни во конфликтната ситуација.

Затоа, во повеќето посреднички улоги, медијаторите треба да се осврнат на дипломатските вештини за изнаоѓање на решение, кои ќе се основаат на убедување, објаснување, креирање на концепт и обидување за создавање на одредено примарно решение.

Секако, ретки се ситуациите каде нема критични ставови и изјави од некоја страна во посредништвото, насочени кон медијаторот, ноиститот треба да тежнее да ги разреши тие дилеми и да помогне кон преминување на препреките кои ги имаат поставено помеѓу себе конфликтните страни.

---

[136] Договор за имплементација на провизија на конвенцијата на ОН за закон за море, декември,1982.
[137]S. Touval I.W. Zartman Mediation in international conflicts, 1985.

При посредувањето, значајно е да не се осврнуваат медијаторите секогаш на историски факти или докази при минати медијации за други конфликтни ситуации. Треба да се изнајде решение за истата ситуација и да се опсервира постојано текот на преговорите, за да не настане контра ефект при посредувањето користејќи стари методи од други случаи. Многу значаен фактор кој влијае врз текот на ситуацијата е временскиот фактор. Често, медијаторите се под притисок на време и често доаѓа и до надворешен и до внатрешен притисок. Во вакви ситуации, медијаторите може повремено да ги изгубат од контрола моменталните случувања на терен или може да стагнира планираниот напредок при посредувањето помеѓу страните.

Конекцијата помеѓу посредништвото и употребата на воената сила е нешто кое е неизбежно. При посредништвото разрешувањето на конфликтната ситуација ретко може да се оствари и да се зачува мирот последователно по завршувањето на преговорите без посредство на воена сила од меѓународен аспект. Затоа од големо значење е испитувањето на ситуацијата за тоа дали и кога треба да се употреби воена сила, да се избере вистинскиот момент за дејствување и да се одбере вистинскиот начин на изведување на тој чекор, се со цел да не биде погрешно сфатен од една од страните и со цел да се задоволат барањата на двете конфликтни страни.

Кредибилитетот на посредникот е нешто што е од круцијално значење при процесот на посредништво. Посредникот може да го изгуби својот кредибилитет во една од следниве ситуации: недостаток на техника, нарушена приватност и тајност на информации, предизвик за својот статус и одредени останати обвиненија. Меѓу позначајни од горенаведените е тајноста во преговарање. Во секое посредување мора да се одржи тајноста на највисок степен и примарно да нема протек на информации надвор од преговорите за да не настане уште поголема конфликтна ситуација. Поради тоа, постојат посредништва кога едноставно не може да се успее во изнаоѓање на вистинското и заедничкото решение и истите се распаѓаат.

Од друга страна има и успешни посредништва. Тие се успешни најмногу заради запазување на горенаведените принципи за посредништва во конфликти, со што сите услови се исполнети за изнаоѓање на заедничко решение.

## 5.3. ЦЕЛИ И ТЕХНИКИ НА ДИПЛОМАТСКО ПРЕГОВАРАЊЕ

Преговорите во рамките на меѓународните организации имаат многу сложена функција, со оглед на механизмот, техничкиот апарат и опременоста на меѓународното тело, па така често се појавуваат како главно средство за решение на проблемот.

Меѓутоа, непосредните дипломатски преговори имаат и своја слабост: техниката на преговарање е многу поедноставена, па така кај некој сложени ситуации неможе до крај да расветли извесни факти[138].

Преговарачките модели најчесто се градат во вообичаена ситуација на интерекција помеѓу две страни. Кога станува збор за дипломатско преговарање, врз оглед на комплексноста на меѓународните односи, преговорите често вклучуваат повеќе страни во најразлични комбинации:

- ✓ трет член како посредник на повеќе земји во заеднички спор,
- ✓ мировни конференции,
- ✓ различни мултилатерални преговори во склоп или надвор од меѓународните организации или регионални групации итн.

Како се зголемува бројот на учесници, така се менува и динамиката и комплексноста на преговарачкиот процес, така да класичните, намалени модели на заемни преговори помеѓу две страни не се од голема помош. Првиот услов за решавање на спорот е волјата да се реши проблемот преку преговори. Доколку постои волја, ќе се најде и метод.

За да се остварат целите на дипломатските преговори потребно е преговарачите да обрнат посебно внимание на одредени сегменти на меѓусебна комуникација, кои можат да бидат значајни за остварување на зададените цели. За да можат овие сегменти да се контролираат и искористат во својата корист, потребно е да се употребат одредени преговарачки техники.

За да преговорите адекватно започнат и да се водат на правилен начин, важно е да се разбере начинот на размислување на другата страна. Ова не е значајно само како користен пристап заради поуспешни подготовки за преговори, туку и заради тоа што разликите во почетните ставови на преговарањето претставуваат најчести разлики во начинот на размислување на двете страни. Стравовите, иако и неосновани,

---

[138] The role of diplomacy and soft power in Combatting terrorism, 2012, http://www.tmmm.tsk.tr/publication/workshop_reports/04-Diplomacy_Soft_Power_Report.pdf -

претставуваат реални стравови и потребно е да се поработи на нив, за да истите се отстранат. Надежите и очекувањата, и во случај кога се нереални, можат да доведат до војна. Затоа поради сето тоа, една од најважните особини на добар преговарач е да се стави во „туѓа улога", односно да се обиде да гледа на проблемот од местото и интензитетот на емоции и начин на размислување на другата страна, а не само од гледиштето на фактите или објективно најдоброто односно најправедното решение. Да се разбере гледиштето на другата страна не значи да се согласиш со него, туку тоа разбирање подразбира да се извлече заклучок по кој пат е најдобро да се оди. И обратно, не треба поради сопствените стравови и емоции да се изнесува заклучок за вистинските намери на другата страна. Лесно може да се падне во замка на најлошо интерпретирање на она што другата страна го прави, кажува или предложува. За да се адекватно разбере начинот на размислување на другата страна, неопходно е да се насочат сите сили, не на изнесување на своите аргументи, туку на слушање на тоа што сака соговорникот да го каже, дали со помош на вербалните или по невербалните знаци на комуникација.

Преговарачите треба да посветат посебно внимание на синдромот наречен „чување на образот". Пред сé, за да се прифати предлогот од другата страна, не е доволно да биде разумен и праведен. Мора од почеток да се инволвира другата страна во процесот на припрема на нацрт предлогот, така да веќе во раната фаза тој стане и нивен предлог. Договорот е многу лесно да се постигне ако двете страни насочуваат во авторството на истиот. Целиот преговарачки процес станува двострано прифатен доколку двете страни придонесуваат во обликувањето на конечното решение.

Секоја критика на предложените услови, секоја сугестија, секоја промена, секој пристап – носи личен печат кој преговарачите го ставаат во крајниот предлог. Најважната страна на „чување на образот" е избегнување на чувствата и впечатоците во јавноста за да попушти другата страна. Со други зборови, значајно е мудро да се чува било која од страните да дојде во ситуација да моментите во преговарачкиот процес на кои имаат наидено, бидат протолкувани како „капитулантски" во домашната јавност. Постигнувањето на неутрално решение во кое двете страни ќе се заемно задоволни е најдобро, но доколку тоа не е можно да се дојде до решение во кое ниедна страна не е во потполност задоволна, што е подобро од тоа да е една страна задоволна, а другата не. Битно е да сите страни да имаат направено одреден компромис во однос на прашањето на почетните ставови.

Емоциите се елемент кој не смее да се занемари или едноставно да се исфрли. Тие се значително ограничувачки фактор во преговорите. Тежок и нестабилен елемент во повеќедецениските преговори помеѓу Палестинците и Израелците, кои, со помош на притисокот на меѓународните посредници, ги започнале преговорите, па тогаш престанале при двострани обвинувања, при што креирале полоши односи од тие во примарната фаза на преговори. Двете страни се цврсто уверени дека другата страна работи во спротивен правец и дека е во прашање нивната национална и човечка егзистенција и дека единствено нивниот став е длабоко праведен и исправен. Со такви жестоки емоции, ни најпрактичните прашања, како што е на пример дистрибуцијата на вода во Западниот брег, не може сериозно да биде дискутирано, а камо ли да се реши. Често е корисно да се овозможи на преговарачите на другата страна да ги изразат своите емоции и стравови, да демонстрираат дека не се меки и дека не ги заборавaат нанесените штети и неправди и тогаш послободно да влезат во процесот на преговарање, меѓусебните отстапки и компромиси. Најдобро е мирно да се реагира на емоционалните изливи на преговарачите на двете страни. Важно е да се сочува сопствената контрола, да се слуша мирно другата страна, да не се одговара на нападите, но и повремено да се праша соговорникот кога ќе застане дали сака да додаде уште нешто. Симболичките гестови може да допринесат во затоплување на атмосферата. Некои од нив имаат рецитирачки говори и посилни впечатоци одошто елаборираните документи. Сочувството по поводот на загубата на другата страна, изјавата на жалење по повод на некој акт или инцидент, посета на гробови и положувањето на венци на гробовите на одредени жртви, можат да бидат драгоцен придонес во ублажување на емоционалната ситуација и да изразат добра волја да се појде по нов пат.

Битно е да се разбере дека без комуникација нема преговарање. Самиот процес на преговарањето е двосмерна комуникација со цел на постигнување на договор. Комуникацијата може да биде отежната со различни препреки. Се случува да преговарачките страни не комуницираат, не зборуваат една со друга, туку даваат изјави поради третата страна или јавноста. Во основа, тогаш преговарачите не се обраќаат кон другата страна ниту пробуваат да ја уверат во исправноста на сопствените аргументи, туку настојуваат да добијат подршка на домашната јавност или набљудувачот за своите ставови. Истиот негативен ефект се добива кога не се слуша другата страна, иако истата се обраќа директно. Тоа сигурно не води кон подобро разбирање и може да ги загрози преговорите на самиот почеток.

Следна препрека во комуникацијата е недоразбирање. Нешто што една страна го изјавила, другата погрешно ги има интерпретирано. Подобро е да се бара подетално појаснување на дадена изјава, отколку веднаш да се појде со контранапад или јавно квалификување на изреченото. До недоразбирање може да се дојде и поради тоа што исти збор или иста фраза на друг јазик може да има различна конотација. Познат е случајот кога Генералниот Секретар на УН Курт Валдхајм слетал во Иран во обид да ги ослободи американските заложници. По доаѓањето во Техеран, на иранското радио и телевизија ја дал следната изјава: „Дојдов како посредник да најдам компромис" (I have come as a mediator to work out a compromise). Меѓутоа, двата клучни збора кои ги има употребено имаат различни конотации на англиски и персиски. На персиски медијатор е некој кој непокането се меша во туѓи работи, а compromise на персиски го нема истото позитивно значење кое го има во англискиот јазик (наоѓање на средно заедничко решение кое одговара на двете страни), туку има негативно значење поврзан со компромитација.

Важно е да се настојува да се разјаснат работите, не да се замаглат. Треба да се има проактивен, а не реактивен став. Мора да се сфати дека преговарањето не е ни дебата ниту судење, па за него не се потребни ораторски егзибиции, а поготово не оптужување на другата страна за проблемот или пак навредување. Со тоа не се чува националното достоинство, туку се отежнува креирање на основа за договор. За да се избегне негативен впечаток на медиумите на домашното јавно мислење, а со тоа и на преговорите, некогаш корисно е да се воспостават лични и доверливи комуникациски канали со другата страна. Во многу книги за дипломатијата ќе се најде ставот дека публицитетот е непријател и тоа е точно. Тајноста на преговорите или содржината на преговорите е најчесто препорачлива се додека не дојде до озбилен продор на истата. Важно е преговарачкиот процес да се држи под полна контрола. Секое неконтролирано истекување на информации може сериозно да загрози, не само дел на преговорите, туку и на преговорите во целина.

Техниките на дипломатското преговарање најдобро се исполнуваат кога се комуницира непосредно помеѓу заинтересираните страни. Секој вид на посредување или комуницирање преку други канали (медиуми, пишан пат итн.) само може да го отежне разбирањето на проблемот, а со самото тоа и да се отежне донесување на решение кое ќе биде најдобро за заинтересираните страни.

### 5.3.1. Фактори кои влијаат на дипломатските преговори

Многу фактори можат да влијаат на дипломатските преговори. Некои од факторите можат позитивно да влијаат на преговарачкиот процес и да придонесат на изнаоѓање на прифатливо решение за двете страни, додека некои од факторите можат да влијаат на прекинување на комуникациите.

Еден од факторите е времето. Временскиот фактор може, во зависност од ситуацијата, позитивно или негативно да се влијае на преговорите и ставовите на преговарачките страни. Крајните рокови се некогаш вистински и наметнати на ситуцијата или можат да бидат дел од преговарачката тактика. Истражувачите во областа на преговарањето имаат утврдено едно единствено правило: 90% од вистинското преговарање се случува во последните 10% од расположливото време.[139] Ова покажува дека времето нерационално се троши да поголемиот дел од времето се користи за позиционирање и оптужување на другата страна, отколку за вистинско барање на вистинското решение.

На преговорите влијае и улогата на посредникот. Во преговорите често се појавува трета страна. Третата страна е посредникот (медијаторот). Посредувањето е чест облик на преговарање во кое третата страна делува како иницијатор и катализатор во остварувањето на преговорите кое страните кои се спротиставени не можат сами да го реализираат. Медијаторот е непристрасна, взаемно прифатлива трета страна чија цел е да помогне на страните во решавање на спорот. Медијаторот не навива ни за една ниту за друга страна ниту настојува да дојде до решение или да го оневозможи заради свои интереси. Иако медијаторите немаат моќ да наметнат нешто или да се пазарат, тие ја користат својата улога да ја олеснат ситуацијата за да двете страни дојдат до решение. Посредникот мора да обезбеди учество во преговорите за решавање на спорот. Арбитер е непристрасна трета страна која има моќ да наметне услови за решавање на спор помеѓу одредени страни. Арбитерот не навива за ниедна од спротиставените страни и работи според одредени правила и вредности. Арбитерот нема сопствен влог или интерес во спорот со кој би можел да се пазари во преговарањето. Посредувањето е посебна врста на преговарање насочено на

[139] Живорад Ковачевић, Међународно преговарање, Филип Вишњић Дипломатска академија, Београд, 2004, стр. 92

промовирање и активно барање на решение на спорот. Улогата на посредникот или арбитерот е фактор кој најчесто влијае на исходот на преговорите и од изборот на посредникот најчесто зависи и исходот на преговорите.

На преговарањето како начин на решавање на конфликти во меѓународните односи влијае и структурата на системот на меѓународните односи. Спорот помеѓу два спротиставени блока во Студената војна, кој го обележа поголемиот дел од другата половина на минатиот век, заменет е со досега невидена надмоќ на една супер сила – Соединетите Американски Држави – чија глобална, воена, финансиска, технолошка и идеолошка доминација е неспорна. САД се имаат наметнано како доминантен фактор во меѓународниот систем, кои пресудно влијаат на случувањата, кризите и нивното решавање во светот. Тоа на САД им дава пресудно влијание во преговорите при решавањето на меѓународните кризи и тие се најчесто трета страна која во посредничка улога и со политички, воени и финансиски притисоци, одлучува за текот на многубројни меѓународни преговори. Со оглед на тоа дека најчесто се наклонети кон една страна, преговорите се водат под притисок, што не доведува до задоволувачко решение за сите заинтересирани страни, па истото може да има последица од распламтување на истиот спор.[140]

Еден од важните фактори е и избирањето на преговарачот. За водење на дипломатски преговори се одредува делегација. Потребно е адекватно одредување на нивоата, составот и бројноста на делегацијата. Нивото на делегацијата е значаен, затоа што ако е повисок, договорот може брзо да се постигне. Исто така, значајно е да делегациите бидат на релативно исто ниво, за да започнат преговори. Значаен е и составот на делегацијата. Преговарачкиот тим има шеф на делегација или главен преговарач, кој претставува главна врска со властите во змејата, донесува конечни одлуки во делегацијата и сам го води наголемиот дел од преговорите. За значењето и сериозноста на преговорите најдобра слика даваат нивото и изборот на шефот на делегацијата. Преговарачкиот тим треба во својот состав да обезбеди учество на сите државни органи во чија надлежност се некои од прашањата за кои ќе се преговара. Во принцип би требало ставовите да се усогласуваат внатре во делегацијата, а тоа се конечно одлучува на едно место во земјата. Бројноста на делегацијата во суштина не е проблем, освен ако некоја страна испраќа значително малубројна делегација, што

[140] Живорад Ковачевић, Међународно преговарање, Филип Вишњић Дипломатска академија, Београд, 2004, стр. 92

покажува несеризоност во пристапот на решавањето на проблемот, иако има и случаи кога одредена делегација е многубројна и има проблеми при сместувањето и обезбедувањето на истата.

Јазикот на кој ќе се водат преговорите е особено значаен. Јазикот на преговарачот е многу специфичен и мора да одговори на разчини и специфични барања: да изрази и одлучност и спремност за компромис, да биде многу прецизен и обратно (ако е потребно) и непрецизен, многу формален и неконвенционален, фокусиран и разлеан итн. Се подразбира, проблемот на комуникацијата помеѓу преговарачите кои имаат различен мајчин јазик може да биде решен на различни начини. Еден од нив е да преговарачот комуницира на јазикот на другата страна. Освен за престижни прашања, тоа може да предизвика дополнителни проблеми. Кога двете страни комуницираат на трет јазик, можно е и тука недоразбирање, во зависност од тоа колку добро претставниците на едната или на другата страна владеат со тој јазик. Сепак, тој метод се користи во преговорите често, се додека не дојде до сложени формулации, односно нијанси. Тогаш се наложува кон ангажирање на преведувач. Оваа формула особено се користи во мултилатералната дипломатија или во билатералните преговори на многу високо ниво – не само од причина за целосна рамноправност, туку и поради тоа што државниците често не ги говорат странските јазици. Меѓутоа, преведувачите се користат и од страна на државници кои ги владеат странските јазици, што им дава дополнително време за размислување за сопствениот одговор. Тоа има и лоши страни: преведувањето практично го дуплира времето на преговорите. Од друга страна самите преведувачи, иако можат да бидат сјајни лингвисти, некогаш не се доволно упатени во материјата која може да биде многу специфична. Сепак, денеска во дипломатијата во меѓународното преговарање се користи англискиот јазик.

Целта на преговорите е решавање на конфликти. На општо ниво решавањето на конфликтите подразбира постигнување на согласност помеѓу учесниците во спорот поврзан со одредени прашања. Во секој случај мора да постои заемна активност на спротивставените страни. Доколку решението е еднострано наметнато, конфликтот нема да се повтори во некој друг облик.[141] Доколку има потреба од решение кое ќе го прифатат сите заинтересирани страни потребно е да се осврне внимание на сите

[141] Радомир Милашиновић & Срђан Милашиновић.: Увод у теорије конфликата, ФЦО, Београд, 2004, стр. 341.

спомнати фактори и да се намали нивното влијание колку е можно повеќе.

## 5.4 ДИПЛОМАТСКИ ПРИСТАП ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ТЕРОРИЗМОТ

Дипломатијата претставува најмоќната алатка – поседувана од секоја земја, во борба против модерните форми на тероризмот кои се проширени надвор од државните граници. Како глобален проблем, тероризмот ја има зафатено целата планета од операциите изведени од страна на терористичките организации и групи. Адекватна и вешто имплементирана дипломатија е централен фактор кој може да ги консолидира сите антитерористички мерки во една комапктна целина. Политичките и дипломатските антитеристички мерки можат да придонесат до решавање на конфликтите, а истото може да се направи преку јавен дијалог или т.н. тајна дипломатија. Овие методи ги спречуваат терористичките организации од учествување во масовни движења кои очигледно влијаат на политичката и социјалната промена. Брзата промена без применување на насилни средства имплицира дека одредени карактеристики на традиционално движење се зајакнати, додека импактот на терористичките организации е редуциран[142].

Парцијална или условна амнестија може да биде доделена на членови на одредена терористичка група кои во нивните земји се видени како дел од ослободителни движења, делегимитизирање на други терористички групи и дипломатскиот притисок може да биде додатен за одредени земји и сите подржувачи на терористички организации. Така, дипломатијата може да игра важна улога во антитерористичките активности воглавно, дали преку преговори, договори или преговарачки процеси насочени кон мировно решавање на проблемот[143]. Тие индивидуалци во политичките или дипломатските позиции се личности позиционирани на самиот врв на државните или владините тела, за да истите играат одлучувачка улога во дипломатските антитерористички активности, затоа што можат да :

- Обезбедат стандардизиран пристап на проблем на современиот тероризам преку временски активности надвор од границите, ставајќи фокус на сите земји да не

[142] Andrew F. Cooper, Streching health diplomacy beyond Global problem solving: Bringing the regional normative dimension, 2015, достапно на: http://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/1468018115599820.
[143] Robert D. Putnam, Diplomacy and domestic politics: The logic of two level games, 1988, достапно на: https://www.ou.edu/uschina/texts/Putnam88Diplomacy.pdf

даваат информации, материјална или политичка поддршка на терористичките организации;

- инсистираат на отстранување на штетите од тероризмот, спротивно на големината и интензитетот на таа активност;
- Овозможат податоци и докази во почетната фаза за да може да се искористат за докажување на постоење на терористички организации или групи, со цел да се обезбеди поддршка во борбата против тероризмот;
- Изведат навремено консултирање со одредени регионални, Европски и глобални политички играчи се со цел континуирана поддршка за планираните анти-терористички активности;

Иако политичката поддршка е најлесна за обезбедување, военото дејствување против тероризмот треба да остане како опција во случај кога дипломатските активности неможат да превенираат насилство од опасност или закана за насилство.

Во прилог на наведените активности, политичките и дипломатските анти-терористички активности исто така вклучуваат напори и за штетата од тероризмот за која големите сили и Обединетите Нации се информирани и за потребата од меѓународна соработка за имплементација на успешна антитерористичка акција. Многу е битно да се убедат официјалните претставници на државата и претставниците на глобалните организации да одбијат да имаат тајни контакти со терористите и да не им дадат поддршка, особено материјална поддршка.

Еднакво е битно дека владите на земјите сојузници да обезбедат јавна подршка на земјите што се под опасност за мерките преземени во тек на антитерористичките активности. Постојана дипломатска активност може да помогне да се создат услови за агресивен интернационален критицизам кон земјите кои се склони кон терористите, кое може да резултира во односот внатре во нивните земји или нивно конечно повлекување на подршката на терористичките групи.

Современата дипломатска активност се надоврзува на фактот, дека за време на состаноците (политички, експертски или научни) на меѓународните влади и невладини организации, терористичките групи се третирани според уредбите на ОН и меѓународните конвенции за борба против тероризмот, што помага во негирањето на нивниот легитимитет.[144]

[144] Robert D. Putnam, Diplomacy and domestic politics: The logic of two level games, 1988, достапно на: https://www.ou.edu/uschina/texts/Putnam88Diplomacy.pdf

Политичките и дипломатските активности се екстремно значајна рамка за националните интереси, но и за донесување на одлуки за употреба на воена сила за антитерористички акции, со цел да се обезбеди генерална меѓународна соработка за дејствијата на безбедносните сили против терористичките активности.

Дипломатскиот пристап кон решавање на одредени проблеми моментално е застапен во значителна мера во решавањето на меѓународните конфликти, односно во разноразни конфликти застапени низ светот. Овој начин на решавање на веќе застапен конфликт, или пак на конфликт кој е пред самиот почеток на распламнување треба да се користи сé почесто и насекаде. Основната причина пораки која треба е првично, незастапеноста на загуба на жива сила, потоа потенцијална материјална штета и загуба на природни ресури. Преку дипломатскиот пристап на разложување на одреден проблем се доаѓа до отворање на „сите карти на маса" , со што се ставаат сите опции од двете страни или од повеќето страни. Дипломатскиот пристап налага изнаоаѓање на правилно решение кое ќе им биде во прилог на сите кои учествуваат или би учествувале во одреден конфликт. При изнаоѓање на најбезболното решение се согледува значајноста на дипломатскиот труд вложен во таквите преговори.

Најпогодно е секој конфликт или можен конфликт да биде претходно решен со дипломатски активности на страните кои учествуваат. Сепак, тоа не е можно секогаш. Во случаите каде тоа е можно, треба да биде неопходно дипломатското влијание во изнаоѓањето на заедничко решение.

Современиот тероризам како закана налага постојано следење на неговите чекори и на неговите иновативни методи на остварување на своите цели. Безбедносните системи на современите држави, кои би требало во чекор да ги пратат сите нови методи на работење на терористичките организации, погодно би било во своите состави да вметнат и дипломатски пристап во претходењето на решавањето на одреден проблем од таква природа.

Дипломатскиот пристап претставува метод кој треба да биде вметнат во сржта на меѓународните закони за решавање на проблеми кои се предизвикани од терористичките закани. Со имплементирање на овие методи, се налага кон полесно решавање на проблемите, како и полесно спротивставување на истите од страна на државните системи на современите држави.

## 5.5 ЈАВНАТА ДИПЛОМАТИЈА НА САД ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

Соединетите Американски Држави поседуваат енормна воена сила, која ја има способноста за да совлада било кој противник со кој би имале конфликт и да не би имале сојузник во таа борба. Сепак, како и да е, има некои загрижувачки фактори поврзани со воената моќ на САД. Постојат четири главни причини за оваа загриженост: разбирањето на ограничувањето на огнената моќ, мотивацајата на другите да го предизвикаат САД, погрешното разбирање на природата на предизвикот со кој треба да се соочи, како и погрешно разбирање на природата на одговорот на тој предизвик и предвидување на вредностите кои се во прашање, а за кои САД се залагаат.

По нападите 9/11 САД развија нова стратегија за одбрана од глобалниот тероризам. Воената моќ на САД станала клучно средство во оваа борба, во која дури се користени и превентивни потенцијални закани. Средство кое често било занемарувано во оваа борба претставува јавната дипломатија, која вклучува дипломатија и употреба на информации се со цел да се влијае на јавното мислење за Соединетите држави и нивните надворешни политички цели.

По завршувањето на офанзивите во Афганистан и Ирак и со сеуште невидливите резултати на успех на тие фронтови, се почести се критиките и сомневањата во надворешната политика на САД и нејзината ефективност во пракса. На пример, сликите и видеата кои беа изнесени во јавноста во пролетта 2004-тата кои покажаа тортура врз затворениците од Ирак притворени од трупите на САД во Абу Граиб затворот во Багдад, имаа многу голем негативен импакт во тогашното присуство на силите на САД, како и врз мислењето на меѓународниот фактор кон натамошното присуство на силите на САД на тамошната територија[145].

Поради овие случки падна кредибилитетот на претставниците на САД со муслиманските земји во Блискиот Исток, со што се отежна оправданоста за нивното постоење на тамошната територија. Кога се говори за целите на јавната дипломатија и патот низ кој треба да се помине за да се достигнат тие цели, истите се пропишани според документите на поранешната United States Information Agency –

[145] Kennon H. Nakamura, US Public diplomacy, Background and current issues, 2009, https://fas.org/sgp/crs/row/R40989.pdf

Информативната Агенција на САД, каде јавната дипломатија настојува да ја промовира националните интереси и националната безбедност на САД низ разбирање, информирање, влијаење на надворешната јавност и ширење на дијалог помеѓу американските граѓани и институции и граѓаните и институциите во странство. Јавната дипломатија содржи две широки функции кои ги извршува специјално обучен персонал за работа во странските држави. Овој персонал поверкето од времето е стациониран во разни мисии на САД во странство. Тие функции на јавната дипломатија се :

- краткотрајна – ги објаснува постојните политики на САД, ги проследува говорите на претседателот и државниот секретар за надворешни работи на САД и ги застапува спомнатите државни функционери во текот на нивните посети;
- долготрајни – размена на студенти, библиотеки и програми на американските студии, развивање на врски со писатели и уредници кои ги прифаќаат американските вредности, изучување на странски весници на локалните јазици.

Со децении овие фукнции биле доверени на Информативната агенција на САД (USIA). Истата е згасната во 1999 година, а нејзините функции ги преземало Министерството за надворешни работи (State department). Постои и трета функција на јавната дипломатија а тоа е меѓународното информирање. Намалувањето на буџетот по Студената војна го ослабнало сервисот Глас на Америка до степен да сервисот на арапски јазик се емитувал само седум часа на ден. Исто така, програмата на арапски јазик е е митувана на еден арапски дијалект кој опфаќал само два проценти од арапската популација.

Некои од основните средства со кои се служи јавната дипломатија се печатените публикации, културните размени, филмови, телевизија и радио. Јавната дипломатија најдобро може да се разбере на основа на сите напори во областа на јавното информирање кое официјално го преземала Владата на САД, усмерување на информирањето и влијание на странското јавно мислење, се со цел да се обликува нивната перцепција за Америка, американците и американските надворешно политички цели[146].

Падот на комунизмот овозможил Американската јавна дипломатија да може да се усмери и кон земјите кон кои до тогаш не била насочена, како што се Куба, Северна Кореа, Виетнам и Кина во кои имало комунистички режими, но сепак главната

---

[146] Marina Botes, The Public Diplomacy of USA in the War of terror, 2007.

концентрација била на бившите комунистички земји од Источна Европа и подрачјето на поранешната СССР.

Американскиот конгрес во 1998-мата година донел Акт за реформи за реконструкција на надворешните работи, според кој претходно спомнатата агенција престанала да постои, а нејзината улога во спроведување на јавната дипломатија била преземена од страна на Министерството за надворешни работи. По расформирањето на Агенцијата, Министерството за надворешни работи голем број на нејзини функции кои се однесувале на програмите за јавно информирање, ги доделило на своите културни и информативни центри во странство или одредени американски амбасади, правејќи ги на тој начин помалку достапни за јавноста. Гледано од информациска гледна точка, САД на преминот од 20-от во 21-от век биле потполно неподготвени за тоа што се случило на 11 Септември 2001 година.

Џорџ В. Буш дошол на чело на САД во Јануари 2001-та година. Новиот американски претседател не донесол ниедна нова политичка одлука која би се однесувала на јавната дипломатија или меѓународното јавно информирање, односно одлучил да продолжи со постоечките програми и да останат на сила сите политчки директиви од времето на администрацијата на неговиот претходник Бил Клинтон. Кога тероризмот бил во прашање, на домашно тло САД се концентрирале на организациони промени на федералните, државните и локалните структури и политики кои вклучувале примена на законите во разузнавачките операции. Што се однесувало за странството, американската надворешна политика се сконцентрирала на поразување на тероризмот, а не на решавање на последицитте од тероризмот на своја територија.

Заедно со воените акции кои биле насочувани против тероризмот, истовремено дошло и до обновување на интересот за активностите на јавната дипломатија во странство со цел да се освојат „ срцата и умовите„ и да се совлада антиамериканизмот во арапскиот свет. Извештајот на комисијата за 11-ти Септември укажува на тоа дека зборот војна означува напор да се елиминираат терористите на терен, но има потреба и од општествена мобилизација во широки размери[147].

По завршените борби во Авганистан, обемот на воени дејствија бил намален. Затоа во овој извештај е наведено дека долгорочен успех наведува употреба на сите државни алатки за моќ: дипломатија, разузнавачки служби, тајни операции, правни служби, економска политка, помош во странство, јавна дипломатија и одбраната. Во

[147] Marina Botes, The Public Diplomacy of USA in the War of terror, 2007.

канцеларијата на тогашниот претседател Џорџ Буш за нов потсекретар за јавна дипломатија и јавни работи, ја назначил Шарлот Бирс која креирала памфлет од 25 страни наречен: Мрежа на тероризмот.

Овој памфлет кој бил дистрибуиран на 36 јазици, се состоел и од силни и реалистични фотографии од 11-ти септември, силни коментари против Ал-каеда и талибанците и осудување на тероризмот од светските лидери како што биле Кофи Анан, Тони Блер и Јианг Земин.

Исто така, канцеларијата на Шарлот Бирс испринтала и илјадници постери во серијалот кој имал наслов Џамиите во Америка, кој бил дистрибуиран широм светот. Покрај публикациите како што се „Живот на муслиманите во Америка„ Државниот Секретаријат сакал да ја покаже разноликоста на демократското друштво нагласувајќи ја религиозната толеранција внатре во мултикултуролошкото и мултиетничкото друштво во САД. На оваа тема Министерството за надворешни работи организирало и конференции за религиозниот плурализам. Целта на овие активности на американската јавна дипломатија било да се покаже вистинитоста на терористичките пораки дека САД се антимуслимански и антиисламски.

Тогашниот претседател Џорџ Буш по терористичките напади бил лично ангажиран во полето на јавната дипломатија. Три дена по 11-ти Септември, претседателот Џорџ Буш ја имал главната улога во одржувањето на екуменската служба во Националната катедрала. Претставник на американските муслимани бил задолжен да помогне во нејзинотот спроведување. Неколку дена покасно претседателот на САД го посетил и Исламскиот центар, односно една џамија во Вашингтон, каде дал изјава која се однесувала на неговата гледна точка кон исламот како вера на мирот.

Исто така, во Ноември истата година претседателот Буш ги повикал амбасадорите на земјите членки на Организацијата на исламската конференција на молитва и прекинување на рамазанскиот пост во Белата куќа[148].

Сега за сега, во доменот на јавната дипломатија, не се на повидок конкретни дефинирани улоги на претседателите на САД, со што во голем процент би допринеле до зајакнување на американската јавна дипломатија. Доколку се посака појасна улога на претседателот во сферата на јавната дипломатија, за да оваа надворешна политика

---

[148] Mathew Wallin, The new publiv diplomacy imperative, 2012, достапно на: https://www.americansecurityproject.org/ASP%20Reports/Ref%200071%20-%20The%20New%20Public%20Diplomacy%20Imperative.pdf -

на САД се дополнително да се зајакне, клучни елементи на претседателските директиви кои би се однесувале на јавната дипломатија треба да бидат:

- Јасна политика и стратегија за зајакнување на способностите на Владата на САД да комуницира со јавноста во странство
- Ефикасна структура за координација на најважните елементи на цивилната и воената јавна дипломатија
- Сите регионални одбори за координација на политиката на Националниот совет за безбедност при разгледување на политичките опции да вршат проценка на потенцијалните последици за мислењето на странското јавно мислење и да развиваат комуникациски стратегии во склад со избраната политика
- Насочување на ресурсите на јавната дипломатија, обуки, програми, буџет и технологија, посебно внимание на односот со невладините организации
- Меѓународните организации, комерцијалните медиумски куќи и коалиционите сојузници
- Распоред на зададени цели и стандарди за проценка на напредокот во остварувањето на реформите

На почетокот на војната против тероризмот Белата куќа креирала Агенција под името Коалиционен информативен центар, која имала седиште во Вашингтон, Лондон и Пакистан. Целта на оваа ангенција вила да ја известува јавноста за воените цели на западните сојузници и да овозможи брзо корегирање на непријателските информации за цивилните жртви или успеси на бојното поле.

Исто така, горенаведената агенција поѕтикнала иницијатиа жените да добијат место во структурите на моќ со што сакало да се нагласи хуманоста и ослободителниот аспект на победата во Афганистан. Министерството за одбрана преземало активности во полето на ангажирање на одредени агенции за да се борат во полето на информатичката војна против тероризмот. Рендоновата група со која раководел Џон Рендон, поранешен претседател на Демократскиот национален комитет, претставува еден од примерите за агенции кои ги ангажирало Министерството за одбрана.

Рендоновата група била стратешка консултанстска куќа од областа на комуникациите, чии клиенти биле странски влади на ЦИА, Министерства за одбрана, па нејзе владата на САД ја ангажирала за изработка на одредени медиумски производи, аналаза на медиумите во странство и други информативни производи чија цел била да влијаат на странското јавно мислење. Рендоновата група директно ѝ давала поддршка

на Министерството за одбрана н САД по нападите на 11-ти Септември низ анализа на медиумите во арапските земји, како што се Ал Џезеира и Ал Арабија. Исто така, давале предлози на Министерството за одбрана како да парира на антиамериканските теми и пораки.

Еден од тие проекти, кој бил направен од канцеларијата на Рендоновата група во Бостон, а кој бил наречен „Зајакнување на мирот" имал цел поврзување на американските и муслиманските средни училишта преку Интернет, се со цел да се прекинат комуникациските бариери и да се прошири културното разбирање[149].

На полето на јавната дипломатија и информатичката борба против тероризмот и Државниот секретаријат ангажирал свои консултанти со цел да се пронајдат начини за парирање на антиамериканските чуства на Блискиот исток и да се зајакнат напорите за напредок на јавната дипломатија. Тогашниот државен секретар Колин Пауел го именувал Едвард Џерџан, бивши амбасадор на САД, да претседава со Советодавната група за јавна дипломатија за арапскиот и муслиманскиот свет. Студијата која е објавена во Октомври 2003-та година била именувана „Промена на мислењето, постигнување на мирот: новиот стратешки правец на јавната дипломатија во арапскиот и муслиманскиот свет". Основните препораки на Советодавната група за јавна дипломатија вклучувале:

- Структурни промени во внатреагенциските процеси за да во нив се вклучи и Државниот секретаријат, Белата куќа, Советот за национална безбедност и друг важни институции и органи со нова претседателска директива која треба да ја нагласи важноста на јавната дипломатија.
- Поголемо учество на Американската Агенција за меѓународен развој и Министерството за одбрана во сите правци на политики и програми на јавната дипломатија.
- Дополнително собирање на средства и организирање на професионален персонал од областа на јавната дипломатија кој го познава Блискиот исток и неговата култура, религија и јазик.
- Поголема употреба на информатичката тегнологија при комуникација со арапските и муслиманските друштва, но и употреба на нови методи за мерење на успехот и неуспехот на вложениот напор.

[149] Assesing US Public diplomacy, The US Advisory Commision on public diplomacy, 2010, достапно на: https://www.state.gov/documents/organization/149966.pdf

- Бројни курсеви по англиски јазик и други образовни средства за да муслиманската младина има повеќе прилики за обука на одредени услови
- Отворање на нови проекти под името „Библиотека на американското знаење" достапни повеќе на блискоисточните универзитети.[150]

Исто така овој извештај на Советодавната група за јавна дипломатија вклучувал предлози за креирање на нови препораки. На пример, оваа група се залагала за зголемување на програмите за образовни размени не само со арапските универзитети, туку и низ подобра меѓусебна координација на Фондот за меѓународно воено образование и тренинг на Министерството за одбрана и програмата на УСАИД. Целната група на овој вид на образовни размени биле главните луѓе во владите, образованието, војската и економскиот сектор на странските земји кои би имале прилика да патуваат во САД и да учествуваат во разни образовни програми и обуки. Советодавната група за јавна дипломатија сметала дека изучувањето за САД на блискоисточните универзитети, како и изучувањето за Блискиот исток на универзитетите во САД би овозможило продлабочување на разбирањето и дијалогот и би ја проширила размената на мислења кога се во прашање културни, политчки и социјални проблеми. Напротив „тврдата моќ„ која се заснова на присилба и настојуба преку воена и економска моќ да владее, стои „меката моќ„ која не се заснова на присилба туку на способностите на една држава да ја спроведе својата волја во координација со другите држави, користејќи се со атрактивноста на својата култура и своите вредности, идеи и институции. Кога државата има таков впечаток дека може да ги мотивира другите држави да ги усвојат тие вредности, тогаш таквата држава можеме да ја вметнеме и ставиме меѓу водечките земји[151].

Поимот „мека моќ" вклучува и пропаганда, но самата таа е поширока од пропагандата. Таа поседува реална моќ, односно способна е да ја оствари целта. Кога државата е способна да ги убеди другите држави во исправноста на своите идеи и вредности и да постигне ситуација во која другите држави сакаат своите идеи и цели да бидат исти како на неа, тогаш не е толку неопходна употребата на тврдата моќ, односно однесувањето кон другите на лош начин.

---

[150] Assesing US Public diplomacy, The US Advisory Commision on public diplomacy, 2010, достапно на: https://www.state.gov/documents/organization/149966.pdf

[151] Enduring freedom, Public diplomacy and US foreign policy, National Seurity strategy, 2002, достапно на: http://www.nyu.edu/steinhardt/e/pdf/humsocsci/mias/readings07/95.pdf

Според Џозеф Нај[152] „меката моќ„ на одредени држави се состои од три елементи и тоа: култура (државна), што за некои е популарна култура, а за други е јазикот, класична музика и литература, наука и образование или технички достигнувања; политичките вредности кои владеат во една држава, низ кои може да се види влијанието на домашната политика преку сликата на земјата во странство; и надворешната политика на една земја во ситуации во кои се гледа како легитимна и со морален авторитет , па тука може да се види емоционалното влијание на медиумските преноси во акциите кои се спроведуваат во странство.

Сепак, од 11 Септември 2001-та година американската мека моќ била во пад поради контроверзните политики на администрацијата на претседателот Буш која се засновала на остра употреба на дипломатија и воена моќ. Поради тоа биле занемарени јавната дипломатија и програмите за културни размени, што донело до неуспех во промовирањето на американското друштво во странство. Од 2001-та година американската надворешна политика, особено во текот на последната војна во Ирак, станала особено непопуларна, зајакнувајќи го на тој начин антиамериканското чувство и предизвикувајќи понатамошно слабеење на „меката моќ". Постои согласување дека двата типа на моќ се многу важни за надворешната политика на САД и за нејзината борба против тероризмот. Спречувањето на ширењет на тероризмот и постигнувањето на разни други цели, вклучувајќи и напори да се промовира демократијата во странство, потребно е пред се да покаже волја да се помогне на другите држави и народи.

Исто така, постојат и места каде САД не можат да одат во потрага по терористичките водачи, па во тие ситуации потребна е широка соработка во полето на собирање на информации и оневозможување на терористичкото финансирање. Со една реченица, запоставувањето на „меката моќ" од страна на САД ги ограничува нејзините способности да ги убедуваат и да влијаат на другите. Во ерата на глобална комуникација може да се забележи зголемување на значењето на „меката моќ". Комуникациските технологии влијаат на „намалувањето," на светот и креирањето на идеални услови за ширење на меката моќ преку контролата на информациите.

Анкетите кои биле спроведени во текот на 2005-тата година покажале дека многу народи веруваат дека Европа и Кина играат многу позитивна улога во светот во однос на САД, што се одразило врз популарноста на САД. Дури и во Велика

[152] Joseph S. Nye, Soft power: the means to success in world politics, Public Affairs, USA, 2004.

Британија, најблизок американски сојузник, дошло до развој на негативни ставови спрема „тврдата моќ„ на администрацијата на претседателот Буш[153].

Иницијативите на Државниот секретаријат во доменот на јавната дипломатија, како што се образовна и културна размена, помогнале да се покажат некомерцијалните аспекти на американските вредности и американската култура и да се влијае на јавното мислење во странство. Сепак, САД сеуште немаат кохерентна стратегија во доменот на јавната дипломатија која треба да овозможи на најдобар начин да се прикажат американските вредности и ефикасно да се влијае на јавното мислење во странство. Многу важен елемент кој ја намалува привлечноста на САД во странство е недостатокот на знаењето на американските граѓани за странските држави.

Постојат два механизми кои можат да му помогнат на САД да одолее на предизвикот за креирање на хегемонска позиција и да со тоа ја зајакнат својата „мека моќ„. Првиот механизам претставува подеднаква распределба на моќта во меѓународниот систем, затоа што при соочување со сила која може да им парира, САД би биле принудени наместо хегемонија да се определат за многу повнимателна стратегија. Другиот ограничувачки механизам е дека американскиот домашен политички систем оневозможи државните лидери да се впуштаат во непотребни авантури.

---

[153] Javad Asgharirad, US Public diplomacy towards Iran during George Bush era, 2012, http://www.diss.fu-berlin.de/diss/servlets/MCRFileNodeServlet/FUDISS_derivate_000000011515/Asgharirad-_Dissertation-_Final_Manuscript-_July_10.pdf -

# 6. ЗАКЛУЧОК

Што би се случило ако во современиот свет нема дипломатија и дипломатски преговори помеѓу државите? Каков глобален или регионален хаос би настанал во светот без стандарден вид на меѓународна комуникација? Тогаш државите ќе се оддалечат една од друга и ќе бидат оставени сами на себе. Тогаш тие нема да склопуваат договори за мир и да преговараат со соседите, нема да има безброј договори од најразлични сфери од општеството, меѓу кои и воената со што нема да има безброј договори со кои ќе се регулира употребата на одредени типови на оружја, од кои најзначајно е нуклеарното. Со ваков начин на функционирање на општеството, ќе настане тотална анархија и ќе има голем недостиг на владеење на правото насекаде низ светот, со што евидентна ќе биде потребата од правен систем и правно регулирање на општествените задачи и начини на функционирање на државите.

Постојаните закани кои ги демнеат државите низ светот од современиот тероризам претставуваат постојана приоритетна задача на безбедносните системи на сите држави. Примарна цел на нив е да ја зачуваат и овозможат безбедноста на својот народ без оглед на тоа колкава е опасноста и дали е на нејзино или на туѓо тло. Треба постојано да се тежнее кон максимално овозможување на мирот на населението. Со тоа не само што ќе се добие мир во својата држава, туку и во околните држави.

Безбедносните системи на државите треба да го следат теркот на напредокот на информатичката технологија, со што ќе овозможат напредок на своите можности и достигнувања, а секундарно ќе овозможат и полесно справување со потенцијалните закани кои се на прагот на современите држави. Помалите држави како нашата треба да тежнеат кон унапредување на сопствените системи за безбедност на линија со оние на моќните држави, со што ќе направат чекор нанапред кон оформување на својата држава како фактор во околината и во безбедносната средина и на крајот нема народот да се сомнева во способностите на држава при решавањето на потенцијалните проблеми и закани.

Спротиставувањето на државите кон опасностите кои ги предизвикува современиот тероризам е задача број еден на сите држави низ светот. Можностите на тероризмот од самиот негов почеток па до ден денес се зголемиле повеќекратно. Начините на кои ги извршувале акциите терористите се повеќе се усложнуваат и стануваат се повеќе карактеристични и тешки за решавање и предвремено откривање

од страна на безбедносните системи. Самиот напредок на сите гранки од општествениот систем овозможил и напредок на начинот на изведувањето на терористичките акции. Затоа е многу битно следењето на технолошкиот и информатичкиот напредок на општеството од страна на безбедносните системи на современите држави.

Дипломатијата според многумина е алатка на денешницата во решавањето на проблемите на државните системи од сите аспекти на општествено живеење. Преку методите и начините на дипломатското работење треба и се доаѓа до директно спротиставување со проблемите кои ги демнеат современите држави. Дипломатските активности кои ги изведуваат дипломатските претставници се примарен акт преку кој се пресликува начинот на работење на одредена држава. А согласно на тоа се пресликува и начинот на спротивставување и решавање на заканите од страна на современите држави.

Како алатка на дипломатијата и нејзините активности може да се спомене разузнавањето како активност, без кое не може да се замисли функционирањето на една држава. Разузнавачките операции на една држава во координација со дипломатските активности можат да одиграат клучна улога во справувањето со современиот тероризам. Со координирана и навремена реакција на овие две алатки на еден државен систем, нема закана која нема навремено да биде елиминирана. Со навремената реакција се дава доволно време на државниот врв навремено да изреагира и да го донесе правилното решение за одреден проблем.

Се повеќе забрзаниот развој на општеството и на сите негови гранки, тенденцираат на позабрзан развој на самите државни системи. Самото унапредување на технологија и на информатичкото општество налага чекорот на развивање да биде следен истовремено и од страна на државите. Државите за да имаат правовремен раст на своите економски сегменти од своите системи треба да го следат чекорот на технолошки развој во чекор со кој нема да заостанат ниту во еден момент и во ниедна сфера. За државите да го одржуваат својот баланс и развој на задоволително ниво, најбитно е да имаат добрососедски односи со повеќето развиени земји, како и да обезбедат максимална безбедност на своите граѓани во секој момент и без разлика на случувањата низ светот.

Дипломатијата претставува алатка на државните системи низ светот, од самиот почеток на нивното постоење па до ден денес, преку која на начин, кој е „безболен" и преку правилно искористување, лидерите на државите доаѓаат до посакуваното

решение во посакуван момент. Дипломатското работење се заснова на секојдневно и целовремено остварување на безброј комуникациски разговори и дејствувања кои би ѝ оделе во приход на државата која ги испраќа дипломатските претставници на територијата на другата држава. Преку нејзино постојано функционирање и преку нејзино правовремено искористување од страна на лидерите на државите, се доаѓа до момент при кој државата ги искористува максимално дадените информации или пак дадените насоки од дипломатските претставници и со тоа истата чекори кон правец во кој има само напредок на општествените добра на истата држава и напредок на општеството.

Од една страна, на оваа „сложена игра" се наоѓа дипломатијата, а од друга страна како нејзина алатка се наоѓа разузнавањето. Разузнавањето можеме да го класифицираме како алатка на дипломатијата. Дипломатијата и дипломатските претставници преку разузнавањето како процес на добивање на одредени информации, можат да влијаат во решавањето на многубројни проблеми или закани кои ѝ претстојат на сопствената држава. Разузнавачките активности претставуваат продолжена рака на дипломатијата, со што нејзините претставници доаѓаат до одредени круцијални информации кои би помогнале значајно во изнаоѓањето на правилното решение за одреден државен проблем.

Со развиено разузнавање секоја држава има и развиена дипломатија. Тие две работи кохезирани на ниво на кое функционираат беспрекорно, ја доведуваат државата на ниво на кое нема да има проблем кој би можел да ѝ нанесе зло на нејзиниот систем или на нејзиното општество.

Многу е битно секоја држава, односно нејзините лидери, правовремено да сфатат дека мора да има постојан напредок паралелно и на разузнавањето и на дипломатијата. По тоа, со нивно вклопување и со нивно навремено искористување, резултатите ќе бидат секогаш во позитивна насока.

Разузнавањето како активност секогаш се изведува работење на начин кој е далеку од очите на општеството, односно на народот. Затоа, ретки се случаите каде јавно се презентираат дадени информации кои се добиени по пат на разузнавачки активности. Затоа, дипломатските претставници, половично дејствуваат и како разунавачки оперативци, со чии методи се користат за добивање на одредени информации.

Умешноста на користењето на разузнавачките методи на доаѓање до одредени информации од страна на дипломатските претставници и процес кој се учи во текот на

долгогодишното работење на истите. Затоа многу е битно да се знае да се направи граница при одредувањето на тоа кој е соодветен за да стане дипломатски претставник на одредена држава а кој не. Избирањето на овој персонал може да биде од круцијално значење за одбраната на државните интереси и за правецот кој истата ќе го преземе во меѓународните односи со останатите држави.

Затоа, поради ваквите типови на грешки, секојдневно сме сведоци на најразлични меѓудржавни несогласувања, кои многу веројатно не би се случиле, ако не дошло до недоразбирање на најниско ниво на дипломатско дејствување. Самиот факт дека најсовремени држави најмногу од своите ресурси ги вложуваат првично во одбраната, односно разузнавањето како нејзин дел, па во дипломатијата, ни налага дека малите држави низ светот треба да го следат тој терк и пример, односно начин на раководење, со што ќе се избегнат многубројни проблеми.

Примерите на функционирање и начините на раководење на разузнавачките системи на современите моќни држави треба да претставува урнек за државите во развој како што е нашата. Многу е значајно да се пренесе тој начин на раководење на тлото на сопствената држава за да се избере најефикасниот начин на работење. А сето ова што претходно е наведено, може да се оствари само на еден начин, а тоа е со постојани корелации помеѓу малите држави и моќните држави, преку што ќе дојде до обучување на нивниот персонал во моќните држави и истите нивното знаење ќе го пренесат во домашниот државен систем и ќе придонесат до правилно, односно функционирање на истиот начин како кај силните држави.

За да имаме прававовремен развој на разузнавачките системи и на дипломатските претставништва на државите, многу е битно да дојде до развој на безбедносните системи на современите држави. Безбедносниот систем на секоја држава претставува основна алка на општеството, кој има задача да овозможи нормално функционирање на државите и безпрекорно делување на сите алки на државниот систем. Со развиен безбедносен систем, сите негови поделементи ќе се развиваат и ќе дојде до постојано правилно функционирање на истиот, и до исполнување на сите задачи кои ќе му предстојат на истиот. Разузнавањето е еден од тие потсистеми на секој безбедносен систем и затоа треба многу напор да биде вложен во негово унапредување и следење на светските трендови во развој на разузнавачките системи.

Дипломатијата како алатка на државните системи претставува една од најзастапените во модерно време и една од најчесто користените за спречување и

решавање на современите терористички закани. Дипломатските активности овозможуваат доаѓање до одредени информации кои би можеле да бидат од беспрекорно значење за лидерите на нивните држави. Дипломатските активности кои се одвиваат секојдневно насекаде низ светот се темел на секој државен систем. Разузнавањето како алатка на дипломатијата, дипломатијата како алатка на безбедносниот систем и безбедносниот систем како алатка на државните системи претставуваат најзначајни витални функции на секоја држава. Со нивно правилно работење доаѓа и до правилно функционирање на една држава.

Така, аналогно на правовремениот развој на современиот тероризам и на неговата комплексост, треба да постои и правовремен развој на безбедносните системи на државите низ светот и на дипломатските претставништва кои се основа на секоја држава, кои со умешно работење ќе бидат постојано во тек со потенцијалните закани кои демнеат на современите држави.

На крајот на мојот труд, морам да ја посочам важноста на дипломатијата во справувањето со современиот тероризам најмногу заради нејзината комплексност во методиката на работењето и во начините на изнаоѓање на решенија за одредени проблеми. Целта која ја имаше моето истражување беше да се докаже дека дипломатијата како појава, била, е, и ќе биде најважна алатка на секој државен систем во справувањето со проблемите кои се наоѓаат на нивниот пат кон напредокот на државата и кон обезбедувањето на безбедноста на своето население.

На современиот тероризам како појава, единствен начин преку кој секоја држава може да му парира во неговото елиминирање е развиена дипломатија и развиен безбедносен систем. Секоја држава мислам дека треба да тежнее кон секојдневен напредок на дипломатските и разузнавачките сегменти од државните системи.

Дипломатските активности во координација со разузнавачките во иднина ќе играат битни и круцијални улоги во решавањето на задачите и спротивставувањето на заканите кои ќе им застанат на пат на државите и нивните лидери и народ, со што ќе се докаже нивната најзначајна задача во општеството.

Разработените помошни, посебни хипотези ни помогнаа во докажувањето на **основната хипотеза**: Успешното справување на современиот тероризам во значајна мера зависи од ефикасноста на дипломатските активности.

**Хипотеза 1**: Дипломатските антитерористички мерки се насочени кон спречување на терористичките организации да учествуваат во масовни движења кои донесуваат одредени политички промени. Причините за тероризмот најчесто лежат во длабоките и непомирени глобални односи, промените во светската политика, социјалната положба и економија, како и во субјективните гледишта на групи и поединци дека нестабилната општествена состојба, може да се промени преку примена на акти на насилство (тероризам).

**Хипотеза 2**: Со помош на дипломатските мерки и активности се намалува влијанието на терористичката организација. Носителите на политичко-дипломатските активности се највисоките државни раководители и органи. Нивната улога во дипломатските антитерористички активности е одлучувачка, бидејќи тие со навремени активности на меѓународно ниво обезбедуваат заеднички пристап на проблемот со современиот тероризам, тие инсистираат на отстранување на причините за тероризам, без оглед на неговиот обем и неговите активности.

**Хипотеза 3**: Со методите на дипломатијата се врши дипломатски притисок врз државите и другите спонзори на терористички организации (преку повлекување на дипломатскиот персонал од држави кои финансиски или морално даваат поддршка на тероризмот, прекинување на дипломатските односи со овие земји, итн.). Преку дипломатијата може да се обезбеди стандардизиран пристап на проблем на современиот тероризам, ставајќи фокус на сите земји да не даваат информации, материјална или политичка подршка на терористичките организации и да овозможат податоци и докази во почетната фаза за да може да се искористат за докажување на постоење на терористички организации или групи, со цел да се обезбеди поддршка во борбата против тероризмот.

Во однос на методите за сузбивање на современиот тероризам може да се констатира дека еден од најуспешните и најупотребуваните методи е прекин на финансирањето на терористичките организации. Аномалијата на овој метод е што терористичките организации успеваат да се преориентираат кон други финансиски извори. Според тоа може да се констатира дека напорите на меѓународната заедница во сузбивањето на финансирањето на тероризмот се недоволно координирани.

**Хипотеза 4**: Дипломатијата има улога во давање на делумна или условна амнестија на припадниците на одредени терористички движења кои се на граница со т.н. ослободителни движења. Парцијална или условна амнестија може да биде

доделена на членови на одредена терористичка група кои во нивните земји се видени како дел од ослободителни движења, делегимитизирање на други терористички групи и дипломатскиот притисок може да биде додатен за одредени земји и сите подржувачи на терористички организации. Така, дипломатијата може да игра важна улога во антитерористичките активности воглавно, дали преку преговори, договори или преговарачки процеси насочени кон мировно решавање на проблемот. Исто така, битно е да се потенцира како да се преговара (односно дали тема на преговорите ќе бидат нивните барања, што доколку се, единствено треба да се преговара за мотивирање на терористите да ги користат демократските механизми или станува збор за преговори за демилитаризација кога тема на преговорите е единствено амнестија).

**Хипотеза 5**: Дипломатијата има значајна улога во антитерористичките активности, преку договарање, преговарање или посредување со цел, изнаоѓање на антитерористичко решение по мирен пат. Доколку нема ефикасна дипломатија, антитерористичките мерки и активности се разединети и неповрзани а последователно и неефикасни. Доколку дипломатијата е адекватно и вешто водена, претставува централен субјект кој сите антитерористички мерки ќе ги обединува во компактна и поврзана целина. Во спротивставување на тероризмот, дипломатијата не се однесува само на професионалните дипломати, туку и на сите државни службеници кој се специјализирани за борба против тероризмот.

Дипломатијата ја има главната улога во антитерористичките мерки воопшто, било да се договара или посредува во изнаоѓање на антитерористички решенија по мирен пат. Договорите и преговорите на билатерална основа претставуваат најелементарен начин, почетен чекор во правец на правно идентификување и осуда на терористичките активности. Овие договори и преговори се засновани на принцип на суверена еднаквост и рамноправност на државите.

**Хипотеза 6:** Дипломатијата како интелектуална активност мора да биде заснована на непрестајно собирање и процесирање на информации, нивна анализа и донесување на одлуки. За успешно да се спроведува функцијата на преговарање мора да се имаат проверени и точни информации кои укажуваат на постоење или непостоење на евентуална опасност.

**Хипотеза 7:** Примената на соодветни методи, техники и стратегии на преговарање ќе придонесат кон поголеми шанси во справување на современиот тероризам. Врз основа на досегашните примери од пракса и увидот во оваа проблематика може да се каже дека преговарањето како метод во борбата против

тероризмот треба да е на преден план и прв инструмент кој ќе се користи, но ова не ги исклучува и другите начини во борбата против тероризмот туку само ги надополнува можните алтернативи. Констатиравме дека успешното преговарање со терористите зависи од видот на терористичката организација, односно од идеологијата и целите. Во однос на преговарањето со терористи сепак треба да се внимава на одредени прашања: Со кои терористи може да се преговара (важно е дали организацијата била ненасилна па преминале во насилна, како и кој е степенот на внатрешна кохезија, односно кој е релевантниот лик за преговори); и кога да се преговара (во однос на ова прашање општиот заклучок е дека со терористите може да се преговара единствено кога се очекува тие да бидат поразени).

На крајот и понатаму останува отворено прашањето дали преговарање со терористи кои се спремни да се откажат од насилство може да биде добра стратегија. Засега е јасно дека ваква стратегија е неприменлива со Хамас, Хезболах, Ал Каеда, и ИСИС.

Дипломатскиот пристап претставува метод кој треба да биде вметнат во сржта на меѓународните закони за решавање на проблеми кои се предизвикани од терористичките закани. Со имплементирање на овие методи, се налага кон полесно решавање на проблемите, како и полесно справување на истите од страна на државните системи на современите држави.

# 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Alain Plantey, International Negotiation in the Twenty-First Century, New York: Routledge-Cavendish, 2007 година
2. Alan Dupont, Intelligence for the Twenty-First Century. Intelligence and National Security, 2003 година
3. Andrew Cooper, Streching health diplomacy beyond Global problem solving: Bringing the regional normative dimension, 2015 година, достапно на: http://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/1468018115599820.
4. Assesing US Public diplomacy, The US Advisory Commision on public diplomacy, 2010 година, достапно на: https://www.state.gov/documents/organization/149966.pdf
5. Agreement reached in the multi-party negotiations, Belfast on Friday, April 10 1998 година
6. Alan K.Henrikson, The types of small state diplomacy, 1999 година, достапно на: https://is.muni.cz/el/1423/podzim2008/MVZ157/um/TEN_TYPES_OF_SMALL_STATE_DIPLOMACY.pdf
7. A diplomat's handbook produced by the council for Community of Democracies. 2010 година, достапно на: http://www.burmalibrary.org/docs13/Diplomats_Handbook-red.pdf.
8. Article: A agenda for peace: diplomacy, peacemaking and peacekeeping, 1992 година, USA, достапно на: http://www.un.org/en/sc/repertoire/89-92/Chapter%208/GENERAL%20ISSUES/Item%2029_Agenda%20for%20peace_.pdf
9. Ban Ki Moon, Preventive Diplomacy, Delivering results, S/2011/552
10. Canadian Security Intelligence Service, достапно на: http://www.csis-scrs.gc.ca/pblctns/cmmntr/cm53-eng.asp.
11. Caleb Carr, The lessons of terror, Random house, New York, 2003 година
12. Cynthia Arnson, "The Peace Process in Colombia with the Autodefensas Unidas de Colombia-AUC", Washington, D.C. December 2004 година
13. Cristopher Andrew, Intelligence, International Relations and 'Under-theorisation'. *Intelligence and National Security*, 2004 година
14. Diplomatic and consular Immunity: Guidance for Law enforcement and Judicial

authorities, United states department of state office of foreign missions, достано на: https://www.state.gov/documents/organization/150546.pdf

15. Douglas A.Irwing, Multirateral and bilateral trade policies in the world trading system, достапно на: http://www.dartmouth.edu/~dirwin/docs/Multilateral-Bilateral.pdf
16. Declaration of Principles on Interim Self-Government Arrangements, Done at Washington, D.C September 13, 1993 година
17. Договор за имплементација на провизија на конвенцијата на ОН за закон за море, декември,1982 година
18. Eytan GIlboa, Searching for a Theory of Public diplomacy, 2008 година, https://www.researchgate.net/publication/249666735_Searching_for_a_Theory_of_Public_Diplomacy.
19. Erik Mannik, Terrorism, its past, present and future prospects, 2009 година, достапно на: http://www.ksk.edu.ee/wp-content/uploads/2011/03/KVUOA_Toimetised_12-Männik.pdf .
20. ETA timeline, "History of the Basque separatist organization", ET March 11, 2004 година
21. Enduring freedom, Public diplomacy and US foreign policy, National Seurity strategy, 2002 година, достапно на: http://www.nyu.edu/steinhardt/e/pdf/humsocsci/mias/readings07/95.pdf
22. Foreign policy organization, The changing nature of diplomacy, 2012 година, достапно на: https://catalogue.pearsoned.ca/assets/hip/us/hip_us_pearsonhighered/samplechapter/1447921410.pdf .
23. Фердинанд Оџаков, Разузнавачките служби во борба против тероризмот и организираниот криминал, Соларис принт, Скопје 2010 година
24. Функции на дипломатска мисија, достапно на: ://pracownik.kul.pl/files/20504/public/functionsofadiplomaticmission.pdf
25. Geoff Berridge, Diplomacy, „Theory and Practice, "London-New York-Munich, 1995 година
26. Geoff Berridge, Diplomacy, Theory and practice, London, Pallgrave, 2002 година
27. Philip Hughes & Peter Oleson, Diplomacy and intelligence, 2016 година, достапно на: http://www.whwg.com/wp-content/uploads/2017/01/Diplomacy-

Intelligence.pdf

28. Gerard Chailand & Ardnaud Blin, The history of terrorism, University of California press, 2007 година
29. Henry Kissinger, Years of Upheaval (Little, Brown, Boston, Mass, 1982 година
30. Ian Hurd, Law and the practice of diplomacy, International Journal, 2011 година, достапно на: https://static1.squarespace.com/static/55bc2903e4b0b7e056744a52/t/59358342d2b857dbe977453b/1496679242037/practice+of+diplomacy.pdf
31. Iver B. Neuman, To be a diplomat, Norwegian institute of International affairs, 2005 година, достапно на: http://www.sciencespo.fr/ceri/sites/sciencespo.fr.ceri/files/To_Be_Diplomat.pdf
32. Israeli-Palestinian Negotiating Partners, Steering Committee, достапно на: http://www.ipnp.org/committee.html
33. Jan Melisen, The new public diplomacy, Palgrave, 2005 година, достапно на: http://culturaldiplomacy.org/academy/pdf/research/books/soft_power/The_New_Public_Diplomacy.pdf .
34. Joumane Chahine, Public diplomacy: Conceptual framework, McGill University, Montreal, 2010 година, достапно на: http://www.culturaldiplomacy.org/academy/pdf/research/books/public_diplomacy/Public_Diplomacy_-_A_Conceptual_Framework_-_Joumane_Chahine.pdf.
35. Janne E. Nollan, Diplomacy and security in the Twenty First century, 2009 година
36. Jozef Batora & David Spence, European diplomacy post- Westphalia, достапно на: http://www.lse.ac.uk/internationalRelations/dinamfellow/conf2013/docs/Ana-MarFernandez-CA-palgrave-tradrev-(1).pdf
37. Janne E. Nollan, Diplomacy and security in the Twenty First Century, Georgetown University, 2009 година
38. Jonathan Pinkus, Intelligence and public diplomacy: The changing tide, 2014 година, достапно на: http://scholarcommons.usf.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1348&context=jss
39. Joseph S. Nye, Soft power: the means to success in world politics, Public Affairs, USA, 2004 година
40. Звонимир Јанкуловски, Дипломатија и човекови права, Матица, Скопје, 2013 година

41. Jan Melisen, Inovation in Diplomatic Practice, London, Macmillan Press, 1999 година
42. Мира Кларин , Тероризам, НИП Политика, Белград, 1978 година
43. Живорад Ковачевич, Меѓународно преговарање, Дипломатска академија, Белград, 2004 година
44. Живорад Ковачевич, Меѓународно преговарање, Филип Вишњиќ Дипломатска академија, Белград, 2004 година
45. Kennon Nakamura, US Public diplomacy, Background and current issues, 2009 година, достапно на: https://fas.org/sgp/crs/row/R40989.pdf
46. Koffi Annan, Prevention of Armed conflicts, Report of the Secretary General, United Nations Publications, New York, 2002 година
47. Lynn Pascoe, Rediscovering Preventive Diplomacy, a view from the United nations, Remarks at the Brooking Institutions, 2010 година
48. Hwajung Kim, Cultural diplomacy as the means of soft power in the Information age, 2011 година, достапно на: http://www.culturaldiplomacy.org/pdf/case-studies/Hwajung_Kim_Cultural_Diplomacy_as_the_Means_of_Soft_Power_in_the_Information_Age.pdf
49. Милан Милошевић, Војни информатор, Београд: Војноиздавачки и новински центар, 1999 година, број 6.
50. Michael James Langley Hardy, Modern dilomatic law, Manchester, The University Press, 1968 година
51. Марина Митревска, Превентивна дипломатија и мировни операции, Филозофски Факултет, 2010 година
52. Michael Hardy, Modern diplomatic law, Manchester university press, Manchester, 1968 година
53. Милан Бартош, Меѓународно јавно право, Белград, 1986 година
54. Малком Шо, Меѓународно право, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2010 година
55. Marc Leonard, Public diplomacy, The foreign policy centre, 2002 година, достапно на: http://fpc.org.uk/fsblob/35.pdf .
56. Методија Дојчиновски, Современо воено разузнавање, Соларис принт Скопје 2009 година
57. Методија Дојчиновски и Фердинанд Оџаков, Разузнавачки операции, Соларис принт, Скопје 2010 година

58. Mahdi Mohammad Nia, From old to new terrorism – The changing nature of international security, 2010 година, достапно на: https://gsj.stonybrook.edu/wp-content/uploads/2010/06/0018Nia.pdf
59. Митко Котовчевски, Современ тероризам, Македонска цивилизација, Скопје, 2002 година
60. Митко Котовчевски, Менацирање на терористички закани, Филозофски Факултет, Скопје, 2012 година
61. Митко Котовчевски, Извори на загрозување на мирот и на националната безбедност, Балкански центар за мир, Скопје, 1999 година
62. Милан Мијалковски, Одговор на тероризмот, ФЦО Белград, 2005 година
63. Marina Botes, The Public Diplomacy of USA in the War of terror, 2007 година
64. Mathew Wallin, The new public diplomacy imperative, 2012 година, достапно на: https://www.americansecurityproject.org/ASP%20Reports/Ref%200071%20-%20The%20New%20Public%20Diplomacy%20Imperative.pdf
65. Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Соларис принт, Скопје 2002 година
66. Negotiations with terrorists – A mediators guide, IIASA Policy Brief, 2009 година, достапно на: http://www.iiasa.ac.at/web/home/resources/publications/IIASAPolicyBriefs/pb06-web.pdf.
67. Neumann R Peter., The bullet and the ballot box: The case of the IRA, Centre for Defence Studies, King's College, London, Volume 28, 2005 година
68. Neumann R. Peter, 'Negotiating with Terrorists', Foreign Affairs, Vol. 86, No. 1,January-February 2007 година
69. Nada Simjanoska, Diplomacy as a skill of negotiations, 2017 година, достапно на: http://www.utgjiu.ro/revista/ec/pdf/2017-01/03_Nada.pdf
70. Nicolas Bayne, Stephen Wolcock, The New Economic Diplomacy, Ashgate, Aldershot, 2004 година
71. Olesya Grech, Virtual diplomacy, Diplomacy of the digital age, Малта, 2006 година
72. Љубомир Стајиќ, Основи безбедности, Полицијска Академија, Белград, 2004 година
73. Оливер Бакрески, Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2008 година

74. Olesya M. Grech, Virtual diplomacy, Diplomacy of the digital age, 2006 година, достапно на: https://www.diplomacy.edu/sites/default/files/23082010104529%20Grech%20%28Library%29.pdf
75. Operations Security, Intelligence treat Handbook, Federation of American scientist, достапно на: http://fas.org/irp/nsa/ioss/threat96/part02.htm
76. Paul Wilkinson 'Why Modern Terrorism? Differentiating types and distinguishing ideological motivations' in Charles W. Kegley Jr. (eds.) *The New Global Terrorism: Characteristics, Causes, Controls* (USA: Pearson Education, 2003 година
77. Peter Marshal, Positive diplomacy, Macmilan Press, Basingstoke, 1999 година
78. Peter Malazenuk, Akehurst Modern Introduction to International law, London: Routledge 1977 година
79. Problems in international relations: Diplomacy and Intelligence, Rutgers University, 2008 година, достапно на: https://www.afio.com/aep/YANNAKOGEORGOS_Fall_2008.pdf
80. Ronald Peter Barston, Modern Diplomacy Routledge, 2013 година
81. Радомир Милашиновић & Срђан Милашиновић: Увод у теорије конфликата, ФЦО, Белград, 2004 година
82. Ronald Peter Barston, Modern Diplomacy, London, 1996 година
83. Routledge handbook of public diplomacy, 2009 година, достапно на: http://bdinstitute.org/wp-content/uploads/2012/02/A1-handbookofpublicdiplomacy.pdf.
84. Ronald Peter Barson, Modern Diplomacy, Fourth editions, Pearson, 2013 година
85. Richard J. Hughbank, Intelligence and its role in protecting against terrorism, Journal of Strategic Security 3, 2010 година
86. Robert D. Putnam, Diplomacy and domestic politics: The logic of two level games, 1988 година, достапно на: https://www.ou.edu/uschina/texts/Putnam88Diplomacy.pdf
87. Signitzer, B. H. & Coombs, T. Public relations and public diplomacy: Conceptual convergences. Public Relations Review, 18(2), 1992 година
88. Subjects of diplomatic relations, The establishment and maintainence of diplomatic relations, достапно на: http://pracownik.kul.pl/files/20504/public/fod_2015/Diplomacy_intro.pdf

89. Sheryl J. Brown and S. Studemeister, Virtual diplomacy – Rethinking foreign policy practice in the information age, 2001 година, достапно на: https://procon.bg/system/files/07.02_Brown_Studenmeister.pdf -
90. Szakdolgozat, Hauser Judit, 2007 година, достапно на http://elib.kkf.hu/edip/D_13286.pdf.
91. Sultan Hafeez Rahman, Regional Integration and economic development in South Asia, 2012 година, достапно на: https://www.adb.org/sites/default/files/publication/29871/regional-integration-economic-development-south-asia.pdf.
92. Sidney Bailey, the United Nations, Macmillan, London, 1989 година
93. Тања Запрова Достинова, Љупчо Сотироски, Дипломатска организација дејност и професија, Штип, 2014 година
94. Timothy Shaw & Solar Oja, Africa and the International Political System, University of America Press, New York, 1982 година
95. The intelligence cycle, CIA, 2007 година, достапно на: https://www.cia.gov/kids-page/6-12th-grade/who-we-are-what-we-do/the-intelligence-cycle.html
96. Тања Милошевска, Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал, Филозофски факултет, Скопје, 2016 година
97. Tom Parker and Nick Sitter, The four horsemen of terrorism – Its not waves its strames, 2009 година, достапно на: https://people.ceu.edu/sites/people.ceu.hu/files/profile/attachment/1489/thefourhorsemenofterrorismfinaldraft.pdf
98. The role of diplomacy and soft power in Combatting terrorism, 2012 година, достапно на: http://www.tmmm.tsk.tr/publication/workshop_reports/04-Diplomacy_Soft_Power_Report.pdf
99. UN Secretary Boutros Gali and his contribution for Peacekeeping, posted by IPP on February 23, 2016 година, достапно на: https://ippjournal.wordpress.com/2016/02/23/un-secretary-general-boutros-boutros-ghali-and-his-contribution-to-peacekeeping/.
100. Vladimir Gutkovsky, "Negotiatin with Iran without Preconditions", 2011 година
101. Viena Convention on diplomatic relations, done at Viena on 18 April, United

Nations, Treaty Series, 1961 година, достапно на: http://legal.un.org/ilc/texts/instruments/english/conventions/9_1_1961.pdf.

102. Воин Димитриевиќ, Преговарање и тероризам, Београд, 2009 година.
103. Владимир Ортаковски & Марија, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014 година
104. Воин Димитриевиќ, Преговарање и тероризам, 2009 година, Белград
105. Walter Douglas, Public diplomacy for a new era (Global forecast, 2012) достапно на: https://csis-prod.s3.amazonaws.com/s3fs-public/legacy_files/files/publication/120413_gf_douglas.pdf .
106. Weinberg Leonard, Democratic Responses to Terrorism, New York, 2008 година
107. Zartman W.I. Preventive negotiations, Roqman Littlefield Publishers, Inc, Oxford, 2001 година